УДК 93/99

ISSN 0583-4961

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

ГЛАСНИК

ГЛАСНИК год. 64 бр. 2 стр. 1–130 Скопје 2020

ГЛАСНИК год. 64 бр. 2 стр. 1–130 Скопје 2020
ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА – СКОПЈЕ

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Драги Ѓоргиев, директор на ИНИ
Главен редактор на изданието: проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска
Редакција: проф. д-р Јован Донев, проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова, проф. д-р Габриела Топузовска, проф. д-р Петар Тодоров, проф. д-р Лидија Ѓурковска, проф. д-р Наталија Поповска, проф. д-р Оксана Микитенко (Украина), проф. д-р Алла Кондрашева (Русија), проф. д-р Марина Арошидзе (Грузија), проф. д-р Мехмет Инбаши (Турција), проф. д-р Амир Дурановиќ (Босна и Херцеговина)
Секретар: доц. д-р Наташа Диденко
Лектор: проф. д-р Лилјана Гушевска
Ракописите се примаат во печатена и во електронска форма на адреса:
Институт за национална историја (За редакцијата *Гласник*)
ул. „Григор Прличев“ бр. 3, п. ф. 591, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@ini.ukim.mk
Излегува двапати годишно.
Компјутерска подготовка:
Печат:
Тираж:

GLASNIK year 64 no. 2 pp. 1–130 Skopje 2020
INSTITUTE OF NATIONAL HISTORY – SKOPJE

Editor in chief: Prof. Dr. Dragi Ǵorgiev, Director of the INH
Editor in chief for this edition: Prof. Dr. Biljana Ristovska-Josifovska
Editorial Board: Prof. Dr. Jovan Donev, Prof. Dr. Nataša Kotlar-Trajkova
Prof. Dr. Gabriela Topuzovska, Prof. Dr. Petar Todorov, Prof. Dr. Lidija Ǵurkovska
Prof. Dr. Natalija Popovska, Prof. Dr. Oksana Mykytenko (Ukraine), Prof. Dr. Alla Kondrasheva (Russia), Prof. Dr. Marina Aroshidze (Georgia), Prof. Dr. Mehmet Inbaşi (Turkey), Prof. Dr. Amir Duranoviќ (Bosnia and Herzegovina)
Secretary: Doc. Dr. Nataša Didenko
Proofreading: Prof. Dr. Liljana Guševska
Manuscripts in printed and electronic form to be sent to: Institute of National History (Editorial Board of *Glasnik*), Str. Grigor Prličev 3, P.O. Box 591, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
contact@ini.ukim.mk
Printed twice a year
Typesetting and layout:
Printing:
Printed copies:

УДК 93/99 ISSN 0583-4961

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

ГЛАСНИК

МАКЕДОНИЈА: ИСТОРИЈА, ЈАЗИК, КУЛТУРА – 70 ГОДИНИ ОД ЗАВРШУВАЊЕТО НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (1949 – 2019)

ГЛАСНИК год. 64 бр. 2 стр. 1-130 Скопје 2020

СОДРЖИНА – TABLE OF CONTENTS

Предговор
Драги Ѓоргиев 5
Preface
Dragi Ǵorgiev 5

СТАТИИ – ARTICLES

Интегрирање на бегалците од егејскиот дел на Македонија во „новата“ татковина
Петар Атанасов, Бојана Наумовска 7
Integration of Refugees from the Aegean Part of Macedonia in the "New" Homeland
Petar Atanasov, Bojana Naumovska 7

Преглед на доселувањето на Македонците од егејскиот дел на Македонија во Велес и во Велешко
Ѓорѓи Малковски 27
Overview of the Immigration of Macedonians from the Aegean Part of Macedonia to Veles and the Veles Region
Ǵorǵi Malkovski 27

Граѓанската војна во Грција во македонската историографија
Катерина Мирчевска 35
The Civil War in Greece in the Macedonian Historiography
Katerina Mirčevska 35

Дијалектната лексика во делата на писателите кои потекнуваат од Егејска Македонија
Лилјана Макаријоска, Мери Цубалевска 49
The Dialect Lexics in the Works of the Writers Originating from Aegean Macedonia
Liljana Makarijoska, Meri Cubalevska 49

Неколку лексички топоси во поезијата на воденецот Ристо Јачев
Елка Јачева-Улчар 59
Several Lexical Topos in the Poetry of Risto Jačev from Voden
Elka Jačeva-Ulčar 59

Macedonian Women: the Struggles of the Greek Civil War and 70 Years of Its Ending
Stefani Taskova Miteva 65
Македонските жени: борбите на Граѓанската војна во Грција и 70 години од нејзиното завршување
Стефани Таскова Митева 65

Граѓанската војна во Грција во наставата по историја
Игор Јанев, Борче Милошески 81
Civil War in Greece in the History Teaching
Igor Janev, Borče Milošeski 81

Прикажувањето на Граѓанската војна во Грција во основното и во средното образование
Игор Јуруков 93
The Depiction of the Civil War in Greece in the Primary and Secondary Education
Igor Jurukov 93

МАТЕРИЈАЛИ – MATERIALS

Од бегалци за време на Граѓанската војна во Грција до државјани на Република Македонија
Петар Атанасов, Иван Блажевски 103
From Refugees during the Civil War in Greece to Citizens of the Republic of Macedonia
Petar Atanasov, Ivan Blaževski 103

ПРИКАЗИ – REVIEWS

Музиката во македонскиот игран филм *Црвениот коњ*
Александар Трајковски 125
The Music in the Macedonian Feature Film *The Red Horse*
Aleksandar Trajkovski 125

Гласник, 64/2, 2020, стр. 5

ПРЕДГОВОР

На 30 ноември 2019 година во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје се одржа Меѓународната научна конференција *Македонија: историја, јазик, култура – 70 години од завршувањето на Граѓанската војна во Грција (1949 – 2019)*, која беше организирана од три научни институти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“: Институтот за национална историја, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, во соработка со Републичкото здружение на децата бегалци „Т'га за југ“.

Работата на конференцијата беше поделена во три посебни сесии, и тоа: историја и образование, јазик и литература и култура и политика. Во рамките на овие три сесии беа прочитани вкупно 15 реферати, а во овој број на списанието *Гласник* се вклучени вкупно 10 од рефератите презентирани на оваа конференција. Со својата тематика и со својот пристап, тие нудат видување на Граѓанската војна во Грција и на последиците од неа од неколку различни аспекти: историски, социолошки, јазичен, културолошки, и претставуваат надополнување на литературата напишана за овој настан. Рефератите уште еднаш ја потенцираат комплексноста на тоа прашање, не само од историски и од политички туку и од емоционален и од хуманитарен аспект, во контекст на случувањата поврзани со луѓето што ги преживеале војната и голготата по неа.

Изразувајќи благодарност до сите институции што учествуваа во реализацијата на оваа конференција, верувам дека резултатите произлезени од неа ќе овозможат една нова перцепција на оваа војна, која може да биде сметана и како еден од неколкуте важни историски настани во XX век кои сè уште влијаат врз развојот на македонскиот народ.

Драги Ѓоргиев

Гласник, 64/2, 2020, стр. 7-25 СТАТИИ

UDK 316.4.063.3:314.151.3-054.73(=163.3:495.6)"19"
UDK 314.151.3-054.73(=163.3:495.6)(497.7)"19"

ИНТЕГРИРАЊЕ НА БЕГАЛЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО „НОВАТА" ТАТКОВИНА

*Петар Атанасов *, Бојана Наумовска***

Abstract: The subject of analyses of this paper will be the integration of Macedonians from Aegean part of Macedonia that in several waves in the course of 20th century settled in the Kingdom of Yugoslavia and then the Peoples Republic/Socialist Republic of Macedonia. Firstly, mainly in the region of Strumica, were settled part of the Macedonians that as result of the Balkan Wars left their homes in Greece – 'bežanci'. Then, in couple of phases, from Greece were settled Macedonians during the Second World War, as well as during and after the Civil war in Greece – 'egejci'. The main idea of the paper is to argue that besides the cultural closeness, the language and ethnic similarities, the social integration of the newcomers was rough, long and not an easy process. In this text are used data from the original research with direct participants of these events or their descendants.

Keywords: 'bežanci', 'egejci', 'children refugees', integration in Macedonian society.

Македонците, за чие потекло во западниот свет во втората половина на XX век се отвораат повеќе научни и политички дебати, особено по конституирањето на Народна Република Македонија (натаму: НР Македонија) како федерална единка во Федеративна Народна Република Југославија (натаму: ФНРЈ), се предмет на интерес уште од Берлинскиот конгрес, потоа на крајот од Балканските војни, па на двете светски војни, па сè до завршувањето на Граѓанската војна во Грција. Илјадници Македонци од егејскиот дел на Македонија за време на овие историски настани се

* Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, редовен професор, е-адреса: atanasovmk@yahoo.com.
** Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, вонреден професор, е-адреса: bojana@isppi.ukim.edu.mk.

населиле во НР Македонија/Социјалистичка Република Македонија (натаму: СР Македонија), каде што создале свои семејства и домови и каде што биле добредојдени од страна на официјалните власти во Скопје. Во рамките на низата прашања со кои се соочила македонската влада непосредно по конституирањето на НР Македонија во август 1944 година било и прашањето за прифаќањето на бегалците од егејскиот дел на Македонија кои во текот на Граѓанската војна во Грција (1946 – 1949) континуирано ги напуштале родните огништа и преминувале на територијата на ФНРЈ. Овој процес на евакуирање или присилно иселување кој започнал уште во периодот на Втората светска војна (1941 – 1944), кога во вардарскиот дел на Македонија се населила помала група бегалци од костурската, леринската и од воденската област, ќе добие особени размери непосредно пред и во текот на Граѓанската војна во Грција. Имено, во неколку помасовни брана во периодот 1945 – 1949, заклучно со 1950 година, низ територијата на НР Македонија ќе поминат 71 591 бегалец од Грција, и Грци и Македонци. За разлика од грчките бегалци, кое биле населувани во бегалската населба Булкес во Војводина, Македонците биле сместувани во НР Македонија. Во согласност со конвенциите на Организацијата на обединетите нации (натаму: ООН), овие лица имале статус на бегалци.[1] Со текот на времето бегалците се стекнале со македонско државјанство и останале да живеат во Македонија, затоа што никогаш не им било дозволено да се вратат во Грција.

Бегалците што се населиле во Република Македонија (натаму: Р Македонија)[2], во 1988 година во Скопје, 40 години по завршувањето на Граѓанската војна, ја организираат Првата светска средба на „децата бегалци“, што претставува израз на веќе изградената колективна меморија на една голема категорија население, имено, на вкупната македонска бегалска популација од грчката Граѓанска војна населена не само во НР Македонија туку и во европските и во прекуокеанските земји. Згрижувањето на децата бегалци во НР Македонија, како матица на реобединувањето на македонските бегалци од Грција кои масовно се населувале во републиката уште од 1945 година, било времено во обемниот проект на македонската влада за прифаќање, сместување, а по 1952 година и за вдомување и интегрирање на оваа категорија население во општествено-политичкиот живот на државата.[3] Според Катерина Мирчевска, историчарка од Скопје, Македонците политички емигранти од Граѓанската војна во источноевропските земји, не можејќи да се репатрираат во својата земја, од 1955 година започнуваат да се доселуваат во НР Македонија. Во периодот до крајот на 70-тите години, во Република Македонија се доселиле околу

1 Катерина Мирчевска, „Македонските бегалци од граѓанската војна во Грција во НР Македонија“. *Балканот: луѓе, војни, мир*, ИНИ, Скопје, 2015, 369.

2 Денес Република Северна Македонија (натаму: Р С. Македонија).

3 Катерина Мирчевска, „Меѓу културната меморија и општественото признавање на трауматa: светски средби на децата бегалци“, *Гласник*, 62/1–2, Скопје, 2018, 179.

10 000 бегалци од Источна Европа. Вкупната бројка на Македонци што се доселиле во НР/СР Македонија, според многубројните извештаи и земајќи ги предвид сите бегалски бранови и фази во XX век, веројатно е над 50 000 лица.

Ова е најкусиот извештај што може да се напише за една национална сага на еден народ кој во бурните години на XX век ги искусил сите страдања од војните и од внатрешните конфликти на Балканот, како последица од големодржавните политики на малите балкански држави предводени или поддржани од големите светски сили. Македонците од егејскиот дел на Македонија во повеќе бранови, особено кон крајот на Граѓанската војна во Грција, започнале масовно да влегуваат во НР/СР Македонија, но многумина од нив завршиле како политички бегалци во Русија, Чехословачка, Унгарија, Романија и во Полска. Овие Македонци или голем дел од нив сонувале да се вратат во своите родни домови во Грција. Враќањето во НР Македонија било најчесто со цел привремено да се населат тука, за по евентуалните политички промени во Грција да се вратат назад во земјата во која се родиле. Македонија, како матична држава на Македонците, ги згрижила овие бегалци и овој текст сведочи за нивното враќање во Македонија, за процесот на интегрирање во македонското општество и за нивното вклучување во економскиот живот во новата држава.

Во овој текст се користени податоци од истражување изведено со директни учесници во овие настани или со нивни наследници. Беа спроведени истражувања со неколку фокус-групи главно со „деца бегалци“ во Скопје, но и фокус-групи во Штип и во Струмица. Струмичката фокус-група имаше за цел да опфати уште една бегалска популација од Грција – „бежанците“. Нивните патешествија и семејни драми се различни и ги има онолку колку што има и семејства. Следните сведоштва се од учесниците во ова истражување и претставуваат одговор на прашањето кои се овие бегалци и од каде дошле[4]:

> „Бугарите и Србите манипулирале со историјата и со ’нас‘. И ние често сме збунети, не знаеме од каде потекнуваме. Моите од парадедо, сите сме Македонци од Егејска Македонија. Најмалку сме 300 години од истото село. За време турско сѐ стоеше, времето како да беше застанало.“

[4] Истражувањето за овој текст беше спроведено во ноември и во декември 2019 година. Беа организирани четири фокус-групи, две во Скопје и по една во Штип и во Струмица. Во фокус-групите учествуваа вкупно 28 бегалци, сега на возраст од 60 до 80 години. Фокус-групите беа организирани со поддршка на Републичкото здружение на децата бегалци и на нивните потомци од егејскиот дел на Македонија „Т’ГА ЗА ЈУГ“ во Скопје, Штип и во Струмица. Фокус-групите ги реализираше Петар Атанасов од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ. Цитатите во текстот се дадени во оргинал, но без имињата на интервјуираните.

„Јас сум живеел и растел со приказните од нашите партизани во Ташкент. Татко ми поминал 2-3 години во борбите. Според кажувањата, во последните борби на Вичо и на Грамос имаше малку војска на ДАГ и политички комесари ги земаа децата Македонци од Војводина, Унгарија, Романија, тие беа малолетни на 16 години. Само Полска не ги пушти."

„Во Полска нè викаа Грци. Ние се редевме под грчкото знаме. Јас секогаш сум бил и сум останал Македонец. Во Полска имавме и македонски и грчки учители. Имав еден учител од Поздивишта. Со него ние бевме Македонци. Прво донесоа книги со бугарско писмо и ние ги фрливме. Па донесоа други книги со нова азбука."

„За историјата на Македонците од Граѓанската војна наваму јас сум учел од татко ми. Татко ми беше писмен човек, учител, педагог. Ме тераше уште од млад да читам. Јас читав на македонски, иако ми беше тешко, бевме во Полска и учевме на полски јазик и на латиница. Македонскиот јазик се пишуваше на кирилица. Кога се вративме овде, сè беше полесно."

За разлика од многубројните пропаганди на „политичките" историчари од балканските земји, на Македонците од Егејска Македонија им било јасно од каде се и кои се. Во прилог на тоа доволно зборува фактот што во периодот од 1 март 1948 до август 1949 година, за време на Граѓанската војна во Грција, во овој дел на Грција особено значење имал органот на АФЖ, списанието *Нова Македонка*, кое излегувало еднаш месечно, а било пишувано двојазично, на македонски и на грчки јазик. Жените во егејскиот дел на Македонија имале забележливо учество „во работата на органите на народната власт, во чии рамки имало посебни женски комисии или комитети, во културно-просветниот живот на македонското население, во описменувањето на македонските деца на мајчин јазик. Голем број Македонки ги завршиле курсевите за народни учители организирани од НОФ, по што се вклучиле во наставата на мајчин македонски јазик, реализирана во 87-те новоотворени македонски училишта во егејскиот дел на Македонија."[5] Според К.Мирчевска, „негативниот исход за движењето на отпорот во војната [се мисли на Втората светска војна – заб. наша], што било во релација со политичкиот неуспех на ЕАМ, формално потврден со Договорот во Варкиза (од 12 февруари 1945 година), кој ја втурнал земјата во Граѓанска војна, отворил една нова фаза во активноста на Македонците од егејскиот дел на Македонија во која тие, уште пред формалното

5 Катерина Мирчевска. „Македонката во националноослободителното движење во егејскиот дел на Македонија (1941-1949)", *Гласник*, 57/1–2, Скопје, 2013, 130.

започнување на новиот оружен конфликт, дејствувале преку своја македонска национална организација.“[6]

Во 2016 година во Канада е одбранета докторска дисертација на тема *Пионот што сакал да биде Крал: Македонските Словени во Граѓанската војна во Грција, 1946 – 1949* (James Richard Horncastle, *The Pawn that would be King: Macedonian Slavs in the Greek Civil War, 1946–49)*[7], во која детално се анализира положбата на Македонците. Оваа докторска дисертација покажува дека Македонците „славофони“[8] ги изведувале своите акции со значајна независност наспроти екстремните притисоци што ги вршеле надворешните учесници врз нив. Македонците „славофони“[9] како субјект, всушност, во целост влијаеле врз развојот на македонскиот идентитет. Историски, според авторот на дисертацијата одбранета на Универзитетот „Симон Фрејзер“ (Simon Fraser University) во Канада, „меѓусебната нетолерантност на балканските национални движења несвесно помогнала да се појави уште едно движење кое ќе се натпреварува за срцата и за мислите на отоманска Македонија: македонското национално движење. Исто така, Комунистичката партија на Грција – КПГ и Народноослободителниот фронт на Грција – ЕАМ, како организирани политички сили, јавно го признавале постоењето на македонското национално малцинство, а со тоа и правата што следувале од тоа признавање. Весникот 'Ризоспастис', орган на КПГ, најпрво на 16 јуни 1945 година ја објавил статијата со наслов 'Политиката на национална рамноправност', а на 8 јули 1945 година ја објавил статијата со наслов 'Вистината за Словеномакедонците', во која децидно се признавало постоењето на одделна македонска национална свест, македонско национално малцинство во Грција и правата што произлегуваат од таквиот став.“[10] Можеби не сите сиромашни и неписмени селани, но дел од образованите Македонци од овој рурално неразвиен дел на Грција точно знаеле кои се по потекло, дека историјата во изминатите години не им била многу наклонета, дека сакаат да изградат подобра иднина за својот народ и дека доколку не земат оружје в рака, нема да ги добијат човечките правдини што ги барале – да живеат слободно и да учат на мајчиниот јазик.

Поради познатите историски причини, оваа борба не била успешна, а Македонците (партизаните, цивилното население и децата бегалци) масовно биле евакуирани и се населиле прво во НР/СР Македонија и во неколку источноевропски држави,

6 Ibid., 126.

7 Dissertation Submitted in Partial Fulfillment of the Requirements for the Degree of Doctor of Philosophy in the Department of History Faculty of Arts and Social Sciences © James Richard Horncastle 2016, SIMON FRASER UNIVERSITY, Fall 2016 (проверено на: 15 февруари 2020).

8 Ibidem.

9 Ibidem

10 Александар Литовски, „Македонците од егејскиот дел на Македонија и Грција во 1945 година“, *Балканот: луѓе, војни и мир*, Скопје, 2015, 383–394.

многумина иселувајќи се и во прекуокеанските земји, каде што некои од нив веќе имале свои роднини (Австралија, Америка и Канада). Голем дел од нив се вратиле и трајно се населиле во НР/СР Македонија.

Односот на населението кон Егејците

Ако може да се дефинира судбината на оваа бегалска популација, тогаш најблиску е констатацијата дека „контекстот на сите наведени околности во кои биле македонските бегалци од егејскиот дел на Македонија создал од нив затворена социјално-општествена категорија – позната под името 'егејци', кои живееле во својот свет на талкање од своите корени до новата татковина долго по населувањето во НР Македонија."[11] Ова било патување без враќање, но тоа на почетокот никој не го знаел. Населувањето во НР/СР Македонија се одвивало во неколку брана. Првите две фази биле кон крајот и по завршувањето на Граѓанската војна во Грција. Третата фаза започнала во 1968 година и траела сè до крајот на 70-тите, односно до почетокот на 80-тите години, кога доселувањето продолжило, но по точно утврдени планови со годишни квоти на доселување, чија големина била условена од динамиката на изградба на станови наменети за бегалците, како основен предуслов за нивното доаѓање. Во НР/СР Македонија на крајот од 70-тите години биле евидентирани околу 35 000 бегалци, од кои повеќе од 10 000 се доселиле од источноевропските земји. Во 1968 година југословенско државјанство веќе имале околу 16 000 од нив, односно повеќе од половината.[12]

Во продолжение ќе ги презентираме одговорите на прашањата како поминале првите години по доселувањето во НР/СР Македонија, како се чувствувале и како на овие луѓе реагирале староседелците:

> „Од кога сум роден, јас сум Македонец. Кога татко ми рече дека ќе одиме во Македонија, јас знаев дека сум Македонец. Кога дојдов овде во Скопје, дознав дека сум Егеец. Пред тоа не знаев. И порано, во Русија, и денес се чувствувам како Македонец. Кога ќе ме прашаат зошто сум роден во Русија, тогаш им раскажувам за Граѓанската војна, како се случило сето тоа."

> „Оваа поделба, на Егејци или Вардарци, ја користат неедуцирани, пониски слоеви од населението. Често сум слушал како даваат разни епитети и се обраќаат до мене, на пример: 'Што мајка барате уште тука?'

[11] Katerina Mircevska, „Izbeglice u Jugoslaviju tokom građanskog rata u Grčkoj", *YU historija*, Skopje 2015, Преземено од: http://www.yuhistorija.com/serbian/drustvo_txt01c3.html (проверено на: 15 февруари 2020).

[12] Ibidem.

Не се идентификувам како Егеец особено затоа што по татко сум од Вардарска, а по мајка од Беломорска Македонија. Епитетот Егејци е измислен во службите за безбедност, за доселените Македонци да се означат како бегалци, како нешто различно.“

„Јас имав неколку браќа и една сестра. Штипјани кога дојдоме нè нарекуваа Егејци. Не нè пречекаа убаво, ни викаа: ’Кај сте бе, Егејци?‘ Од Драма нашите тука дошле со колци за тутун. Им се плашеле тукашните. Ние немавме ништо, сиромаштија. Во Ерџелија подобро нè пречекаа. Сè беше многу подобро. Од сто души, еден ќе те навреди.“

„За популацијата овде во Македонија ние бевме бегалци од егејскиот дел на Македонија, којшто беше најпрвин именуван како беломорски, а потоа се именуваше како егејски дел. Меѓутоа, поголем дел од луѓето нè ословуваа како Егејци.“

„Мислам дека таму каде што има присутни Егејци, околината или луѓето го знаат нашето потекло, од каде сме. Дека сме и ние Македонци. Но, сепак, тогаш имаше предрасуди за Егејците. Тоа беше во 60-тите години. Имав и школски другар кој секогаш кога ќе се сретневме ќе ми кажеше: ’Кај си бе, Егеец?‘ Како на шала.“

„Ние во тоа време (во 50-тите) имавме културно-забавен живот во зграда која се нарекуваше ’Егејски дом‘. Имавме забави, игранки, каде што ние, младите, се собиравме. Тоа беше, мислам, на улица ’Орце Николов‘. Имавме приредби на кои се собиравме повеќето заедно. И самите себеси се разликувавме како Егејци.“

„Интересна е тезата дека сме именувани како Егејци од службите за безбедност, за полесно да се идентификуваат луѓето. Исто така, требало да се амортизира енергијата и да не се направи политички проблем. Затоа и бевме населувани по различни градови. Да нема концентрација на Егејци.“

„Негативна конотација имаше, добивме име... Егејци... Тоа беше повеќе од страна на тукашните што не знаеја многу за нас.“

„Кога отидовме во источноевропските земји, прво нè нарекуваа Грци. Таму командуваа претставници на Комунистичката партија на Грција.[13] Ние одевме кај еден наш кој нè учеше македонски. На наши-

[13] Види повеќе кај: Петре Наковски, „Македонски деца во Полска – 1948-1968“, Млад борец, Скопје, 1987. Во оваа политиколошка студија се објаснува како по евакуацијата на партизаните од ДАГ, во неколку источноевропски земји се формирале „грчки општини“ каде што

те свидетелства од првите одделенија пишуваше дека сме Грци по националност. Потоа се буневме, па почнаа да ни пишат дека сме по националност Македонци. Кога дојдовме тука, нѐ нарекуваа Егејци. Се бунеа тукашните, велеа дека сме им ги земале становите, дека на сите ни се обезбеди работа."

„Моето мислење за таа работа е дека имињата Егеец и бежанец се наметнати од месното население. Во тие времиња целта беше да те навреди некој. 'Ај бе, бежанец!' 'Ај бе, Егеец!' Егеец беше понавредливо. Имав такво чувство. Сум живеел во бежанско маало, кога се префрлив во новото маало, ме вреѓаа на некој начин. Особено начинот на којшто зборував. Сега сето тоа е заборавено, поминало."

Така изгледаат личните сведоштва на Македонците доселени во НР/СР Македонија и нивните сеќавање на времето кое не било лесно ниту за „дојденците", ниту за „тукашните". Во овие сведоштва има емотивни сеќавања, но во најголем дел се лични искуства за преживеаното бреме. Со текот на времето прашината од целиот процес почнала да спласнува, а животот продолжил.

Во СР Македонија во 1950 година биле евидентирани 3 815 бегалски семејства со 17 699 члена и околу 8 000 македонски бегалци, кои во 1948 година, со оглед на ограниченоста на сместувачките капацитети во НР Македонија, биле привремено преселени во местата Гаково и Крушевље во Војводина. По нивното повторно населување во НР Македонија на почетокот на 50-тите години, бројот на бегалското население се зголемил на 5 749 семејства со 24 880 члена. Долгогодишниот проект за нивно населување на македонската влада опфаќал нивно сместување во станбени капацитети, вработување, вклучување на децата во образовните институции, како и трансформирање на нивниот статус од емигранти во полноправни граѓани во почетокот на петтата деценија преку добивање југословенско државјанство. Овој процес ќе го достигне својот најголем интензитет во 70-тите години, кога во Македонија ќе почнат да се доселуваат голем број Македонци од Егејска Македонија, политички бегалци од Граѓанската војна во земјите од источниот блок.[14] Кај нив, сепак, сѐ уште

командувале Грци, претставници на КПГ, кои живееле во егзил и се подготвувале за продолжување на Граѓанската војна. Меѓу командувачкиот кадар немало Македонци, додека Грците цело време се обидувале да ги контролираат партизаните по потекло Македонци, но и сите Македонци кои живееле во овие заедници. Во овие заедници имало подеднакво и Грци и Македонци, но мнозинството од децата биле Македонци. Грците настојувале пред домаќините во Полска да ги претстават Македонците како Грци и инсистирале на тоа образованието на децата бегалци да се одвива на грчки јазик или на пробугарски јазик (затоа им биле и испечатени „учебници" од Романија). Но по завршувањето на Граѓанската војна во 1949 година, Македонците успеале да го променат ова, а образованието, барем во Полска, потоа се одвивало главно на полски и на македонски јазик.

[14] К. Мирчевска, „Меѓу културната меморија...", 177–187.

била присутна надежта за враќање во родните места, таму каде што сè уште имале живи членови на семејството, а доаѓањето во Македонија го сметале за привремено решение.

Сите настани во тоа време будно ги следел и ги анализирал ЦК на КПМ, кој во средината на 1950 година го формирал Здружението за бегалците од Егејска Македонија со задача „да ги развива политичките и културно-просветните активности со Егејците“ и „да помогне во решавањето на нивните економски проблеми“. Со иста задача наредната година била формирана и посебна Комисија за бегалците при ЦК на КПМ. Преку овие тела, со оглед на „слабата општествено-политичка и културна ангажираност“ на бегалците, што било констатирано во многу документи, партијата требало да ја контролира и да ја насочува ситуацијата на теренот. Таквата ситуација со „слабата општествено-политичката ангажираност“ била последица на многубројните тешкотии и на бавното решавање на основните егзистенцијални проблеми поврзани со домувањето, на одбивањето на бегалците да се соочат со суровата реалност во поглед на неможноста да се вратат во родните места, на раздвоеноста на семејствата и на интензивната меѓусебна комуникација преку концентрацијата на тоа население на одредени локации. Таквите околности директно влијаеле на тоа оваа категорија население да биде живо заинтересирано за сè што се случува „доле“ (во Грција, според К. Мирчевска), за сè што се случува со другите членови на семејствата во „непријателските земји“ (источноевропските „инфромбировски“ земји, според К. Мирчевска), па затоа тоа, со оглед на ситуацијата, многу тешко се приспособувало на општествено-политичкото секојдневје во НР Македонија.[15]

Меѓутоа, животот не можел да застане, тој продолжувал, а луѓето полека почнале да си го организираат животот и да се здомуваат. Во тоа време веројатно постоела и извесна недоверба кон овие „емигранти“, како од страна на населението така и од страна на државата, затоа што времињата биле немирни, а односите меѓу државите сè уште не биле стабилизирани по сите тие историски турбуленции. Еве дел од сеќавањата на тие денови:

> „Некои од луѓето викаа: ’Шо не си ојте?‘ Штипјани мислеа дека сè што добиваме е на нивна штета. Ние често си помагавме. Кога се градеше некоја куќа, сите помагаа. Тоа им беше чудно. Се прашуваа како за 2-3 години успеавме и да се вработиме и куќи да направиме...“
>
> „Јас сум роден во Мичурин, како дете на Егејци. Моите се дојдени од Војводина и од Полска. Мене, откако се преселивме во друга населба, тукашните ме нарекуваа Грче. Бевме единствено егејско семејство во цело маало. Именувањето беше со лоша конотација. Веројатно затоа

[15] К. Mircevska, „Izbeglice...“.

како што сум растел, сум се трудел процентите на тукашност да ги зголемам.“

„Јас кога дојдов, живеев во Мичурин, се движев во егејска средина. Ги гледав нашите луѓе, го слушав нашиот јазик и не ми беше лесно да се претставувам пред другите луѓе. Ја гледав таа етничка група која се разликува од новата средина. Чувствував нелагодност. Како Егеец од Егејска Македонија. Тоа чувство го потиснував во себе и избегнував да бидам откриен дека сум Егеец. Но, како времето минуваше, јас бев сè подобар и подобар, растев, се развивав, учев и стигна времето кога не требаше повеќе да се плашиме. Бев успешен и сигурен во себе, имав добри резултати и се формирав како личност.“

„Кога дојдоме, само штипјани нè викаа Егејци. Ние дојдоме со грчки документи. Имавме лични карти за „странци“. Пишеше дека сме од Грција.“

„И Егејците во Струмичко не биле со раширени раце прифатени. Но, работата им помогнала да опстојат и да се интегрираат. Како аргати многу работеле, добивале дневници и заработувале пари. Моите се распоредни во Градошорци. Првата година им било најтешко. Им давале црвливо јадење да јадат. Но, третата година локалното население од бежанците веќе земало жито на заем.“

„Долго време по селата не доволуваа да се склучуваат бракови меѓу Егејците и тукашните. Прашуваа дали јадеме свинско. Не знаеја многу за нас Егејците. Немаа свест дека сме еден народ. Обичниот народ немаше информации за нас.“

„Локалното население беше љубоморно што се вработувавме. Ние бевме работливи луѓе, секаде сме биле добри и сме работеле. Никогаш не сме осудувани за што било.“

Голем дел од Егејците во Скопје, тие што дошле од Источна Европа, биле со повисока култура, со завршени степени на образование. Кај Егејците тогаш имало чувство дека треба да се преживее. Дека треба да се успее за да се живее подобро. За брзо време го подобриле статусот. Биле образовани во земјите каде што биле евакуирани во време кога немало многу можности за образование. Поради тоа, многумина немале проблеми со вработувањето и со интегрирањето:

„Нè прифатија овде и се интегриравме. Значи, општеството воопшто не нè елиминира, напротив, ни беше дадена комплетна слобода за да ги

покажеме своите квалитети. Мислам дека бегалците и децата на бегалците се како некој зачин, даваат една нијанса на повисок квалитет. Тие што дојдоа од други држави дојдоа со образование, со животна школа, со однесување, со завршени технички школи.“

„Во поглед на амбициите мои во животот, не само мои, претпоставувам и на другите Егејци дојдени од Чешка, Полска, Русија, се чувствувам различен. Зошто? Јас имам свое мислење за таа работа. Бидејќи ние дојдени од други земји, држави, бевме во ситуација да го почнеме нашиот живот од нула, во економска смисла. Тоа ни даваше мотив да се бориме повеќе за да успееме во нешто. Да го подобриме нивото на животот.“

„Претпоставувам дека Егејците беа ставени во улога на почетници кога дојдоа овде и мораа да се борат. Но, мотивацијата што ја имавме за да успееме и да се докажеме во животот е нешто посебно. Јас тргнувам од себеси и претпоставувам дека е тоа случај и кај другите. Се чувствувам поинаков бидејќи многумина дојдовме со повисоки професионални квалификации и квалитети. Таму каде што јас работев првите инженери беа од Полска и од Русија.“

„Ние кога дојдовме од таму од каде што избегавме од Грција, тука немавме ниви, немавме егзистенција. Ние почнавме да живееме само од вложениот труд и работа во фирми, без капитал и сопствени средства. Затоа ние и нашите деца се дадовме на образование, кое ни го овозможи државата, да можеме да се школуваме. Така дојдовме до повисоко образование и подобри услови за живот. Државата го нудеше тоа на сите, ама ние сме го искористиле тоа како можност.“

„Се знаеше дека сме дојдени. Дека сме некои други Македонци. Но јас се чувствувам горд на своето семејство, на минатото на моето семејство, на нивните сеќавања, успеси, на нашето потекло од селото Д’мбени и на нивната улога во Илинденското востание. Дојдовме овде школувани, како формирани личности, а Македонија имаше потреба од такви кадри. Станавме успешни луѓе, инженери, директори. Тогаш доаѓаа генерации кои имаа повисоко образование и имаа стекнати навики од други општества.“

„Државата со тек на времето целосно го презела на себе населувањето на Егејците. Веројатно сфатиле дека овие луѓе немаат каде да одат зашто се Македонци. Многумина се населувале во Битола. Блиску до границата, до Лерин.“

Односот на државата кон бегалците

„На 21 октомври 1968 година една група Егејци побарале состанок со Крсте Црвенковски, тогаш висок функционер во југословенската федерација, за да поразговараат за Македонците што доаѓаат од источните земји на Европа и за некои нивни проблеми во СР Македонија. Сакале да постават на дневен ред за дискусија прашања од интеграцијата на егејците и да поразговараат за животот и дејноста на 'егејските Македонци', истакнувајќи дека сакаат тие самите да се вклучат во политичкиот живот, да земат дел од товарот и одговорноста во решавањето на одредени проблеми. На разговорот групата е дојдена од една интегрална позиција на Македонци и граѓани на СР Македонија, затоа што, како што велат, не сакаат да се постават како нешто одделно туку обратно. К. Црвенковски посебно се задржал на положбата и позицијата на 'Егејците повратници', истакнувајќи дека тие наидуваат на доста тешкотии дотолку повеќе што се среќаваат со една нова стварност и што досега биле под влијание на многу пропаганди. Тој посебно истакна дека сите тие треба да се интегрираат во нашата република и да се ценат спрема она што денес овде во СР Македонија го вградуваат во општествено-политичкиот, економскиот и културниот живот, како нејзини граѓани и како во своја земја. Тоа учество треба да значи и соодветна партиципација во највисоките органи на Сојузот на комунистите на Македонија и во другите претставнички тела на републиката, како и земање на одговорни функции. Со тоа уште повеќе ќе се забрза процесот на интеграцијата. Исто така, треба да се води сметка и за фактот луѓето надвор од нашата граница – 'Македонците оваа земја да ја почувствуваат како своја заедница и како таква да ја ценат'."[16]

Подолгиот цитат беше даден за да се види именувањето на оваа популација на официјално ниво, но и да се види какво било значењето на доселените бегалци за официјаните лица на НР/СР Македонија во Југославија. Именувањето на бегалците со термините „егејските Македонци" и „Егејците повратници" значи дека државата точно знаела дека овие луѓе немаат друга татковина и дека не постои друго место, особено на Балканот, каде што можат да бидат Македонци. Дека ова е нивната и татковина и домовина. Затоа и изјавата на К. Црвенковски дека Македонците треба да ја почувствуваат оваа земја како своја заедница и како таква да ја ценат значи дека единствена матична држава на Македонците, историски, е само НР/СР Македонија.

Од почетокот на 50-тите години, кога веќе станало јасно дека бегалците нема да се вратат „назад", ова прашање ќе забележи нагорна линија, пред сè поради фактот што со поседувањето југословенско државјанство, тие ги имале сите уставно зага-

16 Тодор Чепреганов, Катерина Мирчевска, „Документ за положбата на Македонците од егејскиот дел на на Македонија во СР Македонија од 1968 година", *Гласник*, 55/1–2, Скопје, 2011, 211–219.

рантирани права како и другите државјани.[17] Затоа на средбата со К. Црвенковски се заклучило да се дејствува со план: Македонците Егејци да се населуваат во оние места во СР Македонија од кои се имаат иселено огромен број Македонци: „И затоа населувањето на Македонците егејци треба да се врши на целата територија на СР Македонија, а особено на оние места од кои што се иселуваат нашите граѓани.“[18]

Грижата околу оваа категорија население била поврзана со големи финансиски издатоци и организациски и кадровски решенија на товар на сојузната и на македонската влада. Институциите на власта се соочиле со голем број прашања, чие решавање ќе се пролонгира во текот на следните неколку децении. Трајното населување во НР Македонија и постојаниот пораст на ова население, чиј број значително ќе се зголеми со интензивирањето на процесот на доселување на Македонците од егејскиот дел на Македонија населени во земјите на источниот блок по Граѓанската војна, ќе претставува дополнително отежнување во конечното заокружување на прашањето за бегалците. Вкупните материјални трошоци на Министерството потрошени за бегалците, вклучително и трошоците за изградба на таканаречените „егејски“ станови, во периодот 1945 – 1960 година изнесувале 4 001 873 165 динари (999 873 165 за станови и помош, 800 000 000 за станови, 1 977 000 000 за станови и 225 000 000 за помош и стипендии).[19]

„Според непотполни податоци од јануари 1951 година, од вкупно 17 699 бегалци, односно 3 957 семејства и 1 681 самец, во државните стопанства биле сместени и вработени 813 семејства со 3 529 членови, во селските работни задруги 236 семејства со 1 200 членови, а другите биле сместени во градовите и работеле во разни претпријатија, фабрики и институции. До 1955 година, кога во НР Македонија почнале да се населуваат бегалците од источноевропските земји, евидентирањето на вработеноста на ’стародојдените‘ бегалци веќе било вклучено во евиденцијата што органите на трудот ја воделе за сите граѓани на НР Македонија, што укажува дека прашањето на вработувањето на овие лица државата го третирала, повеќе или помалку, за решено. Повторната актуелизација на прашањето настаната со приливот на 4 560 нови бегалци во периодот 1955 – 1960 година барала посериозен пристап кон неговото решавање, заради што државните институции презеле соодветни мерки.“[20]

Статусот на бегалците, нивното вдомување и нивното вработување биле трите најважни теми кои го преокупирале вниманието. Иако вработувањето на Егејците не беше посебно опфатено како тема во истражувањето, учесниците во фокус-групите, особено во таа во Штип, сакаа да зборуваат за овие моменти кога се граделе многу важни стопански објекти во градот, а меѓу првовработените биле токму Егејците:

17 К. Мирчевска, „Македонските бегалци...“, 369.
18 Т. Чепреганов, К. Мирчевска, „Документ...“, 217.
19 К. Мирчевска, „Македонските бегалци...“, 371.
20 Ibid., 376–377.

„Кога почна да се гради 'Македонка', татко ми прв го земаа како добар sидар. Ние од село Ранци сме познати како добри sидари. Ако сакаш некој да ти тише, викни луѓе од Ранци. Татко ми работеше со камен. Кога се правеше 'Македонка', се градеше со цигли и за татко ми тоа беше многу лесно. Стално беше ударник. 1952 го ставија прв на работничкото самоуправување како претседател иако беше неписмен."

„Јас се вработив во 'Македонка' во книговодство со средно економско. Бев книговодител. 'Македонка' имаше 6 000 вработени. Во 'Македонка' се вработија многу Егејци. Имаше вработено 700-800 Егејци."

„Со нас, Егејците, отвори стопанство – 'Црвена sвезда' во Штип. Прво нас нè примија, а после другите староседелци."

„Кога се градеше Пиринска (во градот Штип), во тие згради влегоа 60 % од милицијата и од собранието. А помалку Егејци добија станови. Тоа беше политика. Веројатно немаа доверба во нас како население кое е доселено и не припаѓа овде."

Постоело одредено незадоволство од целата таа состојба придружено со посебното истакнување на желбата за враќање во Грција, која сè уште била силна. Тоа, веројатно, не било со идеолошка заднина. Но, според Комунистичката партија на Македонија, бегалската средина претставувала „плодна почва за продирање на непријателската пропаганда од информбировските земји", што се манифестирало преку повремените појави на незадоволство и критизерство (од положбата во НР Македонија – К. Мирчевска), како и преку постојаниот интерес за настаните во инволвираните земји и особено со појавената желба за враќање во Грција. Таков бил случајот со, според нецелосни статистики, околу 3 000 души „со исти ставови по одредени прашања, без примено југословенско државјанство и културно позаостанати од другите, кои во 1951 година побарале од грчкиот конзулат во Скопје да им се дозволи да се вратат во Грција".[21]

Историјата на Балканот е жива материја, особено за семејствата што ги преживувале овие голготи. Понекогаш историјата ви се случува пред очите, тоа е она што сте го доживеале лично. Не било важно дали тоа им е јасно на луѓето или не, зашто никој од оние што одлучувале во тие времиња не се занимавал многу со информирање на населението. Информирањето било сведено на државна пропаганда. Немало семејство кое во текот на својата историја немало барем еден војник во која било држава или војска во регионот, на целиот простор на географска Македонија. Кога ќе се роди некој, било прашање на биологијата, а времето во кое се родил, особено во

21 Ibid., 381.

периодот од 1875 до 1918 година, било најнестабилниот период во нашата историја, исполнет со најмногу страдања. Еден живот бил само една бројка во статистичките прегледи на Големите сили, на новонастанатите мали балкански држави или едноставен статистички податок за загинатите во некоја битка или војна. Секое семејство е еден мал историски наратив:

„Татко ми, пак, служел војска во три држави. А живеел во исто место. Прво бил српски војник, кога Бугарите ја окупирале Струмица бил бугарски војник. Во војската стално му викале Македон-Булгар. Потоа го мобилизираат и станува југословенски војник. Тргнале на Сремски фронт. Но, во Косово ги симнале и им кажале победивме, одете си дома. Се враќале пешки.“

„За време на Југославија не се водеше сметка за тоа кој си, што си. Сите бевме исто. Класно општество. Не беше важно дали си Егеец, дали си бежанец. Немаше начин тоа да се истакне. Како се задржал терминот бежанец? Мора да бил многу силен штом се сочувал. Сепак, етничкиот мозаик на Балканот постојано живеел, некаде заедно со политиката, некаде во балканското подземје – во семејството.“

„Јас бев доктор 15 години на Беласица. И кога гостувавме, за да нѐ навредат, ни викаа Бугари, поради близината на јазикот со бугарскиот. Никој во нашето семејство не се чувствувал Бугарин. Отсекогаш сме биле Македонци. Овде имало најмалку бугарофили шо ги викаат. Повеќе бугарофили имало во Охрид и во Битола.“

„И во грцко и во турско нашите во Грција работеле, главно, на земјата, саделе сѐ што можеле. На бежанците што дошле тука им било тешко, ама на Македонците што останале долу им било најтешко. Грците не ги признавале како Македонци и полицијата ги малтретирала ако зборувале по нашки. Многу од нашите и не знаеле грцки. Биле, главно, неписмени.“

„Бежанците што отишле во Бугарија немале големи проблеми. Но, тие луѓе таму изградиле бугарска национална свест. Тие денес се декларираат како Бугари. Веројатно државата имала таков интерес и го градела тоа чувство. Кај нашите што емигрирале во Бугарија немало празно место во нивните глави дека се Македонци. Тие постојано тоа го примале како информација – дека се Бугари од Македонија. Тие, исто така, учеле историја дека Бугарите во Македонија биле ослободители. Во самата Бугарија луѓето од Благоевград ги викаат Македонци.“

„Јас очекував од Грците да го укинат Законот за репатријација само на Грци. Да го укинат Законот за тие што не се Грци по род. Сите се извинија, само Грците не се извинија за злоделата што ги правеле. Грците сакаат ништо да не се отвори како прашање. Да не се зборува за тоа. И Грците не смеат за тоа да пишуваат и да истражуваат."

„Треба да си ги браниме корените, и културата, и просторот. Јас имам роднини доле и тешко оди. Велат дека се Грци. Заборавиле што и како било."

Бежанците како претходница на Егејците

Во овој текст е даден и мал осврт за „бежанците", бегалци од Грција населени во струмичкиот крај. „Бежанците" се релативно мала група од неколку илјади луѓе кои се дојдени во Македонија по Балканските војни и се по потекло, главно, од околината на Кукуш и на Сер. Нивното населување во Македонија (тогаш територија во рамките на Кралството Југославија) е резултат на историските процеси поврзани со Балканските војни. Во секој случај, независно од периодот на доселување во Македонија, тие се Македонци по потекло од Грција. Бежанците се сместувале по селата и во градот Струмица, по куќи кои биле напуштени од Турците, кои само што почнале да се враќаат во Турција. Според сведоштвата на бежанците, тие не биле добро прифатени од локалното население. Живееле како во гето. Се хранеле со тоа што ќе го најделе по нивите. Биле сместени во повеќе села. Долго време не се женеле и не се мажеле со староседелците затоа што постојано викале: „Утре ќе си ојме." Затоа и некои од бежанците не сакале ништо да сменат во околината на куќите во кои се вселиле, „ниту камен да преместат", затоа што сакале еден ден да си одат.

„Кога дошле Егејците, било немаштија, немало ни лепче. Кога се дојдени бежанците по 1912, овде дошле на релативно ненаселен простор. Бежанците почнале да купуваат земја, ниви. Имало тогаш стари куќи, напуштени од Турците, и можело да се земат. Егејците, пак, биле распоредени по селата, како во логори. Да, биле под заштита на државата. Но, не биле прифатени од луѓето. Често биле раселувани."

„Бежанците од државата беа прифатени, ама од граѓанството не. И денеска не се прифатени. Ние самите се еманципиравме и се снајдовме, но, генерално, населението никогаш не нè прифати. Ние останавме без ништо. Немавме земја никаде, немавме ништо како сопственост. Останавме без леб и без работа. Според сеќавањата на нашите луѓе, секогаш постоела недовербата спрема Егејците."

„Бежанците се дојдени од нивите. Ептен без ништо дошле. Овде сами си создале нешто. Искинати и нечисти. Изгледале страшно. Имале капи селски и не биле прифатени од тукашните. Тоа траело од 1913, едно десетина години. Потоа почнале и да се мажат и да се женат. Знам за една девојка бежанка која се мажела за некого тукашен. Не ги давале ќерките затоа што не знаеле дали овие луѓе еден ден ќе си одат назад за Грција. Населението не ги прифаќало лесно.“

„Бежанците дошле голи и боси, од полето како што работеле. Исончани и испечени, некои директно од нивата, некои со колски коли. Они буквално се дојдени од нивата. Од страв да не бидат исколени. Дошле овде во Струмица надвор од градот, ама тој дел денес е центар. Градот бил на брдото. Егејците се зад стадионот. Бежанците се подалеку.“

„За разлика од Егејците, во почетокот од бежанците имало одреден страв. Бежанците за неколку години успеале да си купат земја. Биле вредни луѓе. Почнале да си купуваат и куќи, помали, поголеми, па некое дуќанче. Со својата работливост брзо се интегрирале. Децата ги плашеле дека ако не се мирни, ќе ги даделе на бежанците.“

„Бежанците со работа и со учење потполно се интегрирале во општеството. Многу интелектуалци денес се по потекло бежанци. Вредни луѓе, учени и интелигентни. И децата нивни се добро интегрирани. Ги има насекаде.“

„По селата луѓето правеле проблеми. Иако бежанците патувале со месеци за да стигнат до тука, во едно село застанале и формирале жив sид и не ги примале луѓето. Некои биле распарталени, некои со вошки, некои болни. Ден-денес така ги плашат децата, со бежанците – ако не слушаш, ќе те дадеме на бежанците.“

„Од што се плашеле луѓето? Па прво, зборувале поразлично од староседелците, зборувале бежански. Бежанците се населувале на земја која била заедничка на селото. Како чергарите. Често се селеле. Потоа полека луѓето се претопиле. Некои сè уште нè прашуваат зошто дојдовте, зошто не се боревте. Но, тоа се поединци.“

„Сакавме да направиме попис овде со бежанците. Коста Пеев го зачува јазикот – кукушкиот говор. На тоа сме горди. Ние со Здружението работиме активно да ја зачуваме културната историја. Има неколку тома за обичаите, за говорот, за русалиите.“

Според изјавата на еден бежанец во фокус-групата во Струмица, „за пет века Турците не успеале да го угаснат тој огин. Меѓутоа, понатаму, како што се развивала интелигенцијата, културата и со развојот на населението, се менувале и условите. Сè уште е жива кликата на Македонците на Балканот. Сега малку се модифицира тоа. Ако има Македонија, кои се Македонците? Кој им е јазикот, кое им е писмото? Македонија има, ама нема Македонци, велат! 'Македонското прашање' не се гасне така едноставно. Внатре има едно неподносување." Овој став е само рефлексија на размислувањето на луѓе кои доживеале човечка и национална неправда како резултат на неколку војни на еден многу мал простор во првата половина од XX век.

„Денес сме Егејци како битолчаните"

Во своите наративи, учесниците во фокус-групите истакнуваа дека постарите знаат и што се случило и зошто избегале од Грција. Тие ги раскажуваат своите приказни, но претставниците на постарите генерации сè се помалку меѓу живите. Со неколкумина од нив успеавме да организираме групни интервјуа и нивните сеќавања се презентирани во овој и во други текстови. „Младите помалку знаат за нашата историја", велат некои од нив. Нема широка едукација за овие теми кај младите, дури и кај оние што се на возраст од 30 години. „Има напишано", велат, „треба да се чита за сопствената историја". Не само што малку знаат туку, според нив, и не се заинтересирани. Многу повеќе знаат за оваа историја, за оваа држава:

> „Можам да го поделам времето за свеста за нас, Егејците, до осамостојувањето на Македонија и по осамостојувањето. Кога ние дојдовме во 1975, мое мислење е дека немаше толку големо сознание за Егејците, кои се и што се. Заклучокот беше дека луѓето овде во образовниот систем тоа го немале и не го учеле. До 90-тите бевме прифаќани како делумни Македонци, како малку чудни Македонци. По 1990, сега веќе се менува односот во тој поглед. Денес сме интегрирани и прифатени како целосни Македонци. Денес сме Егејци, исто како што се битолчаните."

Децата на овие бегалци од Грција, чија судбина ги донела овде во НР/СР Македонија, матичната држава на македонскиот народ, веќе се органски дел од македонската нација и од македонскиот национален идентитет. Овие теми за нив се далечна историја. Но, за нивните родители, тоа биле времиња кога историјата им се случувала пред очи. Нивните сеќавања не може никој да ги избрише, а некои од овие сеќавања се документирани во различни публикации. Тие го носеле својот идентитет во себе, но мислата дека треба да преживеат и да го продолжат коренот била

посилна од сè. Многу од нив се нарекуваат Македонци од Беломорска Македонија, народ чии корени се распространети во многу држави низ светот. Интегрирањето во НР/СР Македонија, според нивните кажувања, било релативно успешен процес, задоволни се од државата и од „новата татковина“.

> „Уште сме Егејци. За локалното население, сè уште сме Егејци. Мене пријателите сè уште ме викаат Егејчето. Но, ние сме многу задоволни од оваа држава. Нема каде да одиме, сме дошле во својата матична држава. Никаде не можеш на друго место да бидеш Македонец... ниту во Бугарија, ниту во Грција, ниту во Србија.“

Гласник, 64/2, 2020, стр. 27–34 СТАТИИ

UDK 314.151.3-054.73(=163.3:495.6)(497.713)"19"

ПРЕГЛЕД НА ДОСЕЛУВАЊЕТО НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО ВЕЛЕС И ВО ВЕЛЕШКО

*Ѓорѓи Малковски**

Abstract: During the Second World War (1941–1945), that covered entire ethnic territory of Macedonia, the Macedonians for the first time were allowed to take part in the armed and political struggles for realization of their national-political and socio-economic rights as special and equal national and political entity of the Balkans. Seeking salvation from the vigorous Greek terror, many Macedonians from the Aegean part of Macedonia found salvation in the territory of today`s Republic of Macedonia, i.e. in Veles and Veles area. The first refugees arrived in Veles in June 1945. For this purpose a special Committee for accepting and housing them was established. Until 26 July 1945, 72 families with a total number of 281 persons had arrived in Veles, and by the end of December that number was 658. In 1947 in the Veles area, beside Macedonians, a certain number of Vlachs and Greeks from Aegean Macedonia moved. From June to December 1949 there were 247 families with 1337 members. In the following years, with new immigrations and natural population growth that number had increased and by the beginning of the 1970`s it was almost 20% of the population in Veles.

Keywords: Aegean Macedonia, Macedonians, population, migration, Veles.

Во Втората светска (1941 – 1945), која ја зафатила целата етничка територија на Македонија, на Македонците за првпат им било овозможено да се вклучат во вооружените и политичките борби за остварување на своите национално-политички и социјално-економски права како посебен и рамноправен национален и политички субјект на Балканот. Но, таа цена била многу скапо платена, особено во егејскиот

* Институтот за национална историја – Скопје, научен советник/редовен професор, е-адреса: malkovskig@yahoo.com.

дел на Македонија, кој Грција го зазела и го окупирала по Балканските војни во 1913 година. Во егејскиот дел на Македонија, дел од Македонците се приклучиле кон левите политички сили предводени од Комунистичка партија на Грција (натаму: КПГ), која на Македонците им ги признавала малцинските права во рамките на грчката држава. Дел од нив, пак, под влијание на македонската држава која се создава во рамките на Југославија, се приклучиле кон Комунистичката партија на Македонија (натаму: КПМ), односно кон Комунистичката партија на Југославија (натаму: КПЈ), и барале да им се признае правото на самоопределување. Со оружје в рака и со јасно поставена цел, од 1941 година Македонците, со преку 6 000 борци, масовно се вклучиле во активниот состав на Грчката народноослободителна војска (ЕЛАС), додека во резервниот состав на ЕЛАС, кој броел околу 50 000 борци, 25 000 биле Македонци. [1]

Во октомври 1943 година, од Македонците од Костурско и од Леринско била формирана посебна Македонска народноослободителна организација, односно Славјано-македонскиот народноослободителен фронт (натаму: СНОФ). КПГ и Грчкиот народноослободителен фронт (натаму: ЕАМ) не биле воодушевени од формирањето на СНОФ, иако дале согласност за тоа. Причината била големото незадоволство меѓу Македонците поради националистичкиот став на овие политички организации во однос на Македонците како народ, но и непостигнувањето на „национално единство“ на КПГ и ЕАМ со грчката влада во бегство и со десничарските партии во земјата. За шест месеци бројната состојба на СНОФ во Костурско и во Леринско ја надминала бројката од 16 000 лица. Организацијата се истакнала како вистински раководител и организатор на борбата на македонскиот народ од Костурско и од Леринско против странските окупатори и домашните предавници. Согледувајќи го овој растеж и широчината на работата и на борбата, во КПГ и во ЕАМ се појавило определено незадоволство. Затоа кон крајот на април 1944 година донеле решение организацијата СНОФ да се расформира. Образложението било дека „таа штетно“ влијае врз поактивното вклучување на грчките маси во редовите на организацијата ЕАМ, што, секако, било само изговор. Во знак на протест, една група македонски борци од Костурско, Леринско и од Воденско се отцепиле од составот на единиците на ЕЛАС и на 16 мај 1944 година преминале на територијата на денешна Република Македонија, каде што ја продолжиле борбата за слобода во составот на единиците на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија (натаму: НОВ и ПОМ). Поради тоа, овие храбри македонски борци, од страна на КПГ, ЕАМ и на другите грчки антифашистички организации, биле прогласени за предавници, автономисти и носители на расцепот помеѓу македонските и грчките партизани.[2]

---

1 Ристо Кирјазовски, *Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција*. Скопје, 1998, 35.

2 Ташко Мамуровски, *Македонците во Егејска Македонија*. Скопје, 1995, 13–14.

Поради неподносливата положба на Македонците во егејскиот дел на Македонија, која им ја наметнала грчката реакција со своите вооружени банди во текот на 1944 – 1945 година, македонските раководители на македонското народноослободително движење од егејскиот дел на Македонија и поранешните македонски борци на ЕЛАС, на 23 април 1945 година, односно уште пред капитулацијата на Германија, го формирале Народноослободителниот фронт (натаму: НОФ) на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Истовремено биле формирани и Народноослободителниот младински сојуз (натаму: НОМС) и Антифашистичкиот фронт на жените (натаму: АФЖ)[3]. Иако НОФ постигнал огромни успеси на теренот во борбите со фашистичките сили, сепак во 1946 година, по претходен договор, спогодбено го прифатил раководството на Политбирото на Централниот комитет (натаму: ЦК) на КПГ, а македонските единици дејствувале под командата на ДАГ. Но, како што се покажало подоцна, раководителите на КПГ и на Демократската армија на Грција (натаму: ДАГ) ја прифатиле спогодбата на НОФ со КПГ не за да ја применат на дело, туку за да воспостават контрола над движењето на НОФ и на неговите воени единици. Тоа се потврдило во текот на целиот период на Граѓанската војна во Грција, која во есента 1949 година завршила со катастрофални последици за македонскиот народ. [4]

Широкиот дијапазон на организирани воени и политички дејствувања на теренот подготвени и реализирани од страна на НОФ во текот на 1945 и на 1946 година биле повод за грчката десница, сестрано и неограничено помогната од Соединетите Американски Држави (натаму: САД) и од Велика Британија, да спроведе политика на пресметка со македонското национално малцинство во Грција, односно дефинитивно да го „реши“ македонското национално прашање во земјата. За постигнување на оваа цел, таа презела терористички, правни, политички, културно-просветни и други мерки. Веднаш по војната биле донесени повеќе репресивни и антимакедонски закони, со кои легално требало да се апсат, да се судат, да се тероризираат, да се мачат, да се ликвидираат и да се раселуваат Македонците од егејскиот дел на Македонија. Веднаш по војната бил донесен законот ПЗ 4124/45, според кој биле уапсени и судени 7 500 Македонци само од Костурско и од Леринско кои вооружено учествувале во антифашистичката борба и во Движењето на отпорот. Во согласност со друг закон, донесен од грчкиот парламент на 15 јули 1945 година, била поведена судска постапка за велепредавство против 23 811 Македонци и Македонки поради нивното членување во НОФ, НОМС и во АФЖ. На 18 јуни 1946 година грчкиот парламент го донел Декретот Г/46 за мерките што се однесувале на јавниот ред и на безбедноста, а со кој, всушност, во Грција била прогласена воена состојба. Суровоста спроведувана во согласност со „Декретот“ најмногу ја почувствувале Македонците, бидејќи според членот 10

[3] *Егејска Македонија во НОБ 1945*, т. II, Скопје, 1973, 223.

[4] Ристо Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949).* Скопје, 1985, 289.

од овој правен акт биле гонети граѓаните кои од полицијата биле обвинувани за рушење на интегритетот на грчката држава и им биле изрекувани најстроги казни. Секако, целиот овој закон бил насочен против Македонците, а како наеклатантен пример за неговото спроведување било и стрелањето на младата Македонка, партизанката Мирка Гинова. Грчките воени преки судови изрекле 33 смртни пресуди, 35 пресуди со казна доживотна робија, а на грчките пусти острови биле испратени 3 520 лица. Група грчки пратеници дури иницирале донесување на закон за присилно истерување на Македонците преку граница, но тој, поради контровезноста, не бил донесен. Затоа, пак, повторно од страна на грчкиот парламент, во 1947 година бил донесен друг закон – ПЗ 511/47 за формирање и организирање на десетина концентрациони логори, во кои биле интернирани десетици илјади граѓани, од кои голем број биле Македонци. Само во логорот „Макронисос“ биле интернирани околу 6 000 Македонци, кои биле подложени на жестоки мачења и тортура, многу поголеми од тие во германските логори.

Но тоа не било сè. За да се заплашат, да се демобилизираат и да се протераат Македонците, во декември 1947 година бил донесен Декретот ЛЗ/47 за лишување од грчкото државјанство на многу граѓани од Грција кои, божем, дејствувале антидржавно. Во периодот од 1947 до 1963 година, на 22 226 граѓани, од кои 15 000 Македонци, им било одземено грчкото државјанство. За да го дозаврша насилниот поход за разнебитување на Македонците од егејскиот дел на Македонија, во Грција истата 1947 година бил донесен и озлогласениот закон ПЗ 509/47 „за мерките за безбедност на државата, на уставното уредување и за заштита на државата“, така што сите лица гонети за дела во врска со Граѓанската војна биле судени според одредбите од овој закон.[5]

Во рамките на политиката за искоренување на Македонците од нивните родни места, грчките власти донеле низа закони, уредби, наредби и сл. за конфискација, национализација и експропријација на имотите на борците на ДАГ, на тие што емигрирале и на оние на кои им било одземено државјанството. Последиците од овој закон биле одземање на државјанството на 15 000 Македонци, додека повеќе од 50 000 биле принудени да емигрираат. Но, најголемата конфискација на имотите на Македонците била спроведена во согласност со Законот од февруари 1953 година. Овој закон бил применет со невидено варварство спрема Македонците од егејскиот дел на Македонија. Со него биле ограбени и конфискувани недвижните имоти на Македонците, кои потоа им биле доделени на Грци подобни за режимот, а доселени од Грција, дури и од Рускиот Кафказ, како и на поранешни жандари, убијци, терористи што се истакнале со дејности против Македонците. Законот ги легализирал оргиите и насилствата, грабежите на македонските имоти, и тоа не само на оние што биле борци на НОФ и на ДАГ и на бегалците туку и на целото македонско населе-

[5] Ibid., 339–340.

ние. Овој закон бил донесен во времето кога грчкиот патриотизам се ценел според бројот на убиените или малтретираните Македонци, силуваните Македонки итн. По завршувањето на Граѓанската војна биле донесени многу законски прописи за конфискација на имотите, како услов за репатријација на политичките бегалци. Но, тоа било условено со еден важен детал, односно имотите можеле да им бидат вратени само ако бегалците се декларирале како Грци по род. Последиците од Граѓанската војна биле повеќе од сурови и со катастрофални бројки. Бројот на жртвите, според официјалните статистики, изнесувал околу 154 000 убиени и ранети на двете страни. Од тој број, дури 21 000 биле Македонци. Била направена и голема материјална штета, и тоа најмногу на територијата на егејскиот дел на Македонија.[6]

Барајќи спас од жестокиот грчки терор, голем број Македонци од егејскиот дел на Македонија свој спас нашле на територијата на денешна Република Македонија, односно и во Велес и во Велешко. Не навлегувајќи подлабоко во обработка на начинот како се дојдени и низ што сè поминале, тука ќе се задржиме на бројната состојба и на местата каде што се населени. Документацијата за нивното доаѓање и населување во Велес и во Велешко се наоѓа во фондовите на Околискиот народен одбор – Титов Велес и на Градскиот и на Општинскиот народноослободителен одбор – Велес, кои се наоѓаат во посебни кутии во Архивот во Велес. Тоа се документи чиј број надминува четири илјади страници.

Првите бегалци во Велес се дојдени во јуни 1945 година. За таа цел бил формиран посебен Одбор за прифаќање и сместување на бегалците од Егејска Македонија. Имено, Окружниот народноослободителен одбор на Велес, со писмото бр. 427 од 2 јуни 1945 година, го известил Околискиот НОО во Велес дека добил писмо од Министерството за социјална политика од Скопје (бр. 258 од 30 мај 1945 година) со кое му наложил на Околискиот НОО да одржи состанок за прифаќање на бегалците од Егејска Македонија во Велес. Веднаш потоа, Околискиот НОО Велес свикал состанок на 13 јуни 1945 година, кој се одржал во канцеларијата на Околискиот одбор со делегати претставници на ЕНОФ, АФЖ, НОМС, Единствените синдикати, на работниците и службениците, на Црвениот крст и на претставниците на народната власт. Конференцијата ја отворил и со неа раководел претседателот на Околискиот народноослободителен одбор (натаму: НОО), Љубо Зафировски. На состанокот бил избран Одбор, кој имал задача да им помогне на бегалците и да преземе акции за собирање доброволни прилози. За претседател на Одборот бил именуван Цветко Гочевски, прочелник на Социјалниот оддел при Околискиот НОО Велес, а за секретар Зора Оровчанова. За членови биле избрани: Никола Тошанов, Ѓоре Василев, Никола Попов-Бакалин, Грозда Алчева, Зора Арсова, Тоде Мирчевски, Фердин Бусилков, д-р Александар Ташевски и Стефанка

6 Ibid., 341–344.

Манушева.[7] Според добиените информации, кои му биле доставени на Одборот, во Велес требало да пристигнат околу 500 лица. Тие требало да пристигнат од Бугарија, а во Велешката Околија требало да бидат распределни во следниве села: во Башино Село – 40 лица, во Чашка – 50 лица, во Раштани – 30 лица, во Бистрица – 50 лица, во Долно Чичево – 100 лица, во Долно Врановци – 100 лица, во Извор – 50 лица и во манастирот „Св. Димитрија" – 80 лица.[8]

До 26 јули 1945 година во Велес биле дојдени вкупно 72 семејства со 281 лице. Нивното пристигнување во градот се одвивало со следнава динамика: на 30 јуни било дојдено едно семејство со 2 члена, на 14 јули – 37 семејства со 148 члена, на 16 јули – 10 семејства со 24 члена, на 17 јули – 8 семејства со 30 члена, на 20 јули – едно семејство со 3 члена, повторно на 20 јули – 6 семејства со 25 члена и на 23 јули – 9 семејства со 39 члена. Од овие семејства, во општина Долно Чичево заминале 16 семејства со 70 члена, во с. Теово – 1 семејство со 2 члена и во Битола заминало, исто така, 1 семејство со 2 члена, односно од Велес во други места биле отселени вкупно 18 семејства со 74 члена, а во градот останале 54 семејства со 207 члена. Притоа се водело сметка по еден човек од секое семејство да биде ангажиран како работна сила за да може да обезбедува пари за прехрана на членовите. Овие луѓе биле вработени во фабриката „Југоталк", во воденицата на Богдан Матев, во берберницата во градот и 25 лица во „Монополот", односно биле вработени вкупно 31 лице. До крајот на јули 1945 година било предвидено да се вработат лица во рудникот во с. Извор, во с. Богомила за сечење дрва и на железничкиот мост.

Според Извештајот на Околискиот народен одбор за бројната состојба, сместувањето и снабдувањето на бегалците од Егејска Македонија во Велешката Околија од 29 декември 1945 година, во Велешка Околија до декември биле населени вкупно 658 бегалци. Во Велес се населиле 332 лица, во Општина Раштани – 70 лица, во Општина Чашка – 10 лица, во Општина Чичевска – 54 лица, во Општина Извор – 73 лица, во Општина Теово – 2 лица и во Општина Градско – 117 лица.[9] Врз основа на тримесечниот план за потребните количества кредити за исхрана на бегалците во Титоввелешката Околија за месеците април, мај и јуни 1947 година, во Велешка Околија биле евидентирани 112 домаќинства со 500 лица, за кои биле обезбедени пари за исхрана. Според Известувањето на Околискиот народен одбор од Титов Велес, оддел Социјални грижи и народно здравје, од 17 август 1947 година, бегалци од егејскиот дел на Македонија имало населено и во следниве месни народни одбори (натаму:

[7] Државен архив на Република Македонија, Подрачно одделение Велес (натаму: ДАРМ, ПОВ), Околиски народен одбор – Титов Велес (1945 – 1952), Одбор за прифаќање и сместување на бегалците од Егејска Македонија, к. 11.

[8] Ibid., Протокол од состанокот за прифаќање и сместување на бегалците од Егејска Македонија од 13 јуни 1945 година.

[9] Ibid., Извештај на Околискиот народен одбор за бројната состојба, сместувањето и снабдувањето на бегалците од Егејска Македонија во Велешка околија, од 29 декември 1945 година.

МНО): во МНО Стари Град, во с. Стари Град биле населени 34 члена; во МНО Кочилари, во с. Згрополци – 46 лица; во МНО Грнчиште, во селата Грнчиште и Црквино – 43 лица; МНО Башино Село, во с. Башино Село – 70 лица; во МНО Сујаклари, во селата Сујаклари и Кумарино – 61 лице; во МНО Извор, во с. Д. Врановци – 29 лица; во МНО Војница, во с. Витанци – 19 лица; во МНО Чашка, во селата Чашка, Еловец и Бусилци – 47 лица; во МНО Мелница, во с. Голозинци – 24 лица; во МНО Горно Оризари, во с. Горно Оризари – 39 лица, односно само во овие места во Велешката Околија биле населени вкупно 412 лица.[10]

Во 1947 година во Велешката Околија биле доселени, покрај Македонци, и одреден број Власи и Грци од егејскиот дел на Македонија. Така, според Извештајот на Околискиот народноослободителен одбор од Велес број 5739 од 16 април 1947 година, биле населени вкупно 105 Власи, и тоа во селата Степанци – 26, во Оморани – 42, во Новачани – 17, во Ветерско – 7, во Сопот – 13. Грци биле доселени во следниве села: во Башино Село – 31, во Сујаклари – 1, во Кумарино – 5, во Сујаклари – 2, во Кумарино – 12 и во Сујаклари – 26.

До јануари 1949 година бегалците Македонци биле сместени во 31 село и во 3 стопански организации во Градско, во Убого и во Башино Село. Сместувањето во Стопанството во Градско било добро, но во Башино Село состојбата околу сместувањето било на ниско ниво.[11] Имало вкупно 309 семејства со 1 317 члена, од кои работоспособни биле 672 лица, а неработоспособни 645 лица. Од работоспособните, во државните стопански објекти биле вработени 434 лица, додека другите работеле кај приватни лица. Во однос на сместувањето, во овој период секоја фамилија имала соба и кујна, освен за некои кои сè уште живееле во мали и неудобни станови. Но тие набргу биле поправени, по што многу се подобриле условите. Биле снабдени со котли и со корита за перење и за одржување на личната хигиена, а им биле дадени и потрошувачки карти (бонови) за храна и за текстил. Во однос на здравствената состојба, најголемиот број биле здрави и немало појава на заразни болести. Бегалците масовно биле зачленети во Народноослободителниот фронт, во синдикалната организација и во народната младина.[12]

Според Извештајот за бројната состојба на Македонците од егејскиот дел населени во Титоввелешка Околија, од јуни до декември 1949 година имало 247 фамилии со 1 337 члена, од кои 224 биле мажи, 312 жени, 61 старец (дедовци) и 94 баби, 492 деца до 14-годишна возраст и 132 деца до 18-годишна возраст. По населени места,

---

10 Ibid., Известувањето на Околискиот народен одбор Титов Велес, отдел Социјални грижи и народно здравје од 17 август 1947 година.

11 Ibid., Записник составен од Околискиот народен одбор, социјален одсек Титов Велес од 13 јануари 1949 година за извршената контрола на службата за бегалци.

12 Ibid., Извештај за бежанците од Егејска Македонија настанати во Титоввелешката Околија од 21 мај 1949 година.

бројната состојба била следната: Г. Оризари – 12 фамилии со 45 члена, Бањица – 11 фамилии со 60 члена, Чашка – 22 фамилии со 107 члена, Стариград – 9 фамилии со 33 члена, Теово – 23 фамилии со 91 член, Извор – 11 фамилии со 60 члена, Владиловци – 6 фамилии со 24 члена, Степанци – 29 фамилии со 61 член, Војница – 50 фамилии со 267 члена, Грнчиште – 4 фамилии со 23 члена, Чичево – 5 фамилии со 29 члена, Згрополци – 14 фамилии со 71 член, Старо Градско – 36 фамилии со 176 члена, Старо Убого – 29 фамилии со 111 члена, Башино Село – 35 фамилии со 117 члена, Новачани – 10 фамилии со 46 члена и Мелница – 5 фамилии со 30 члена.[13] Бројната состојба и во наредната 1950 година, со мали промени, останала речиси идентична, односно, според извештајот за ноември 1950 година, во Титоввелешка Околија живееле 272 фамилии со 1 334 лица, Македонци од егејскиот дел на Македонија.[14] Тој број во наредните години растел благодарение на новите доселувања и на природниот прираст и до почетокот на 70-тите години од минатиот век изнесувал речиси 20 % од популацијата во Велес.

[13] Ibid., Извештајот за бројната состојба на Македонците од егејскиот дел населени во Титоввелешката Околија од јуни до декември 1949 и во 1950 година.

[14] Ibidem.

Гласник, 64/2, 2020, стр. 35-48 СТАТИИ

UDK 930(497.7):[355.48:323.273(=163.3:495.6)"1946/1949"(093.3)

ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА ВО МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА

*Катерина Мирчевска**

Abstract: The article reviews the achievements of a part of Macedonian historiography that focuses on the involvement of Macedonians in different aspects of the Greek Civil War. It also includes memoir production from the domain of oral history based on the memories and testimonies of individuals as a source for documenting personal experiences and views of the historical past but also as a source of data on the cultural heritage of Macedonians from Greece – Aegean Macedonia, which remains as a testimony of a past time.

Keywords: Macedonian historiography, monographs, articles, texts, oral history, Aegean Macedonia, Greece.

Почетоците на современата македонска историографија се врзуваат со формирањето на македонската држава во составот на Југославија и на првите специјализирани институции за проучување на историјата на Македонија – Катедрата за историја на Филозофскиот факултет (1946), Институтот за национална историја (1948) и Државниот архив на Македонија (1951). Таа се развива врамена во југословенскиот социјалистички концепт, следејќи ја новата политичка идеологија, при што искуствата на советската историска школа и толкувањето на историските настани низ призмата на марксистичко-ленинистичката теорија се наметнуваат и во повоената југословенска историографија.[1] Иако оваа школа станала доминантна, сепак во историската наука сè уште се чувствувале влијанијата и на западните европски правци, а особено во историографијата што започнала

* Институт за национална историја – Скопје, научен советник/редовен професор, е-адреса: k.mircevska@yahoo.com.

1 Виолета Ачкоска, „Македонската историографија и некои методолошки аспекти во проучувањето на личностите од најновата историја", *Годишен зборник – Annuaire*, Кн. 27 (53), Скопје, 2000, 47–60, 47.

да се развива уште пред војната на факултетите во Белград, Загреб и во Љубљана, односно преку белградската, загрепската и љубљанската историска школа.[2] Новата власт го форсирала пишувањето на историјата на секој од југословенските народи одделно, со посебен акцент врз „југословенството“ како нова етничка категорија, но истовремено и како обединувачка алка на национално хетерогената држава, интерпретерана преку класната идеолошка концепција и со експонирање на проучувањето на најновата историја, имено на историја на Комунистичката партија на Југославија и на Народноослободителната борба.[3] Така, југословенската историографија, всушност, претставувала збир од национални историографии институционално обединети преку Сојузот на историчарите на Југославија, кој настојувал да ги „синтетизира“ националните историографии во една единствена „повисока“ југословенска историографија.[4]

Во вакви околности и со извесни осцилации, македонската историска наука, иако се развивала како дел од југословенска варијанта на марксистичката школа, сепак, заради дистанцирање од српските и од бугарските историски влијанија, се издвојувала со поголемо нагласување на националната компонента.[5] Така, во деценииите непосредно по ослободувањето започнале да се продуцираат првите историски трудови од македонски историчари, но и интелектуалци од други профили, партиски кадри, публицисти и учесници во настаните, кои и покрај идеолошката призма низ која ги претставувале настаните, сепак одиграле пионерска улога во пишувањето на националната историја на македонскиот народ. Во овие трудови се детектира, се следи, се издвојува и се запишува минатото на Македонците како засебна историја, одвоена и различна од историјата на соседните балкански држави.

Македонската историографија во овој период обединува повеќе категории трудови – научни трудови, историска литература (историска публицистика, мемоарска литература, историска белетристика) и партиска историографска продукција, кои и покрај идеолошките толкувања на минатото, одиграле голема улога во афирмацијата и заштитата на македонската држава, на македонскиот јазик и на македонската култура, односно на македонскиот национален идентитет воопшто.[6] Во тој контекст настануваат и најраните трудови посветени на националната историја на Македонците во Грција или на историјата на Егејска Македонија, термин кој започнува да циркулира во науката и во јавноста по 1944/1945 година.

2 Поопширно кај: Божо Репе, „Југословенската историографија по Втората светска војна“, *Македонската историска наука. Достигнувања и проблеми*, ред. Крсте Битовски et al., Скопје, 2001, 383–401.

3 Даринка Петреска и Виолета Ачкоска, *Осознавање на историјата*, Скопје, 2007, 118, 120.

4 Б. Репе, „Југословенската историографија...“, 383–384.

5 В. Ачкоска, „Македонската историографија...“, 48.

6 В. Ачкоска и Д. Пачемска, *Осознавање...*., 119–120.

Првите објавени монографии датираат од 1946[7] и од 1951 година,[8] што не случајно се совпаѓа со периодот на Граѓанската војна во Грција, со големите последици за Македонците што резултирале од нејзината завршница и со Парискатa мировна конференција, кога сè уште постоела надеж за пошироко решавање на македонското национално прашање.[9] Овие изданија, иако не се однесуваат на периодот на Граѓанската војна, сепак претставуваат први публикации на оваа тема во кои е презентирана географијата, како и историјата на Македонците во Грција до почетокот на Втората светска војна.

До осамостојувањето на Македонија, домашната историографска продукција што се однесува на посочената проблематика е фокусирана на учеството на Македонците во оваа војна и на директните и долгорочните последици за македонското население од неа. Таа вбројува повеќе монографии, статии, зборници на документи и други прилози, во кои партиципирањето на Македонците во Граѓанската војна се третира од политички и од воен аспект и во однос на ставот на Комунистичката партија на Грција кон македонското национално прашање, додека аспектот на последиците е опфатен преку прашањата за промената на етничкиот состав на населението во Грција, за македонската емиграција во источноевропските земји и за децата бегалци. Како побројни, во одделни категории можат да се издвојат и прилозите и монографиите што се посветени на биографиите и на активноста на истакнати личности од националноослободителното движење на Македонците во Грција, на историјатот на населените места и на развојот на културата и на просветата.

Во времето на самите почетоци на создавање и втемелување на потребните услови за научно засновани проучувања на појавите и на процесите во македонската историја, на формирање едуциран научен кадар, материјално-техничка база и овозможување достапност до изворни материјали[10] и во следните две децении се објавени релативно мал број монографии и одреден број прилози. Иако како автори на дел од овие трудови се јавуваат неедуцирани историчари и во нив не е запазена соодветната научна методологија, сепак тие се вбројуваат во редот на првите дела посветени на оваа проблематика и имаат своевидно значење за севкупниот развој на македонската историографија. Станува збор

---

7 Јован Трифуновски, *Егејска Македонија*, Београд, 1946.

8 Данчо Зографски, Ѓорѓи Абаџиев, Анастас Митрев, Михајло Керамидчиев, *Егејска Македонија во нашата историја*, Скопје, 1951.

9 Новица Велјановски, „Периодизација и историографијата 1944-1991“, *Македонската историска наука. Достигнувања и проблеми*, ред. Крсте Битовски et al., Скопје, 2001, 371–381, 381. Поопширно за очекувањата на Југославија, Бугарија и на Грција на Парискатa мировна конференција и за тоа зошто на неа не било поставено македонското прашање повеќе кај: Новица Велјановски, *Македонија во југословенско-бугарските односи 1944-1953*, Скопје, 1998, 120–137.

10 Марјан Димитријевски, *Историја на Институтот за национална историја: 65 години (1948 – 2013)*, Скопје, 2013, 4.

за книгите на Наум Пејов,[11] Вангел Ајановски-Оче,[12] и самите учесници во војната, потоа на Христо Андоновски,[13] Тодор Симовски,[14] Лазар Колишевски,[15] хронологијата на настаните во војната,[16] како и повеќе статии, написи и прикази посветени на познати Македонци учесници во војната,[17] на историското минато на селата во овие предели[18] и трудови што опфаќаат прашања за учеството на Македонците во војната, при што во редот на авторите веќе се појавуваат и припадници на првите генерации едуцирани историчари.[19]

---

11 Наум Пејов, *Македонците и Граѓанската војна во Грција*, Скопје, 1968; Idem, *Прилози за односот на раководителите на КПГ по македонското национално прашање*, Скопје, 1953.

12 Вангел Ајановски-Оче, *Егејски бури. Револуционерното движење во Воденско и НОФ во Егејска Македонија*, Скопје, 1975.

13 Христо Андоновски, *Вистината за Егејска Македонија*, Скопје, 1971.

14 Тодор Симовски, *Населените места во Егејска Македонија: географски, етнички и стопански карактеристики*, Кн. 1, Скопје, 1978.

15 Лазар Колишевски, *Аспектите на македонското прашање*, Скопје, 1979.

16 *Хронологија на народноослободителната борба во егејскиот дел на Македонија* (1945 – 1949), Скопје, 1973.

17 Христо Андоновски, „Мирка Гинова во грчката литература", *Разгледи*, I/5, Скопје, 1959, 588–590; Idem, „Мирка Гинова", *Културен живот*, XV/1-2, Скопје, 1970; Idem, „30 години без Мирка", *Македонија*, XXIII/279, Скопје, јули 1976, 11; Фани Мартинова-Буцкова, „Хероината на Вичо и Грамос Тина Андреева Цвета", *Историја*, IX/2, Скопје, 1975, 34–42; Idem, „Хриса Калиманова – симбол на борбеност, страдања и љубов", *Македонија*, XXIV/290, Скопје, јуни 1977, 22–23; Ристо Кирјазовски, „Животниот пат на учителот Лазо Ангеловски и неговата трагична смрт", *Просветно дело*, XXVIII/9–10, Скопје, 1972, 638–651; Idem, „Последното писмо на Лазо Ангеловски", *Иселенички календар*, Скопје, 1973, 150–154; Ташко Мамуровски, „Вангел Шамарданов – Илинденски (1921-1948)", *Гласник*, XXIII/1, Скопје, 1979, 263–269; Idem, „Тодор Дојчиновски – Морава (1921-1947)", *Гласник*, XXIII/2–3, Скопје, 1979, 247–250; Idem, „Вангел Шамарданов – Илинденски – борец за слобода", *Иселенички календар*, Скопје, 1980, 131–134; Idem, „Петре Танурев – Доне – борец во НОБ и ДАГ", *Гласник*, XXIV/1, Скопје, 1980, 221–228; Idem, „Револуционерната дејност на Живко Попов (1922-1947)", *Гласник*, XXIV/3, Скопје, 1980, 243–254; Димитар Тупурковски – Титан, „Петре Георгиевски", *Македонија*, XXII/265, Скопје, 1975, 22.

18 Христо Андоновски, „Д'мбени – село на борбени традиции", *Иселенички календар*, Скопје, 1962, 74–75; Танас Вражиновски и М. Каранџуловски, *Смрдеш*, Скопје, 1976; Паскал Митревски, „Градот крај Бистрица", *Иселенички календар*, Скопје, 1965, 84–85; Idem, *Монографија со спомен албум за село Герман – Преспанско*, Скопје, 1979; Idem, *Село Буф. Куси белешки од минатото*, Битола, 1976; Idem, II Средба Сетина – *Попадија*, Хиподром – Скопје, Скопје, 1978; Idem, *Монографија за разгорено Крушоради*, Скопје, 1980.

19 Ташко Белчев, „Печатот и најактуелните проблеми во него за време на окупацијата (1941-1945) и по неа во Егејска Македонија", *Гласник*, XVI/1, Скопје, 1972, 135–164; Фани Буцкова, „Антифашистичкиот фронт на жените во Егејска Македонија", *Дело – 74*, III/3-4, Штип, 1976, 49–70; Idem, „Првиот конгрес на АФЖ во Егејска Македонија", *Историја*, XII/1-2, Скопје, 1976, 129–139; Idem, „Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) во Егејска Македонија", *Историја*, XV/1, Скопје, 1979, 109–139; Димитар Влахов, „Одговори дадени на претставниците на печатот за положбата во Егејска Македонија на 29.IX.1946 година", *Говори и статии*, Скопје, 1947, 160–166; Idem, „Народноослободителната борба на грчкиот народ", *Одбрани говори и статии 1924 – 1947*, Скопје, 1948, 302–308; Ристо Кирјазовски, „За курсот на македонските народни учители „Гоце

Во споредба со овој период, 80-тите години претставуваат декада кога севкупната југословенска, вклучително и македонската историографска продукција постигнуваат значителен обем. Тоа настанува како резултат на кризата на југословенското општество, на нараснатиот национализам и на визиите за преуредување на државата во републиките во деценијата пред распадот на Југославија.[20] Во случајот со Македонија, ваквата состојба, меѓу другото, претставува резултат и на изградбата на едуциран историски кадар и на сè поголемата достапност на архивскиот материјал депониран во повеќе институции. Како особено значајна публикација за проучувањето на учеството на Македонците во Граѓанската војна во Грција се издвојува едицијата документи *Егејска Македонија во НОБ* објавена од Архивот на Македонија,[21] изданието *КПГ и македон-*

Делчев" во Егејска Македонија 1947 година", *Историја*, IV/1, Скопје, 1968, 98–100; Idem, „Г. Т. за учеството на Македонците под Грција во антифашистичката војна (1941 – 1945) и нивната судбина по неа", *Гласник*, XV/3, Скопје, 1972, 247–266; Idem, „Еден интересен напис во заштита на Македонците од егејскиот дел на Македонија", *Историја*, VIII/1, Скопје, 1972, 79–84; Idem, „Македонскиот печат во егејскиот дел на Македонија во текот на Граѓанската војна во Грција (1946–1949)", *Историја*, VIII/2, Скопје, 1972, 93–119; Idem, „Македонските училишта и другата просветно-културна дејност во егејскиот дел на Македонија во текот на НОБ 1945–1949", *Просветно дело*, XXVIII/3–4, Скопје, 1972, 209–220; Idem, „Гоце Делчев во документите и печатот на Народноослободителниот фронт (НОФ) на Македонците од егејскиот дел на Македонија", *Гоце Делчев и македонското национално револуционерно движење*, ред. одб. Киро Миовски et al., Скопје, 1973, 305–313; Idem, „Културно–просветната дејност на Народноослободителниот фронт на Македонците од Егејска Македонија во текот на 1945 до 1949 година", *Дело–74*, III/3-4, Штип, 1976, 71–79; Idem, „Првиот актив на Народноослободителниот фронт на Македонците во Егејска Македонија", *Гласник*, XX/1, Скопје, 1976, 19–30; Idem, „Акциите на БКП против линијата и целите на НОФ на Македонците од Егејска Македонија во текот на 1945 година", *Историја*, XII/1-2, Скопје, 1976, 222–227; Ристо Поплазаров, „Општественото и национално-ослободителното движење на Македонците во јужна Македонија од 20-тите до 50-тите години на XX век", *Погледи*, XIV/6, Скопје, 1977, 19–45; Павле Раковски, „Македонското национално прашање низ политиката на КПГ", *Гласник*, XII/3, Скопје, 1968, 101–171; Idem, „За корените на злото", *Историја*, XIII/1, Скопје, 1977, 87–114; Тодор Симовски, „Македонското национално прашање низ политикаата на КПГ во текот на НОБ", *Гласник*, XIV/2–3, Скопје, 1970, 25–52; Idem, „Миграционите движења од 1912-1971 година и реперкусиите врз измените на етничкиот состав во Егејска Македонија", *Погледи*, XV/1–2, Скопје, 1977, 109–13.

20 Поопширно кај: Б. Репе, „Југословенската историографија ....", 393–398.

21 Едицијата опфаќа повеќе зборници на документи од периодот на Втората светска војна и на Граѓанската војна во Грција објавени во периодот од 1971 до 1987 година. Архивската граѓа за Граѓанската војна е опфатена во следните изданија: *Егејска Македонија во НОБ 1946*. Том III, (Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски), Скопје, 1976; *Егејска Македонија во НОБ 1947*. Том IV (Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски), Скопје, 1980; *Егејска Македонија во НОБ 1948*. Том V (Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Фани М. Буцкова), Скопје, 1981; *Егејска Македонија во НОБ 1949*. Том VI (Превод и редакција: Ристо Кирјазовски и Фани М. Буцкова), Скопје, 1983.

ското национално прашање 1918 – 1974,[22] како и зборникот *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*.[23] Се зголемува бројот на објавените прилози и статии,[24] но и на монографии во авторство на најеминентниот

[22] *КПГ и македонското национално прашање 1918–1974*, избор, редакција, коментар и превод Ристо Кирјазовски, Скопје, 1982.

[23] Во изданието *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава*, том втори, ред. Христо Андонов Полјански et al., Скопје, 1981, е објавена и архивска документација од периодот на Граѓанската војна во Грција.

[24] Вангел Ајановски-Оче, „Трифун Хаџијанев – борец за социјални и национални права на Македонците од Егејска Македонија", *Гласник*, XXVIII/1–2, Скопје, 1984, 227–236; Спиридон Благоев, „Културно-просветниот живот на Македонците во егејскиот дел на Македонија", *Културен живот*, XXVIII/7–8, Скопје, 1983, 38–46; Idem, „Меѓународните договори и обврски на Грција за заштита на македонското национално малцинство", *Гласник*, XXVII/3, Скопје, 1983, 159–182; Idem, „Colonisation of the border territories of Aegean Macedonia", *Review*, *Гласник*, XXX (I)/3, Skopje, 1986, 183–197; Idem, „Учеството и значењето на егејскиот дел на Македонија во стопанскиот развиток на Грција (1913-1980)", *Гласник*, XXX/1–2, Скопје, 1986, 65–115; Ѓурѓевка Донеска-Тренчевска, „Улогата на меѓународната светска јавност и меѓународното работничко движење во афирмацијата на борбата на македонскиот народ за самоопределување во Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија", *Борбата на македонскиот народ за самоопределување во Пиринска и Егејска Македонија*, ред. Христо Андонов-Појански et al., Делчево, 1986, 207–216; Иван Катарџиев, „КПГ и самоопределувањето на Македонците од Егејска Македонија", *Погледи*, XXIII/4, Скопје, 1986, 70–99; Стојан Киселиновски, „Средбата на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија", *Гласник*, XXXII/1, Скопје, 1988, 141–147; Idem, „Македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија секогаш се стремеше да ги оствари своите национални и човекови права", *Преглед на активноста на општествено-политичките организации на СРМ*, 33/7–8, Скопје, 1988, 3–6; Ристо Кирјазовски, „Националните и социјалните белези на Македонците од Егејска Македонија во текот на НОВ и по неа", *Националниот и социјалниот ангажман на македонската литература и литературите на народностите во СРМ*. Седумнаесетти Рацинови средби, ред. одб. Слободан Мицковиќ et al., Титов Велес 1980, 163–175; Idem, „Организирањето на комунистите во Егејска Македонија", *Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија*, книга 2, ред. Љупчо Арсов et al., Скопје, 1980, 781–797; Idem, „Децата од Егејска Македонија во текот на НОВ и нивното прифаќање и збринување во Југославија", *Poruke NOB u brizi za decu – Titovoj generaciji slobode*, ured. Ante Matutinović et al., Beograd, Zagreb, 1981, 610–623; Idem, „Илинденските револуционерни традиции во НОВ на Македонците од Егејска Македонија во текот на Граѓанската војна во Грција (1946-1949)", *Прилози за Илинден* 4, ред. Христо Андонов-Полјански et al., Крушево, 1982, 111–121; Idem, „Одразот и последиците на Резолуцијата на ИБ врз ослободителното движење во Егејска Македонија", *Историја*, XVIII/1–2, Скопје, 1982, 17–34; Idem, „Продорот и операциите на Осумнаесеттата бригада на ДАГ на подрачјето на Синаичко", *Гласник*, XXVI/1, Скопје, 1982, 61–71; Idem, „За обидот да се создаде единствена организација на Македонците од Егејска Македонија", *Македонија*, XXX/386, Скопје, 1983, 22–23; Idem, „За политиката на КПГ по македонското национално прашање", *Културен живот*, XXVIII/4–5, Скопје, 1983, 39–43; Idem, „НОФ на Македонците од егејскиот дел на Македонија и КПГ", *Гласник*, XXVIII/1–2, Скопје, 1984, 111–139; Idem, „Воспитанието и образованието во Егејска Македонија", *Четириесет години слободен развој на воспитанието и образованието во Македонија (1943-1983)*, уред. одб. Крсте Ангеловски et al., Скопје, 1985, 207–211; Idem, „Дневникот на Ѓоргис Ѓанулис (1 јули 1946–20 мај 1948)", *Гласник*, XXIX/1-2, Скопје, 1985, 213–251; Idem, „Положбата на поновата политичка емиграција од Егејска Македонија во Бугарија и нејзиното преселување во ДФ Македонија со

истражувач на ова поле, Р. Кирјазовски,[25] потоа на С. Киселиновски,[26] Т. Мамуровски,[27]

посебен осврт врз Кочани и Кочанско", *Кочани и Кочанско во НОВ 1941-1945*, ред. Ванчо Андонов et al., Кочани, 1985, 558–570; Idem, „Некои рефлекси за престојот на децата од Егејска Македонија во Полска (1948-1968)", *Гласник*, XXX/1–2, Скопје, 1986, 193–209; Idem, „Борбата на Македонците од Егејскиот дел на Македонија за самоопределување", *Борбата на македонскиот народ за самоопределување...*, 173–190; Idem, „The struggle of Macedonians from Aegean Macedonia for use of the Macedonian literary language", *Review*, *Гласник*, XXX (I)/3, Skopje, 1986, 161–180; Idem, „Формирање на македонски национални институции во Егејска Македонија во текот на НОВ и Граѓанската војна во Грција", *АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, уред.* одб. Михаило Апостолски et al., Скопје, 1987, 401–411; Idem, „The establishment of the Macedonian national institutions in the Aegean Macedonia during the national liberation war and Greek civil war", *Review*, *Гласник*, XXX (II)/3, Скопје, 1987, 65–77; Idem, „Прилог кон вистината за погубувањето на Ѓоргис Ѓанулис", *Историја*, XXIII/1-2, Скопје, 1987, 31–48; Idem, „Теоријата и праксата на Комунистичката партија на Грција по правото на самоопределување на Македонците", *Прогресивната мисла за македонското прашање и барање за самоопределување*, ред. Данчо Зографски et al., Делчево, 1988, 87–91; Idem, „Еден документ во врска со егзодусот на децата од Егејскиот дел на Македонија", *Историја*, XXIV/XXXV, 1–4 (1988/1989), Скопје, 1988/1989, 155–164; Лазар Лазаров, „Југославија и националните права на Македонците во Егејска Македонија (Грција) непосредно по Втората светска војна", *Нациите, малцинствата и балканската соработка*, ред. Данчо Зографски et al., Делчево, 1987, 313–329; Idem, „Југославија за заштитата на националните права на Македонците во Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија и обидите за обединување на Македонија во меѓународните односи непосредно по Втората светска војна", *Класното и националното во нашите програмско-политички документи и општествената практика*, уред. Фиданчо Димитров, Скопје, 1988, 87–94; Ташко Мамуровски, „Тинка Думкова (1926–1949)", *Гласник*, XXV/2-3, Скопје, 1981, 397–400; Idem, „Пандо Трповски–Бунтовски (1907-1947)", *Гласник*, XXV/1, Скопје, 1981, 293–310; Idem, „Панде Шиперков– истакнат борец во НОБ", *Гласник*, XXV/2–3, Скопје, 1982, 279–284; Idem, „Ѓорѓи (Џоџо) Урдов (1914-1947)", *Гласник*, XXVIII/3, Скопје, 1984, 229–240; Idem, „Револуционерната дејност на Атанас Коровешов (1918-1945)", *Историја*, XXI/2, Скопје, 1985, 221–232; Idem, „Пецо Ромев (1919-1949)", *Културен живот*, XXXI/3–4, Скопје, 1986, 37–41; Idem, „Синоним на народен борец", *Културен живот*, XXXI/1-2, Скопје, 1986, 12–18; Idem, „Со дарба на легендарен војвода", *Македонски иселенички алманах*, бр. 188, Скопје, 1987, 118–121; Idem, „Храбра и весела партизанка", *Македонија*, XXXIV/411, Скопје, 1987, 25–26; Idem, „Лазо Ангеловски (1925-1948)", *Културен живот*, XXXII/7–8, Скопје, 1987, 32–35; Idem, „Ристо од Јаворјани", *Македонија*, XXXI/415, Скопје, 1987, 27; Idem, „Револуционерот Сотир од Оровo", *Македонија*, XXXV/423, Скопје, 1988, 25–26; Христо Ристевски, „Некои нови сознанија за просветната и револуционерната дејност на Лазо Ангеловски", *Историја*, XIX/2, Скопје, 1983, 206–221; Тодор Симовски, „Бесфина", *Македонија*, XXXVI/430, Скопје, 1989, 13; Idem, „Косинец – Костурско: згаснати огништа", *Македонија*, XXXVI/431, Скопје, 1989, 25; Idem, „Зеленич – Леринско", *Македонија*, XXXVI/433, Скопје, 1989, 25; Тодор Чепреганов, „Политиката на Соединетите Американски Држави спрема Грција (1945-1949)", *Гласник*, XXXII/1, Скопје, 1988, 127–139.

25 Ристо Кирјазовски, *Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949)*, Скопје, 1985; Idem, *Македонски национални институции во егејскиот дел на Македонија (1941-1961)*, Скопје, 1987; Idem, *Македонската политичка емиграција од егејскиот дел на Македонија во источно европските земји по Втората светска војна*, Скопје, 1989.

26 Стојан Киселиновски, *Статусот на македонскиот јазик во Македонија (1913-1987)*, Скопје, 1988.

27 Ташко Мамуровски, *Светли ликови од Егејска Македонија (1945-1949)*, Скопје, 1987.

Т. Миовски,[28] А. Близнаков,[29] Д. Прстенаров,[30] Ф. Буцкова.[31]

По осамостојувањето на Македонија, транзицијата на македонското општество кон новите општествено-политички околности во случајот на македонската историографија генерално се манифестира низ новите согледувања за одредени настани и личности од македонската историја. Концепцијата на проучување на минатото во високообразовните и во научните институции и натаму останува фокусирана на историјата на македонскиот народ заснована на архивска документација, без забележливи промени во примена на научната методологија и на веќе експонираните теми.[32] Во однос на историската продукција за Граѓанската војна, и тука е забележливо присуството на веќе експонираните теми, кои останууваат во фокусот на интерес на етаблираните историчари, но и на други автори, кои и натаму продуцираат свои трудови во кои засегнуваат сегменти од оваа проблематика, без да ги променат своите ставови во однос на толкувањата на настаните и на историските процеси.[33] Сепак, особено кај поновите генерации ис-

---

28 Томе Миовски, *Орово и Оровчани во минатото*, Скопје, 1988.

29 Атанас Близнаков, *Д'мбени и револуционерното минато во Костурско*, Скопје, 1982.

30 Димитар Прстенаров, *Селото Вишени: некогаш и сега*, Скопје, 1986.

31 Фани М. Буцкова и Ристо Шанев, *Поздивишта*, Скопје, 1988.

32 Поопширно за македонската историска наука во периодот на транзицијата кај: Драги Ѓоргиев и Ирена Стефоска, „Македонската историографија 1991-2006: транзиција или континуитет?", *Транзициите во историјата и културата*, ред. Тодор Чепреганов et al., Скопје, 2008, 801-807.

33 Спиридон Благоев, „Меѓународната афирмација на македонската нација и реагирањата на грчките власти", *Гласник*, XXXVI/1-2, Скопје, 1992, 29–54; Фани М. Буцкова, *Васил Мартиновски: најмладиот македонски учител во Костурско*, Скопје, 2017; Ристо Кирјазовски, *Демократски и антифашистички партии и организации во егејскиот дел на Македонија (1941-1945)*, Скопје, 1991; Idem, *Македонците и односите меѓу КПЈ и КПГ 1945-1949 Скопје*, 1995; Idem, *Правната дискриминација на големогрчката политика во егејскиот дел на Македонија по Втората светска војна*, Скопје, 1996; Idem, *Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција*, Скопје, 1998; Idem, *Егејскиот дел на Македонија по Граѓанската војна во Грција*, Скопје, 2001; Idem, *Вангел Ајановски-Оче*, Скопје, 2001; Idem, *Петте судбоносни години во Еејска Македонија (1945-1949)*, Скопје, 2009; Idem, „Курс за македонски учители од Егејскиот дел на Македонија во Битола", *Современост*, XL/9–10, Скопје, 1990, 98–99; Idem, „The struggle of the Macedonians from Aegean Macedonia for the use of standard Macedonian language", *Macedonian Review: History, Culture, Literature, Arts*, XX/30, Скопје, 1990, 186–203; Idem, „Еден документ во врска со егзодусот на децата од Егејскиот дел на Македонија", *Историја*, XXIV/XXV/1–4, Скопје, 1991, 155–164; Idem, „Грчкото прашање и територијалните претензии на Париската мировна конференција-1946 година", *Гласник*, XXXVI/1–2, Скопје, 1992, 7–15; Idem, „Народноослободителното движење во делот на Македонија под Грција (1941-1949)", *Прилози за наставата по историја во основното и во средното образование*, уред. одб. Љубомир Трајковски et al., Скопје, 1992, 231–244; Idem, „Грција по Втората светска војна", *Прилози за наставата по историја во основното и во средното образование*, уред одб. Љубомир Трајковски et al., Скопје, 1992, 245–256; Idem, „Борбата за осамостојување на македонското националноослободително движење во егејскиот дел на Македонија", *Зборник. Историја / Музеј на Македонија - Археолошки, Етнолошки и Историски*, Скопје, 1992, 63–79; Idem, „Манипулација со името и идеите на ВМРО и Илинденското востание во Егејскиот дел на Македонија по Втората

тражувачи, евидентно е ослободувањето од востановената идеолошката матрица, но и проширување на темите и на проблемите како предмет на научните истражувања. Така, во овој период се издвојува зголемениот интерес за историјата на дипломатијата, што настанува како резултат на научните истражувања реализирани во странските архиви и на поголемата достапност на архивските фондови, кои поради прописите

светска војна", *Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание*, уред. одб. Ксенте Богоев et al., Скопје, 1994, 497–506; Idem, „The situation of the Macedonian Minority in Greece after the Second World War", *Macedonian Review: History, Culture, Literature, Arts*, XXIV/1, Скопје, 1994, 52–62; Idem, „Македонското национално малцинство во Грција по Втората светска војна: прогони, депортирања, геноцид", *Културен живот*, XXXIX/1, Скопје, 1994, 21–27; Idem, „Неколку раководители на македонското националноослободително движење во Егејскиот дел на Македонија во текот на НОБ и Граѓанската војна во Грција", *Помалку познати и непознати учесници во македонското ослободително движење во XIX и почетокот на XX век*, ред. Александар Трајановски, Скопје, 1995, 177, 164–170; Idem, „Педесет години од евакуацијата на децата од Егејска Македонија", *Гласник*, XLII/ 1, Скопје, 1998, 185–198; Idem, „Афирмација на националниот идентитет на Македонците во егејскиот дел на Македонија", *Гласник*, XLIV/1, Скопје, 2000, 7–18; Idem, „Македонското јазично 'прашање' во егејскиот дел на Македонија", *Гласник*, XLIV/2, Скопје, 2000, 31–41; Idem, „Македонската историографија за егејскиот дел на Македонија", *Македонската историска наука...*, 291–300; Idem, „Етничките промени во егејскиот дел на Македонија по Втората светска војна", *Иселеништвото во Македонија од појавата до денес*, ред. Танас Вражиновски et al., Скопје, 2001, 125–138; Idem, „Судбинска деценија: егејскиот дел на Македонија (1940-1949)", *Македонија во дваесеттиот век*, ред. Новица Велјановски et al., Скопје, 2003, 263–273; Стојан Киселиновски, *Егејскиот дел на Македонија (1913-1987)*, Скопје, 1990; Idem, „Етничките промени во Македонија од антиката до денес", *Гласник*, XXXIX/1–2, Скопје, 1995, 7–13; Idem, „Статусот на македонскиот јазик во Македонија 1913-1987", *XXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, гл. уред. Томислав Тодоровски et al., Скопје, 1997, 191–200; Idem, *Етничките промени во Македонија (1913-1995)*, Скопје, 2000; Стојан Киселиновски и Ирена Ставови-Кавка, *Малцинствата на Балканот (XX век)*, Скопје, 2004; Стојан Кочов, *Ѓорѓи Ј. Пејков (1915-1991). Живот и борбен пат*, Скопје, 1996; Лазар Лазаров, „Дипломатиите на некои европски земји и САД за Македонија и Македонците по Втората светска војна, *Гласник*, XXXIII/1, Скопје, 1989, 65–75; Idem, „Заминување без враќање – иселување на Македонците во минатото и денес", *Гласник*, 46/1, Скопје, 2002, 7–13; Ташко Мамуровски, *Паскал Митревски и неговото време (1912-1978)*, Скопје, 1992; Idem, *Македонците во Егејска Македонија (1945-1946)*, Скопје, 1995; Idem, *Мирка Гинова (1916-1946). Живот и дело*, Скопје, 1996; Михајло Миновски, *Минчо Фотев и националноослободителното движење на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија (1941-1949)*, Скопје, 2008; Владимир Ортаковски, *Меѓународната положба на малцинствата*, Скопје, 1996; Павле Раковски, *КП на Грција и Македонците (согледувања, размислувања и сознанија)*, Скопје, 1990; Idem, *Македонците и Граѓанската војна во Грција*, Т. 1, *Во длабока ноќ зората се раѓа*, Скопје, 2011; Idem, „Во длабока ноќ зората се раѓа", *Македоника*, II/3-4, Скопје, 2012, 94-100; Idem, *Македонците и Граѓанската војна во Грција*, Т. 2, *Невистините и вистините (записи за македонската и за мојата борба)*, Скопје, 2013; Idem, М*акедонците и Граѓанската војна во Грција*, Т. 3, *Протестирам и обвинувам (записи за македонската и за мојата борба)*, Скопје, 2013; Христо Ристовски, *Лазо Ангеловски учител и револуционер (1925-1948)*, Скопје, 2000; Тодор Симовски, *Атлас на населените места во Егејска Македонија*, Скопје, 1997; Idem, *Населените места во Егејска Македонија*, Скопје, 1998.

на архивските институции и поради актуелните политички интереси на државите, претходно биле недостапни за истражувачите. Притоа, за односот на дипломатијата на САД и на Велика Британија кон Грција и за нејзината рефлексија врз Граѓанската војна и врз судбината на Македонците во Грција со свои трудови, монографии, статии и зборници на документи се појавуваат Тодор Чепреганов[34] и Лилјана Пановска,[35] а за југословенската и за француската дипломатија Новица Велјановски[36] и Лазар Лазаров.[37]

Пообемна продукција се остварува и за прашањето на евакуацијата на децата од Грција во 1948 година, односно за прашањето на децата бегалци и за иселувањето и положбата на македонската емиграција од Грција во Југославија, во Источна Европа и во прекуокеанските земји. Имено, во рамките на Втората светска средба на децата бегалци одржана во Скопје во 1998 година,[38] за првпат беше организиран научен

---

34 Тодор Чепреганов, *Велика Британија и Македонија 1945-1948 (документи)*, Том II, Скопје, 1996; Idem, *Велика Британија и македонското национално прашање (август 1944-1948)*, Скопје, 1997; Idem во коавторство со Лилјана Пановска, „Македонците во југословенско-грчките односи 1948-1950“, *Република Македонија 60 години по АСНОМ*, уред. одб. Цветан Грозданов et al., Скопје, 2005, 277–294; Idem во коавторство со Лилјана Пановска, „Мирка Гинова во британската дипломатска коресподенција“, *Историја*, XLI/1–2, Скопје, 2005, 121–128; Idem во коавторство со Лилјана Пановска, *Велика Британија и Македонија. Македонија*, Скопје, 2006; Idem во коавторство со Лилјана Пановска, „Воените операции на Грамос (јуни-1 август 1948) низ британските документи“, *Историја*, XLIII/1–2, Скопје, 2007, 117–130; Idem, „Шеесет години од крајот на Граѓанската војна во Грција“, *Предавања на XLII летна школа*, Скопје, 2010; Idem во коавторство со Лилјана Пановска, *Граѓанската војна во Грција во британската дипломатска кореспонденција 1945-1949. Документи*, Т. III, Скопје, 2011; Idem во коавторство со Катерина Мирчевска, „Документ за положбата на бегалците од егејскиот дел на Македонија во СР Македонија од 1968“, *Гласник*, 55/1–2, Скопје, 2011, 211–220; Idem во коавторство со Петар Тодоров, „Два документа за состојбата во Македонија од министерот за надворешни работи на Велика Британија од 1958 г“, *Историја*, XLVII/1, Скопје, 2012, 237–259.

35 Лилјана Пановска во коавторство со Тодор Чепреганов, *Македонците во југословенско-грчките односи 1948-1950. Документи*, Т. 1, Скопје, 2000; Idem во коавторство со Тодор Чепреганов, *Македонците во југословенско-грчките односи 1950-1953. Документи*, Т. 2, Скопје, 2001; Idem, *Крајот на една илузија: Граѓанската војна во Грција и Македонците 1946-1949,* Скопје, 2003; Idem во коавторство со Тодор Чепреганов, „The Civil War in Greece (1946-1949): One Event in History - One Lesson for Future“, *The name issue revisited: an anthology of academic articles*, edit. board Mircela Dzuvalekovska Casule et al., Скопје, 2013, 435–442; Idem, „Југословенската поддршка на Демократската армија на Грција 1946-1949“, *Историја*, L/LI/1, Скопје, 2015–2016, 275–300.

36 Новица Велјановски, *Архив на Јосип Броз Тито – Документи за Македонија 1943-1953*, Скопје, 2012; Idem, *Дипломатски документи за Граѓанската војна во Грција (1945-1946)*, 1, Скопје, 2014; Idem, *Дипломатски документи за Граѓанската војна во Грција (1947-1949)*, Кн. 2, Скопје, 2016.

37 Лазар Лазаров, „Обединувањето на Македонија и третманот на Македонците во соседните земји низ извештаите на француските дипломатски претставници (1945-1955)“, *АСНОМ – педесет години македонска држава 1944-1994*, уред. одб. Евгени Димитров et al., Скопје, 1995, 571, 271–282; Idem, *Македонија во француската политика на Балканот 1944-1957*, Скопје, 1998; Idem, *Француската дипломатија и Македонија (1945-1955)*, Скопје, 1998.

38 Втората светска средба на децата бегалци се одржа во јули 1998 година во Скопје.

симпозиум посветен на историјата на Македонците во Грција со наслов *Етничките промени во Егејска Македонија во XX век*, од кој произлезе и истоименото зборник, во кој меѓу дваесетината објавени статии и прилози, најголемиот број засегнуваат различни аспекти на посочените прашања.[39] Освен тоа, овие теми се предмет на интерес и на повеќе монографии, прилози и трудови објавувани во периодот од крајот на 80-тите, но и во наредните години.[40]

---

[39] Зборникот *Етничките промени во Егејска Македонија во XX век*, ред. одб. Ѓорѓи Доневски et al., Скопје 2001, опфаќа научни трудови, но и прилози во кои се застапени лични искуства и емотивни размислувања на авторите кои навлегуваат во антрополошко-социолошкиот аспект на бегалство: Тодор Симовски, „Етничките промени во Егејска Македонија (XX век)", 35–76; Ѓорѓи Доневски, „Присилно менување на топонимите и микротопонимите во Егејска Македонија", 101–130; Кузман Георгиевски, „Македонската емиграција од егејскиот дел на Македонија", 137–148; Лазар Лазаров, „Француски погледи за положбата на македонскиот народ и етничките промени во Егејска Македонија (1944-1957)", 171–188; Кирил Добрушев, „Грчката агонија продолжува", 189–193; Христос Сидеропулос, „Здружени во заедничка борба", 195–196; Тодор Цунов, „Пролегомена – за правната положба на македонските бегалци од Граѓанската војна во Грција", 197–201; Ристо Кирјазовски, „Го бранеа и го одбранија македонизмот", 205–223; Фани Буцкова, „Интернационализација на проблемот на децата-бегалци", 225–229; Васил Јотевски, „Образованието и воспитувањето на децата во грчките домови и интернати од 1948 до 1956 година", 231–233; Александар Литовски, „Згрижувањето на бегалците од егејскиот дел на Македонија во Битола и Битолско во 1945 година", 235–250; Ирена Ставови-Кавка, „Деца-бегалци од Егејска Македонија во Полска", 251–255; Тодор Миовски, „Заминувањето на Македончињата од источноевропските земји во Австралија и нивниот придонес во развивањето на македонскиот национален идентитет меѓу Македонците во Западна Австралија", 257–278; Вангел Качев, „Некои етноисториски, психофизички и културно-социолошки аспекти во развојниот пат на децата прогонети од егејскиот дел на Македонија", 279–309; Благој Јанаков, „Душата на децата-бегалци од егејскиот дел на Македонија (Неколку психолошки белешки)", 311–316; Катерина Сарова, „Афирматори на културата", 317–324; Петре Наковски, „Се потврди жилавоста на нашиот корен", 325–332; Јагнула Куновска, „За нас нема збогум", 335–336.

[40] Виолета Ачкоска, „Некои аспекти на парашањето на бегалците од Егејска Македонија во НРМ (1944-1955)", *Гласник*, 46/2, Скопје, 2002, 57–73; Idem, „Информбировската кампања и македонските бегалци од Беломорска (Егејска) Македонија", *Историја*, XLIII/1–2, Скопје, 2007, 33–47; Фани М. Буцкова, *И ние сме деца на мајката земја ...*, Скопје, 1998; Idem, *Македонската култура и просвета во Егејска Македонија во источноевропските земји (1940-1968)*, Скопје, 2002; Новица Велјановски, *Бегалскиот апсект на Граѓанската војна во Грција:1946-1949*, Скопје, 2016; Никола Жежов, „Селото Пожарско во Граѓанската војна во Грција 1946-1949 година", *Годишен зборник-Annuaire*, кн. 64, Филозофски факултет, Скопје 2011, 209–224; Христо Ивановски, *Сеќавања и Размислувања*, Скопје, 2009; Мишо Китаноски и Ѓорѓи Доневски, *Деца бегалци од Егејска Македонија во Југославија*, Скопје, 2003; Лазар Минков, *Македонската емиграција од егејскиот дел на Македонија во Унгарија*, Скопје, 2000; Александар Литовски, „Македонците од егејскиот дел на Македонија и Грција во 1945 година", *Балканот: луѓе, војни и мир*, ред. одб. Драги Ѓоргиев et al., Скопје, 2015, 383–394; Idem, „Прилог за животот на Васил Караицовски, борец од Егејскиот дел на Македонија", *Зборник на трудови на НУ Завод и музеј – Битола*, бр. 20, Битола, 2017, 1–12; Катерина Мирчевска, „Полска – една дестинација на децата евакуирани од Грција во 1948 година", *Македонија – Полска: историја, јазик и култура*, ред. Тодор Чепре-

Од 90-тите години и во последно време, и во нашата земја, како, впрочем, и во светски рамки, сè поголемо внимание ѝ се посветува на усната историја. Иако без примена на научната методологија усвоена од страна на оралната историја како посебна научна дисциплина, сепак беа публикувани голем број изданија од овој домен базирани врз лични сведоштва, како и врз лични и посредни сеќавања на поединици за одредени историски настани и личности од историјата на Македонците во Грција, вклучително и од времето на Граѓанската војна. Станува број за монографии напишани првенствено од учесници во војната и припадници на генерацијата на некогашните деца бегалци, но и од други автори кои содржат сеќавања за Граѓанската војна, за

ганов et al., Скопје, 2009, 59–68; Idem, „ФНР Југославија и репатријација на децата евакуирани од Грција во 1948 година", *Tokovi istorije*, 1-2/2009, Beograd, 2009, 21–31; Idem, „Понижување и пркос: Македонката и 'белиот терор' во Грција (1945-1946)", *Гласник*, 54/1–2, Скопје, 2010, 139–150; Idem, „Просветната политика на НР/СР Македонија кон евакуираните деца од егејскиот дел на Македонија (1948-1960)", *Macedonski dyskurs niepodleglosciowy historia, kultura, literatura, jezyk, media, red. Irena Stawowy-Kawka, Maciej Kawka, Krakow*, 2011, 159–166; Idem, „'Бела Црква' за македонските деца (1948-1958)", *Битола и македонско-српските културни односи и врски*, ред. одб. Ѓорѓи Лумбуровски et al., Битола, 2011, 281'294; Idem, „Остварување на човековите права: историско наследство и перспектива во активноста на здруженијата на децата-бегалци", *Историското наследство – перспектива или хендикеп*, ред. Александар Атанасовски et al., Скопје, 2011, 335–348; Idem, „Македонскиот јазик, азбука и учебници во училиштата (во детките домови) за децата евакуирани од Грција во источноевропските земји", *Спектар*, XXIX/58, Скопје, 2011, 379–389; Idem, „Влогот на НР Хрватска во згрижувањето на децата евакуирани од Грција во 1948 година", *Hrvatsko-makedonske književne, ježicne i kulturne veze*, knjiga III, ured. Goran Kalođera i Vasil Tocinovski, Rijeka, 2011, 403–412; Idem, „Положбата на бегалците од егејскиот дел на Македонија во НРМ (1945-1950)", Македоника, II/3–4, Скопје, 2012, 89–93; Idem во коавторство со Тодор Чепреганов, „Документ за положбата на Македонците од егејскиот дел на Македонија во СР Македонија од 1968 година", *Гласник*, 55/1–2, Скопје, 2011, 211–219; Idem во коавторство со Љубица Јанчева, „Детскиот дом 'Лазо Трповски' во Битола: една нова адреса на децата евакуирани од Грција", *Зборник на трудови на НУ Завод и Музеј – Битола*, бр. 15, Битола, 2012, 103–112; Idem, *Нова дестинација-нова татковина. Децата бегалци од егејскиот дел на Македонија во Југославија и Македонија*, Скопје, 2012; Idem, „Македонката во националноослободителното движење во егејскиот дел на Македонија", *Гласник*, 57/1–2, Скопје, 2013, 121–132; Idem, "The Children Evacuated from Greece in 1948: to the Eastern-European Countries and Yugoslavia", *Politeja*, NO. 4 (30), Krakow, 2014, 79–87; Idem, „Корените и татковината: македонските бегалци од егејскиот дел на Македонија во НР/СР Македонија (1945 – 1960)", *Балканот: луѓе...*, 369–381; Idem, "Izbeglice u Jugoslaviju tokom građanskog rata u Grčkoj – Od emigranata do punopravnih građana", *YU historija: multiperspektivna istorija druge Jugoslavije* (Helsinški odbor za ljudska prava u Srbiji), 2017, http://www.yuhistorija.com/serbian/drustvo_txt01c3.html; Idem, „Меѓу културната меморија и општественото признавање на траумата: Светски средби на децата бегалци", *Гласник*, 62/1–2, Скопје, 2018, 177–188; Петре Наковски, *Македонски деца во Полска (1948-1968)*, Скопје, 1987; Idem, „Заминување на децата бегалци од Егејска Македонија", *Македонски иселенички алманах*, Скопје, 1988, 122–129; Idem, *Македонските бегалци во Полска: проблеми на воспитанието и образованието на децата и младината.* Документи 1948-1975, Кн. 1 и Кн. 2, Скопје, 2008; Никифор Робовски, *Македонците од егејскиот дел на Македонија во Чехословачка*, Скопје, 1998.

родовиот аспект, за историјатот на родните места, за заминувањето од родните домови и престојот во источноевропските земји, за населувањето во НР/СР Македонија и интеграцијата во новиот општествено-политички контекст,[41] потоа монографии за села,[42] зборници на документи.[43] Освен тоа, на овие теми беа снимени и повеќе документарни филмови,[44] меѓу кои и серијалот *Сведоци*, реализиран во рамките на проектот „Евидентирање, фотографирање, снимање и архивирање на видеоматеријали

[41] Благојче Андонов, *Портрети и настани од егејскиот дел на Македонија*, Скопје, 2018; Раде Гогов-Црноречки, *Лекување на борци на ДАГ во Македонија*, Скопје, 2010; Никола Балкански, *Непрежален роден крај*, Скопје, 2001; Иван Глигоровски, *Учители на прогонетите деца од Егејска Македонија*, Скопје, 2010; Idem, *Школувањето на прогонетите деца од Егејска Македонија*, Скопје, 2016; Никола Жежов, „Еден пример на усна историја од Костурско", *Годишен зборник-Annuaire*, кн. 61, Филозофски факултет, Скопје, 2008, 303–314; Лидија и Ермис Лафазановски, *Егзодусот на Македонците од Грција. Женски стории за Втората светска војна и нивниот егзодус*, Скопје, 2002; Ташко Јованов и Жаклина Митевска, *Аргументи од црниот тефтер на жртвуваните*, Скопје, 2009; Кица Б. Колбе, *Егејци*, Скопје, 1999; Михаил Керамитчиев, *Недовршени спомени*, Скопје, 2010; Катерина Мирчевска, „Еден орален запис – една лична сторија – еден историски извор – сеќавања на Викторија Залева", *Македонски архивист*, XXV–XXVI/25–26, Скопје, 2019, 49–50; Сократ Пановски, *Македонки*, Скопје, 2009; Idem во коавторство со Илија Лафазановски, *Прогонство што трае*, Скопје, 2005; Кита Сапурма и Пандора Петровска, *Децата на птицата-божица. Една македонска автобиографија*, Скопје, 2007; Евдокија Фотева Вера, *До пеколот и назад*, Скопје, 2004; Idem, *Патот за дома*, Скопје, 2011; Виктор Цветаноски, *Голготата на Македонците во Грција*, Скопје, 2009; Коста Шкоклев, *Е-48. Сторија за егзодусот на децата бегалци од Граѓанската војна во Грција*, Скопје, 2004; Живко Шкоклевски, *Монистра на сеќавањата*, Скопје, 2003.

[42] Јанче Андоновски, *П'пли низ минатото*, Скопје, 2012; Никола Балкански и Ангел Балкански, *Село Чифлицик во Егејска Македонија*, Скопје, 2001; Танас Вражиновски, *На пат кон светотот место: село Смрдеш, Костурско низ историјата,* Скопје, 2016; Ѓорѓи Доневски, *Бапчор*, Скопје, 1996; Никола Кичевски, *Трсје и Трсјани*, Скопје, 1998; Сократ Пановски, *В'мбел*, Скопје, 2002; Лазо Поп-Јаневски, *Костурското село Д'мбени*, Скопје, 1996; Васил Спиров-Палов и Мичо Толевски, *Лак. Село во Преспа Егејска Македонија*, Скопје, 2000; Христо Ристовски и Гоче Дробицки, *Граждено: 1949*, Скопје, 2001.

[43] *Хроники на селата во Костурско*, Том I, кн. 1 и кн. 2 (Избор и редакција: Катерина Мирчевска, Димитар Љоровски и Љубица Јанчева), Скопје, 2018; *Хроники на селата во Леринско*, Том II, кн. 1 и кн. 2 (Избор и редакција: Катерина Мирчевска, Димитар Љоровски и Љубица. Јанчева), Скопје, 2019.

[44] „Тулгеш", Вардар филм, Скопје, 1977; „Белојанис", Телевизија Скопје, МТВ, Скопје, 1990; „Ин континуо", Вардар филм, Скопје, 1998; „Децата од 1948", во авторство и режија на Сузана Динева, магистерски труд, Факултет за филмска режија – Торонто, Канада, 2002; „Егејска Македонија во Граѓанската војна во Грција", Кино око продукција, МТВ, Скопје, 2011; „Политиката на грчката држава кон македонското национално прашање по 1950 година", Кино око продукција, МТВ, Скопје, 2011; „Егејска Македонија во дваесеттиот век", Кино око продукција, МТВ, Скопје, 2011; „Грчката колонизација во Егејска Македонија 1913-1953", МТВ, Filmtrick Editing, Скопје, 2014; „Македонските бегалци од Егејот и нивната интеграција во источна Европа и СР Македонија", МТВ, Filmtrick Editing, Скопје, 2017; „Егејска Македонија 2017", МТВ, Filmtrick Editing, Скопје, 2017; „Најзначајните личности од егејскиот дел на Македонија", Filmtrick Editing, МТВ, Скопје, 2017; „Македонецот", Amitall Film Agency, Polish Film Institute, Warsaw, 2013.

и разговори со Македонците протерани од Егејска Македонија во 20 век“,[45] со цел да се зачува историското, но и културното наследство на Македонците од егејскиот дел на Македонија видено низ перспективата на директните учесници.

Иако мемоарската продукција не претставува историографија, сепак таа во историската наука има статус на извор од третостепено значење кој содржи широк дијапазон на податоци, со што, според оралните историчари, нуди алтернативен начин на концептуализирање на минатото. Имено, таа овозможува да се напише една повалидна варијанта на историјата[46] и „да се долови хуманиот дух на луѓето, да се види како етничките малцинства решиле или не успеале да решат одредени проблеми, како напредувале или им се спротивставувале на промените и како создале или не успеале да создадат подобар живот за себе и за своите деца.“[47] Сепак, потребно е нејзино внимателно користење, во корелација и со споредување со историографските трудови и со архивската документација како примарен извор, зашто, всушност, таа претставува обемно изворно четиво кое нуди достапност до полезни податоци не само за историјата туку и за авентичната етнологија, култура, демографија, географија, етнографија и за автентичниот фолклор на Македонците во Грција, со што отвора можност за посеопфатни, интердисциплинарни истражувања од доменот на хуманистичките и на општествените науки.

[45] Проектот се одвиваше во периодот 2010 – 2015 година во соработка меѓу Министерството за култура, Министерството за надворешни работи, Кинотеката на Македонија, Институтот за национална историја, Здруженијата на децата бегалци „Незаборав“ и „Македон“, Сојузот на стопански комори на Македонија и Македонската телевизија, а од него произлегоа 5 документарни филма: „Сведоци: Македонија“, Кинотека на Македонија, Скопје, 2012; „Сведоци: Канада“, Кинотека на Македонија, Скопје, 2014; „Сведоци: Австралија“, Кинотека на Македонија, Скопје, 2015; „Сведоци: Европа“, Кинотека на Македонија, Скопје, 2015 и „Сведоци: Америка“, Кинотека на Македонија, Скопје, 2016.

[46] Gary Y. Okihiro, “Oral History and Writing of Ethnic History. A Reconnaissance into Method and Theory”, *Oral History Review*, 9 (1981), 27-46, 45, http:/www.sjsu.edu/people/julia.curry/courses/MAS275/s2/ Okihiro-oral-history-and-the-writing-of-ethic-history.pdf (проверено на: 17 септември 2018).

[47] Ibid., 46.

Гласник, 64/2, 2020, стр. 49–57 СТАТИИ

UDK 811.163.3'282.3(495.6):821.163.3-05(495.6)

ДИЈАЛЕКТНАТА ЛЕКСИКА ВО ДЕЛАТА НА ПИСАТЕЛИТЕ КОИ ПОТЕКНУВААТ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

Лилјана Макаријоска, Мери Цубалевска***

Abstract: The subject of our interest is the dialect vocabulary in the works of Macedonian writers, descended from Aegean Macedonia, e.g. Tashko Georgievski, Paskal Gilevski, Petar Shirilov, Ivan Chapovski, Kata Misirkova-Rumenova, Risto Jachev, Georgi Georgievski and others. These writers refer to the dramatic events of the civil war in Aegean Macedonia, and the fact that they are witnesses and participants in very events, the writings are distressingly reflected in the experience of the writing personalities, narrated in their native speech. In addition to the richness of storytelling and the richness of motifs and linguistic means, the choice of vocabulary confirms the high literary and aesthetic value of the work, and contributes to preservation of many dialects, for example, in the language of Tashko Georgievski: *aresa se, boj, deksa se, dira, kadro, ljoljo, obide, fraska, shavne*. Ivan Čapovski's language is also characterized by dialectisms thus enriching the language with words from the vernacular: *bishka, boravi, vardi, kinisa, lafi, napkum, okara, omjaz, pala, pljachki, puli, shej*. In the dialect layer of the linguistic expression by Paskal Gilevski, a native speaker of the Kostur Region dialect, there are, for example: *chupa, laf, nikul, vardi, namnisa, puli, tavri, tagari* etc., and in the language of Petar Shirilov, descended from the Lerin Region there are: *argasa, gagari, garvali, klava, odaja, peshnik, setnina, chevre, shmetka.*

Keywords: Macedonian literature, style, lexis, dialectisms, dialect vocabulary.

Одбележувањето на јубилеите претставува можност да се потсетиме на минати времиња кои побудуваат и многу спомени, а годинешниов наш јубилеј е потсетување

* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје, научен советник/редовен професор, е-адреса: makarijoska@yahoo.com.

** Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје, научен советник/редовен професор, е-адреса: m.cubalevska@yahoo.com.

на големата голгота и невидениот егзодус што се случи во средината на XX век на просторот на Егејска Македонија и на сè она што го доживеја децата бегалци од Егејска Македонија, како големо историско искуство и предупредување тоа никогаш да не се повтори.

Во повеќе изданија[1] е раскажана судбината на над 20-илјадната непрегледна колона на егејските деца бегалци, како опомена и аманет, упатен кон потомците и генерациите што доаѓаат, да не се повтори злото, страдањата доживеани далеку од родните огништа и од своите најмили, во туѓина и во детските домови, притисоците со цел во корен да се уништи македонскиот идентитет ..., но и да не се заборават родните огништа; аманет од „децата без детство" со тажни и крвави спомени, со многу страдања и тага што поголемиот дел од животот го минале откорнати и пресадени, со многу лузни и солзи, но и копнежи за враќање на татковите родни огништа и стреи.

Предмет на нашиот интерес, како потомци на деца бегалци, е дијалектната лексика во делата на македонските писатели кои потекнуваат од Егејска Македонија, како, на пример: Ташко Георгиевски (1935, с. Кронцелево, Воденско), Паскал Гилевски (1939, Сетома, Костурско), Ката Мисиркова-Руменова (1930, Постол, Еницевардарско), Петар Ширилов (1934, с. Горничево, Леринско), Иван Чаповски (1936, с. Пожарско, Воденско), Ристо Јачев (1942, Долно Родиво, Воденско), Георги Георгиевски (1934, с. Кронцелево, Воденско), Петре Бицевски (1939, с. Горно Пожарско, Воденско), Фана Мартинова-Буцкова (1939, с. Поздивишта, Костурско), Јагнула Куновска (1943, Костурско) и др.

Овие автори го воведуваат читателот во атмосферата на текстовите и ги откриваат психичките состојби на одделните ликови или на колективот, специфичните ситуации на тие што се насилно искорнати од своите домови за да бидат „засадени" во некој, за нив, наполно непознат свет и соочени со прашањето: „Каде е мојата земја?"[2]

---

1 На пример, Мишо Китаноски, Ѓорѓи Доневски, *Деца бегалци од Егејска Македонија во Југославија*, Здружение на децата-бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2016, e-book edition и др.

Прашањето за децата бегалци и за нивното напуштање на родните огништа во Егејска Македонија е обработено и во делата на: Никифор Робовски *Македонците од Егејска Македонија во Чехословачка*, Вангел Поповски *Децата бегалци во Чехословачка*, Лазар Минков *Македонците во Унгарија*, како и во повеќето изданија посветени на одделни македонски села во Егејска Македонија, како што се: *Бапчор* од Ѓорѓи Доневски, *В'мбел* од Сократ Пановски, *Трсје и трсјани* од Никола Кичевски, *Орово и оровчани* од Томе Миовски, *Граждено* од Христо Ристовски и Гоче Дробицки, двете книги за селото *Д'мбени* од Атанас Близнаков и Лазар Поп Јаневски, понатаму книгата за село Поздивишта од Фана Буцкова и Ристо Шанев, *Буф* од Доне Пановски, спомен-книгата за Герман, изданието за Сетина и за Попадија од Тодор Јовановски, за Вишени од Димитар Прстенаров, *Чифлицик село во Егејска Македонија* од Никола Балканов и Ангел Балкански и др.

2 Намита Субиото, „Есенцијата на егзистенцијалната мачнина на прогонетиот/искорнатиот во прозата на Ташко Георгиевски", *XXXIV научна конференција на XL меѓународен семинар за*

Посегнувајќи по дијалектните зборови и изрази, современите македонски прозаисти афирмираат одредени јазични средства што потенцијално имаат поголема изразна моќ, а на тој начин тие се врзуваат за срединаta на која и самите ѝ припаѓаат и која не би била толку добро насликана и приближена до читателите со употреба на лексиката од стандардниот јазик.[3] Преку изборот на дијалектизмите во дијалозите и во авторската реч, односно во авторските дијалози, доаѓа до израз народниот карактер на јазикот на писателите, кои при изборот на јазичните средства се враќаат кон својот роден говор и црпат изворно богатство. Употребата на дијалектната лексика претставува непресушен извор за збогатувањето на македонскиот лексички фонд, за потсилување на литературниот исказ, преку подбор на лексемите без нарушување на јазичната норма, а се овозможува поголема изразност и посоодветно пренесување на атмосферата, карактерот на ликовите итн.[4]

Вистинити, односно неоспорни се судбините на Македонците од нивниот историски прогон проследени во романите на писателите кои потекнуваат од Егејска Македонија. На пример, во делата на Ташко Георгиевски, страдањата се врамени на различни простори: Егејска Македонија, Русија, Војводина и Македонија (Вардарска). Тоа се судбините на протераните од родното огниште, над кои постојано демнела смртта и кои поминувале низ малтретирања, тероризирања, војни, прогони во непознат правец, по затвори и логори, пренесувани со камиони и возови, психички уништувани, губејќи го човекот во себе, губејќи го сопствениот и националниот идентитет. Па затоа, како што бележи Гане Тодоровски, „во делата на македонските писатели Егејска Македонија не е само тема, туку уште и судба и бол и траума и комплекс. Не е оваа тема никаква теза или протест, петиција, демонстративен чин. Оваа тема е крстозбор. Не е заговор на почвата и крвта, туку едноставно: крвопис. Оваа литература нам, на Македонците, ни ја спаси националната чест. Ни ја поднесе да ја одболуваме историската меморија како античка трагедија.“[5]

Според Анте Поповски[6], егејската тема е органски дел од современата македонска литература и зафаќа широки подрачја на македонската мисла и на македонската тага. Егејската тема е литература – судбина. Огромното епско платно на

македонски јазик, литература и култура, ред. Емилија Црвенковска, Скопје, 2008, 221–231.

3 Васка Ташова, *Авторските лингвостилистички маркирани единици во современата македонска проза*, (докторска дисертација), Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2016, 82.

4 Сп.: Ружа Паноска, „Дијалектните особености во прозата на некои македонски прозаисти“, *Македонски јазик*, XXIII, Скопје, 1972, 205–219; Тодорка Шапкалиска, *Дијалектизмите во делата на писателите од западна Македонија*, Скопје, 1982; Лилјана Макаријоска, „За дијалектизмите во современата македонска литература“, *Славистички студии*, кн. 19, 2019, 105–130.

5 Гане Тодоровски, „Егејската тема во современиот македонски роман“, *Книга нашинска сиреч славјанска*, Скопје, 1990, 264.

6 Анте Поповски, „Расказ-судбина“, *Ката Мисиркова-Руменова, Недожилени*, Скопје, 1988, 153–154.

Ташко Георгиевски, на кое се насликани цели епохи на човековата болка и драма во една сложена композиција на изразот, на ликовите и на општата ситуираност и поставеност на романескното дејство, во нашата литература е веќе една автохтона и заокружена естетска димензија. Од П. Ширилов до П. Гилевски и И. Чаповски, егејската тема не е само временска и топографска одредница туку е и автентична креација на секој автор одделно: придонесот на сите овие автори е од непроценливо значење за нашата современа литература, бидејќи секоја страница е потпишана со страдалничката крв на нејзините автори, но и со нивната голема дарба и чест. Ката Мисиркова-Руменова на прозниот расказ на оваа тема му го дава својот голем придонес во смисла на една автентична вистина надградена со топла и искрена авторска креација, со богат лексички фонд и со една лирска перцепција која се поистоветува со перцепцијата на авторот сведок на настаните. Тоа се раскази судбини, суптилно изгравирани од раката на еден сведок.

Исконски чиста и благородна е тагата во оваа литература, во која писателот пророчки ја здогледува силата на обновата: човечки е да се верува дека откорнатикот, во име на основните човекови права, некогаш одново преку своите поколенија ќе се врати во пределот на својот корен, меѓу коските на своите дедовци, на чардаците на своите татковци.[7]

Писателите по потекло од Егејска Македонија им ги посветуваат своите литературни дела на драматичните настани по Граѓанската војна, а со оглед на тоа што и самите се сведоци на и учесници во настаните што ги опишуваат, тие потресно се пресликуваат во доживувањето на личностите за кои пишуваат, но исто така и прозвучуваат во нивниот говор. Покрај богатството од раскажувачки постапки и богатството на мотиви и на јазични средства, изборот на лексиката ја потврдува високата книжевно-естетска вредност на делата, а придонесува и за зачувување од заборавот на многу дијалектни зборови.

Многу ликови говорат на својот воденски говор, роден говор на плодниот писател **Ташко Георгиевски**: *Ни чера ни вадин голта лејка не ти а видек! Шо лафиш, зар спијш адно и адно ден?* (РЗ: 157); *Седи адно зад масата, и ме пита ти ли си Роса таа и таа? Јаска, му вела. Еми колку деца имаш? Пет и с'те се чупијна!* (РЗ: 173); *Си ом дома и пулам не мижурка у теп кандиуцето! Кандиуцито уставено само... Дујдеа адни луде да те палат!* (РЗ: 144); *Тук се бркаме су луде! Дандалот ме бега! Јаска sacpa ричек јагу љољто...* (РЗ: 135).

Големиот број дијалектни зборови придонесуваат во документирањето на богатиот лексички фонд на егејските говори: а*реса се, бој, декса, дира, думан, замалавен, икиндија, испогани, испокутка, испофрчка, кадро, карекла, кламка, кондиса, лафи, љољо, надраба, обиде, откафти, отфикари, пала, припала, пирнуга, признe, пули, расфрчкан, сроса, фраска, шавне, шамата*. Примери: *детето и момата са аресале*

[7] Ibidem.

(НЗН: 300); *му наклавав глогови колку човечки бој* (ЦК: 91); *дирата не сакаа да му ја настапат* (ЦК: 101); *летото невдоапно клоцна крена думани околу градот* (ГР: 150); *Таа замалавена седеше во ќошот* (S: 141); *пристигнаа од кај икиндија* (ЦБ: 176); *Ги испоганија сите станички* (РЗ: 18); *ги испокуткаа мажите* (ЗВ: 22); *камењата ги испофрчкаа лево и десно* (ЦК: 56); *од тој ден носам кадро на вујко ми* (ГР: 132); *ки му најдат карекла на во мојто!* (ЦБ: 75); *са кундисаме ниа* (ЦБ: 59); *оваа душичка со месеци сум ја кламкал во параодине* (ЗВ: 39); *арно лафиш ќерко* (ЦБ: 36); *А на мен срам уд такви лафои, му лафам ним бре синко су такви лафои* (ЦБ: 37); *Ауууу, па во чувек е като љоље бре!* (РЗ: 130); *Во Негуш надрабав на уште еден Вани* (ЦК: 75); *Кроце бре, жени, сакав само да ја обидам!* (РЗ: 25); *никогаш уста да откафти* (ЗВ: 97); *го отфикари и половината сомун* (ЦБ: 236); *Дуjдеа адни луде да те палат!* (РЗ: 144); *ќе биде слободна како пирнуга* (ЦБ: 48); *призни тука призни там и испаднаме на Свити Димитрија* (ЦБ: 244); *да не си гу припала чедто!?* (ЦБ: 223); *не пули уд зад адно дибело џам* (ЦБ: 244); *клопчето се зафрчи како тркало* (РЗ: 294); *дечињата биле расфрчкани по градињето* (ЦК: 57); *там срусаме адно гулем криват* (ЦБ: 71); *и потоа да сросаме семејство* (ЦБ: 227); *го фраскаа по телото* (ЛВ: 54); *му се стори дека нешто шавна зад џамот* (РЗ: 126); *не треба да крева толкава шамата* (ЦБ: 147); *се случи една шамата во домот* (ЦБ: 155).

И **Иван Чаповски** има творечки порив и потреба да проговори за животната вистина на својот народ употребувајќи голем број дијалектни зборови од својот роден говор, воденскиот: *бишка, борави, варди, дума, думан, зејнат, исprли, киниса, кламка, лафи, налимбан, напкум, окара, омјаз, пала, пљачки, повела, полафи, пули, фрасне, чупе, џагуле, шеј.* Примери: *Се прпелкаш како пијана бишка* (ДМВ: 71); *Леле црни Доне, овде ни бишки не живеат* (ДМВ: 32); *Му бораваt цревата* (Ц: 153); *треба да знам како да се вардам* (Зм: 175); *и се вардев од злото* (Зм: 150); *Какви не црни думи душата му ја гризат* (Ц: 46); *меѓу нив думани од црнило* (Зм: 122); *устата беше уште еднаш зејната и, со изнапиканото п'рланто до грло* (М: 67); *не го извадоа од пламените јазици со исprлени ногавици и коса* (Зм: 179); *можам оган да доближам, да ги исprлам влакната* (Зм: 70); ej, *Мито, кај сте кинисале, бре?* (М: 28); *Да кинисам со вас!* (М: 36); *се спремам да кинисам кон неа* (Зат: 85); *беа кинисале за в црква, на неделна литургија* (Ц: 12); *тивко му се кламка во клисурата* (М: 82); *За какво дете лафиш, бре чумо ниедна!* (М: 42); *Што лафиш бре?* (М: 70); *е токму тоа налимбано Грче му ја зеде главата* (ДМВ: 145); *Тие двајца вампири, во човечки омјази* (Зм: 175); *и опикаса на кое место стои и, без да окара што мајка бара в планина* (М: 75); *барем да му ја окараше мајка му* (М: 69); *Напред, над сите тие измачени омјази, пули една слика* (Ц: 38); *небаре го сменил омјазот* (М: 92); *ја препалеа од страв* (Зм: 175); *Ej ѓаволе, што палаш од мене, ej антихристу?* (Зм: 161); *ти што палаш тука?* (Ц: 70); *И што ум пала таму?* (Ц: 85); *променет во ветва руба, во пљачки на просјак, држејќи в раце: евангелие и апостол и путир со темјан* (Ц:23); *Таа му стави троа пљачки, а во торбиче му пикна пешник леб* (ДМВ: 206); *му се пика под тенките пљачки* (ДМВ: 171); *оти со тие градови друг повела* (Ц: 72); *не му дадоа да си*

полафи со детулето! (М: 45); *Пулам, пулам. Во тебе го пулам и дедо* (Ц: 21); *Ајде мори, светец, светците се пулат во луѓето, а овој кај се пули, се пули накај гробиштата* (Ц: 92); *за малце не ѝ фраснав една шлаканица* (ДМВ: 159); *Е, чупиња, чупиња* (Ц: 68); *му се родило чупето и двете мажиња* (ДМВ: 154); *кај мене сѐ е женско – три чупиња, една невестичка* (М: 50); *чупо, кај бегаш како без глава?* (Ц: 319); *Престани да пееш пред чупето, бре турлак* (Ц: 221); *И крикна тоа џагуле* (ДМВ: 126); *купува некои шејови за свадбата* (ДМВ: 94); *Без тој шеј сте голи* (ДМВ: 70); н*асекаде натрупани шејови – регали, ормани, стари комоди, легени, колички, ,рѓосани чевли* (М: 51).

Паскал Гилевски го привлекува вниманието на читателската публика со својот стил и со описот на тешките животни услови на прогонетите од родните огништа соочени со разделбата од блиските, од нивната татковина и од саканите. Тој е раскажувач кој создава слики за да ги согледаме директно душевните страдања на човекот, автор кој преку своето лично искуство, надоен со човечката судбина, го развива драматичниот монолог како своја тревожна исповед за сопствените, односно за човечките искушенија. Од дијалектниот слој во јазичниот израз на Гилевски, роден говорител на костурскиот дијалект, ги бележиме следниве лексеми: *чупа, лаф, напара, никул, плесница, рејс, студешница, напосоки, стамено, варди, намниса, пули, опули, таври, натаври, се присемнува, тагари, шавне, шавнува* и др.[8] Примери: *мори чупи, не прајте си пеза со мене* (АП: 450); *да ги оставиме настрана тие баш лафови* (З: 251); *се наоѓам пред нова животна напара* (АП: 353); *бевме навлезени во зимата, декември, никул* (АП: 354); *образите ми гореа од плесниците* (АП: 359); *не сакаше да се качи на рејс* (С: 242); *имав студешница, се тресев* (АП: 395); *некој од нив напосоки ќе проговори* (С: 236); *како да реже ластари, стамено, смерно, рамноумно* (С: 237); *си намниса дека и капијава ја беше видел веќе и го засили намнисувањето и се сети* (С: 32); *си намнисував како јас сум ги вардел* (АП: 395); *Господе мили, зар не гледаш? Зар не пулиш?* (АП: 308); *кога се опулил подобро, се вангелосал* (З: 56); *ја натокми Зоја ... ја наконти и натаври* (З: 249); *на ништо друго не се присемнувам* (АП: 393); *Не сакаше ни да зборне, ни да шавне* (З: 135); *Зоја ниту со око не шавнуваше* (З: 228).

Дијалектизмите се обележје и на јазичниот израз на **Ката Мисиркова-Руменова**, чиј роден говор е еницевардарскиот, од кој ги изделуваме: *бугли, варди, вјаса, вјаскум, се војва, врголи, втулен, втули, гиба, дира, доварди, исфраска, кане, катара, кладе, кондиса, лаф, лафи, метне, мласне, нунко, се опули, панерка, питува, пљачки, попита, пули, рига, рушница, самааресана, скорни, се тули, фалка, фучка, цикна, шаври, шарвета, шеј.* Примери: *Лазар бил тешко болен Лена сама го буглела* (КГ: 172); *Изгоро, да ми ги вардиш децата!* (МК: 20); *И вјасам, вјасаме сите...* (МК: 21); *Да вјасаме и да не се обѕрнуваме* (МК: 20); *Вјаскум ги распрегнуваа севгарите* (Сул: 9); *Пулам, секој ден се војваш кај неа* (КГ: 155); *Петко ги врголеше очите* (КГ: 26); *Втулени. Ама што ако се*

[8] Лилјана Макаријоска, „Лексичкиот подбор во романите на Паскал Гилевски“, *Славистички студии*, бр. 17, 2017, 43–50.

тулевме (МК: 18); *Ги собрале, ги втулиле, нѐ чекаат* (Нед: 80); *Думам, плукни, олесни ми и пак трчи по дирата* (Нед: 93); *покрај џадето и езерото почесто ќе кондисаше војска* (Сул: 9); *Кај брат ти? Кај нункото...* (КГ: 10); *Подранив нунче* (КГ: 12); *Пијано лафи нункото* (КГ: 13); *Исправи се и опули ми се в очи* (КГ: 45); *такво е времето, свој свој да пади* (Нед: 131); *Му го згреби чутурчето, го фрли во панерката* (Сул: 91); *Никој нас не нѐ питва ни за ова, ни за она* (Сул: 35); *Ги цепаат пљачките* (Нед: 18); *Ригаше, ригаше, стенкаше, стенкаше, ох, мајко мила...* (Сул: 45); *Бошко одново ригна, не беше клал лимон в уста, мласна со јазикот* (Сул: 46); *Рушници му зготвив на дедото, а и јас се накркав* (Сул: 97); *Ама ти си разгалена, самааресана* (Сул: 27); *Бошко ги собу скорните* (КГ: 157); *стопанот е пред врата* (Нед: 40); *молкома го впрегна во талигата* (КГ: 161); *си пикаше големи залаци во устата, фалките му се дуеја како кај зурлација* (Сул: 25); *Метна, синко. Големо, машко дете – фучкаше бабата Неда Штакова* (Сул: 37); *ги собираа ноќните буфови: пијаници, просјаци, лесни жени, пајтонции, рибари, сѐ што шавреше покрај морето* (Сул: 65); *Шарвети, павти, два рала женски скорни* (Сул: 120), *Ама што ако се тулевме* (МК: 18); *Многу шејва си изнакупил?* (Сул: 16); *Шејвата ми се во првото долапче. Врзани ми се во бела шарвета* (Сул: 22).

Во јазикот на **Петар Ширилов**, кој потекнува од Леринско, ги бележиме следниве дијалектизми: *аргаса, враголак, гагари, гарвали, гргурав, грежје, кадро, клава, одаја, пешник, поснопица, премама, разлачи, раскончи, сетнина, тарпузан, се ути, цикне, чевре, шметка, се шутари.* Примери: ј*ас свикнав на лошо, аргасав* (ПОПМ: 216); *правев враголаци против своето здравје* (ПОПМ: 225); *Се гагарат, безделничат, чекаат закачки* (ПОПМ: 96); *Има многу одаи, не ќе мораме да се гарвалиме во тесно* (ПОПМ: 17); *младич, со црна гргурава коса* (ПОПМ: 161); *има само срцевина, без груба кора, без грежја* (ПОПМ: 47); *Си видел луѓе паднати поснопица?* (ПОПМ: 220); *ми ја одзедоа со премама* (ПОПМ: 59); *ги разлачуваа во двете групи* (ПОПМ: 33); *Жените се раскончија во полето како растурен мравјалник* (ПОПМ: 74); *дај му причесна и искапи го во божјиот леѓен, зашто никој не си ја знае сетнината* (ПОПМ: 224); *на чардакот имаше ставено веленца на тарпузаните и ги удира со мавалка од дабовина* (Црн: 12); *А сега: еден ми вели ова кадро исфрли го, а јас се утам и не знам што треба да се прави* (ПОПМ: 231); *цикна од радост* (ПОПМ: 106); *Жената остана со чеврето разврзано* (ПОПМ: 19); *млади жени на кои вратовите и главите им се скриени во чевриња* (ПОПМ: 148); *Деспот си ги шметкаше нозете, со прат стиснат меѓу подмишниците* (ПОПМ: 73); *се шутареа во исчекување да се појават* (ПОПМ: 164).

И **Георги Георгиевски**, брат на Ташко Георгиевски, со враќањето кон мотивите на големата егејска болка дава свој придонес во историјата на незаборавот на една голема национална трагика и егзодус, употребувајќи низа дијалектни зборови: *бацаник, запита, санга, кадеж, кандиса, киниса, муктар, опул, пули, скорни, спуза, фрасне, чапчак.* Примери: *Кадежот излегуваше низ бацаникот* (СН: 82); *Запита тетин* (СН: 80); *ја пее истата песна, дали санга на истата струна* (СН: 142); *мојта желба е да*

кинисаш, јас не те терам, реши се сам ... – Деду, са кандисак, утре ки заминам!(СН: 117); *По светол пат јас кинисувам*(СН: 24); *Страшен абер дојде од нашиот селски муктар од Владово*(СН: 76); *Гранките гладни за опул*(СН: 19); *и пулеше преку стаклото надвор. Просто пулеше. Можеби не пулеше*(СН: 120); *Бавно ги влечеше скорните по прашината*(СН: 166); *Жарот притаено во пепелта спузи*(СН: 25); *сакавте да ме фраснете со прачка*(СН: 145); *леринци ни викаа „чапчаковци“. Така нѐ викаа зашто канчето ние воденците го викавме „чапчак“*(СН: 107).

Осврнувајќи се на стихозбирката *Помнам*, поетот **Ристо Јачев** истакнува дека „секој автор пишува една книга цел живот – од мојата прва песна до последнава книга по самите наслови ќе видите дека пишувам една песна, обработувам еден регион, говорам за едни исти луѓе, а помнам затоа што се враќам во едно минато определено свршено време во времето кога не прогонуваа низ егејските шуми“. Воденскиот дијалект е проткаен и во поетскиот израз на Ристо Јачев: *Бише есин/ пилӣјнта си одиа / јаска ву мутлӑта нӑ мојта душа/ и палӑк очите:/ нӑ Дода, нӑ таче, нӑ мама/ Одикне нис некоа глогува шума / и си плáкакне/ Нӑ Мијка соузта бише кӑту увинату цвете/ Јуван нӑ Кала заспану дете/ Ах, мӑјкӑта кој ќи знае/ зӑшó сӑ изнӑплакáме тӑ нојќ? (ЕК: 16); Пиле мајќину/ там с’те с’ з’купани/ и дод ти Риска/ и тач ти Ѓорѓи/ и дед ти Митре/ и крајнта пашка на свитулк’та/ и крајнуту чувече на окту*(АХГ: 148).

И во јазичниот израз на **Јагнула Куновска** е овековечен костурскиот дијалект: с*е врне, се загајли, кладе, скуне*. Примери: *чели ќе ти донеси, понатам, ка ќе се врни*(ПБ: 25); *Белки ќе дај Госпо да се виме и па зајно да си бидиме. Пуста болес ка и фати, та си умбре, а јас писмо чекам. Блазе ти сестро Цено, барем знаш а нашчи гробишча почиваш – твојти коски со мајкини се зајно Оооф, леле, свешча сака да ви запаља, па на зето све му пиша, да ви запали на двете и да ви порача – да не жалите шо сте умбрени заш, знајна зема ве покрива и не ви е теку тешка и теку чрна Ох, Боже.. Шо и мене не ме зеваш? Шо ме остави сама на чужо место, со народ не виден сал да плача и да жаља и над зема да се рона?*(ПБ: 171–172); д*ојде татко да ме зева и застана простум успреди тремо. – Свекор ми узади мене со раката кладена на мојто рамо*(ПБ: 183); *Ооо... златен Паскаљ..! Шо, на гуљемата жалос, Пандо за лирите се загајли Јаска и скуна главта ешче подолу, до самата зема, сама ќе се кубе п грандите, косите и раците дур до рамената ... А, милио Глигор врешчише од моите с’лзи со кои го попарве по лицето*(ПБ: 184).

Покрај напорите за документирање на лексиката на својот роден говор, Ташко Георгиевски, истакнувајќи дека „ги наведува овие топоними за да се види дека нашите места не се грчки“, ги заштитува од заборав многубројните македонски микротопоними.

Говорите во егејскиот дел на Македонија претставуваат нераскинлив дел од македонската јазична територија, па нивното документирање има непроценливо значење за историјата и за дијалектологијата на македонскиот јазик, а писателите

по несреќното напуштање на родните огништа ги проткајуваат во своето творештво и на своевиден начин ги заштитуваат од заборавот.

Кратенки на изворите:

АП – Паскал Гилевски, *Ангели на прогонството,* Матица македонска, Скопје, 2002.
АХГ – Ристо Јачев, *Ангел над Христовиот гроб,* Македонска книга, Скопје, 1991.
ББр – Георги Георгиевски, *Безбрежни брегови*, Алфа '94, Скопје, 2001.
ДМВ – Иван Чаповски, *Дрвените мостови на Вардар,* Македонска книга, Скопје, 1990.
ЕК – Ристо Ѓ. Јачев, *Ехо на квечерината*, Македонска книга, Скопје, 1989.
З – Паскал Гилевски, *Зоја*, Матица Македонска, Скопје, 2002.
Зат – Иван Чаповски, *Затвори*, Мисла, Скопје, 1983.
Зм – Иван Чаповски, *Змија*, Мисла, Скопје, 1989.
КГ – Ката Мисиркова-Руменова, *Катарни години*, Мисла, Скопје, 1992.
ЛВ – Ташко Георгиевски, *Луѓе и волци*, Кочо Рацин, Скопје, 1960.
М – Иван Чаповски, *Магла*, Матица македонска, Скопје, 2015.
Нед – Ката Мисиркова-Руменова, *Недожилени*, Мисла, Скопје, 1988.
НЗН – Ташко Георгиевски. *Ние зад насипот*, Мисла, Скопје, 1992.
ПБ – Јагнула Куновска–Нули. *Позлатени белези*, АЕА, Мисла, Скопје, 2013.
ПОПМ – Петар Ширилов, *Плачат оние планини за мене*, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, Скопје, 1989.
РЗ – Ташко Георгиевски. *Рамна земја*, Мисла, Скопје, 1992.
С – Паскал Гилевски, *Скомраз*, Матица македонска, Скопје, 2002.
СкС – Ката Мисиркова-Руменова, *Скаменети солзи*, Наша книга, Скопје, 1990.
СН – Георги Георгиевски, *Скршено небо,* Менора, Скопје, 2016.
Сул – Ката Мисиркова-Руменова, *Султана*, Наша книга, Скопје, 1987.
Ц – Петар Ширилов, *Црноборје*, Македонска книга, Скопје, 1990.
ЦБ – Ташко Георгиевски, *Црна билка*, Матица македонска, Скопје, 2008.
ЦК – Ташко Георгиевски, *Црвениот коњ*, Македонска книга, Скопје, 1975.
ЦС – Ташко Георгиевски, *Црно семе*, Македонска книга, Култура, Мисла, Наша книга, Скопје, 1980.
Џ – Иван Чаповски, *Џелатот*, Макавеј, Скопје, 2008.

Гласник, 64/2, 2020, стр. 59–64 СТАТИИ

UDK 81'373.21:82-1Јачев,Р

НЕКОЛКУ ЛЕКСИЧКИ ТОПОСИ ВО ПОЕЗИЈАТА НА ВОДЕНЕЦОТ РИСТО ЈАЧЕВ

*Елка Јачева-Улчар**

Abstract: This paper covers and analyzes from a lexico-semantic and etymological point of view several common places (topoi) in my father's poetry, Risto Gj, Jachev. In this paper we were focused on several appellative and onym topoi in Risto Jahcev's poetry. In Appelative lexical topoi we analyzed 1. Lexical topoi expressed by nouns: *angel, herbs, thunder, voice, mountain / mountains, stars, pipe, bones, cross, mummy, moon, lightning, weasel, sky, night, eye, slope / slope, mountain, shoulders, hands, firefly, sister, immortelle, dad / daddy (father), church etc.*; and 2. Lexical topoi expressed by verbs: *return (to) / врне (ca)* in dialectical form, as well as the verb's gerund form returning, and vjasa *(„hasten / hurry")*, i.e. hurry up. In the poetry of R. Jachev a number of lexical topoi are met, expressed by anthroponyms (personal names, surnames and nicknames) as: *Gjorgji, Mici, Mijka, Risa, Teonica, Veronika*, but also by toponyms (which actually exist in the geographic area and those created by the author himself): *Rodevo (dialect Rodivo), Patele, Voden, Grebin, Bunarut, Vodenija* and *Dimna Gora* (Smoky Forest).

Keywords: lexical topoi, onym topoi, noun, verb, adjective, poetry, Risto Jachev.

Во овој труд се опфатени и анализирани од лексичко-семантички и од етимолошки аспект неколку општи места (топоси) во поезијата на мојот татко, Ристо Ѓ. Јачев[1].

* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје, научен советник/редовен професор, е-адреса: elka.jaceva.ulcar@gmail.com.

[1] Ристо Ѓ. Јачев (15 мај 1942 – 27 февруари 2019) е роден во с. Долно Родево, Воден, Егејска Македонија. Тој е поет, романсиер, раскажувач, драмски писател, филмски сценарист, антологичар и литературен проследувач. Автор е на стихозбирките: *Кавал и магија* (1967), *Смртта на ангелот* (1968), *Маслинови гори* (избор, 1968 – прво издание, 1969 – второ издание), *Подземни сенки* (1971), *Димна гора* (1974), *Болна градина* (1976), *Секнати извори* (1979), *Горница* (1984), *Сопатникот на сеништа* (1988), *Ехо на квечерината* (1989), *Ангел над Христовиот гроб* (избор, 1991), *Камена перница* (1992), С*мртни песни* (1994), *Заточеник на мракот* (двојазично – на

Почнувајќи од првата стихозбирка на Ристо Јачев, *Кавал и магија* до последната, објавена постхумно во 2020, под наслов *Ме насели есента*, можат да се забележат низа лексички топоси или општи места со кои оперира поетот. Овие топоси, главно, се изразени со именки во нивната стандардна, но и дијалектна форма, ако се земе предвид дека Јачев, некаде од средината на осумдесеттите години, поточно со стихозбирката *Горница* (1984), речиси редовно застапува песни пишувани на воденски говор, поконкретно на говорот од неговото родно село Долно Родево, дијал. Доуно Родиво, а на грчки преведно и денес официјално Като Корифи.

Во трудов ќе се задржиме на неколку апелативни и онимиски топоси во поезијата на Ристо Јачев.

1. Апелативни лексички топоси

1.1. Лексички топоси изразени со именки

Во поезијата на Ристо Јачев најчестите лексички топоси се изразени со именки. Такви се следниве именки: *ангел, билје, гром, глас, гора/гори, ѕвезди, кавал, коски, крст, мама, месечина/мисичина, молња, невестулка/нивистулка, небо, ноќ, око, падина/падина, планина, плеќи, раце, светулка/свитулка, сестра, смил, таче, тачи* (: *татко*), *црква* итн. Како што може да се забележи од горенаведените именки, најчесто употребувани топоси во поезијата на Јачев се оние со кои се именуваат: роднински врски, објекти во географскиот простор, животни, билки, поими од христијанството, делови од човечкото тело, метеоролошки појави и др.

1.2. Лексички топоси изразени со глаголи

Она што особено го привлече нашето внимание во поезијата на Ристо Ѓ. Јачев е лексичкиот топос изразен со глаголот *врати* (*се*)/*врне* (са) во дијалектна форма, како и глаголската именка *враќање* образувана од него.

српски и на македонски јазик, 1996), *Велестовски ноќи* (1996), *Вакафска земја* (поема, 1997), *Примка* (избор; 1998), *Жедна ноќ* (2000), *Белиот светец* (2003), *Студен мрак* (2005), *Зборови и солзи* (2007), *Сивите гребени* (избор, објавен и на англиски јазик, 2008) *Под златната шума* (2009), *Редење на времето* (2011), *Помнам* (2013), *Тагата на славејот* (2015) и *Сонот на душата* (2017). Составувач е и на: *Антологија на македонската поезија – единаесет века* (2005), *Антологија на македонската поезија – дваесетти век* (2009 – македонско издание; 2011 – хрватско издание) и Скопје – *Позлатено од љубов* (2013). Ги објавил и прозните дела: Вечерни ветрови – повест (1972), *Кукла* – роман (1991), *Јаков* – роман (1993), сместени во трилогијата *Патот на ангелите* (1996), *Моите соништа* – трилогија драми (2000), *Алексеј* – дневнички записи (2001) и *Синот на свештеникот* – роман (2012). Автор е и на драмата *На север во рајот* (1980). Ги добил и литературните награди: „Студентски збор“ (1968), „Кочо Рацин“ (1979), „Стале Попов“ (1992), „Златно перо“ (1994), „Нарциса“ (1996), „Григор Прличев“ (1997), „Ацо Шопов“ (2012), „Браќа Миладиновци“ (2013) и Меѓународната награда за книжевен опус „Мелник“ (2002).

Како појдовна точка при елаборацијата на глаголот *врати се* во поезијата на Јачев ни послужија две негови песни, и тоа: „Враќање нема“, пишувана на стандарден македонски јазик, објавена во 1974 г. во стихозбирката *Димна Гора*, и песната со наслов „Мама“, испеана на родниот говор на авторот, објавена во стихозбирката *Ехо на квечерината* (1989), која покрај песната „Загубена падина“, напишана, исто така, во дијалектна форма, е една од најпрепознатливите песни на поетот Ристо Јачев.

Глаголот „врати (се)“ во *Толковниот речник на македонскиот јазик* има повеќе значења[2], при што во поезијата на Јачев глаголот *врати се* го содржи значењето ‘се врати на местото од каде што тргнал’, без да биде исклучено и значењето на нерефлексивниот глагол ‘врати’, т. е. ‘добие повторно нешто што се имало, што е изгубено’. Низ стиховите од песната „Враќање нема“, создадена во помладите авторови години, провејува една помиреност, несвојствена за младоста (која дури и античките автори ја имаат квалификувано како – пркосна), со чинот на неостварување на враќањето таму долу, од местото од каде што започнала неговата животна приказна – што може да се види од следниве стихови:

„Враќање нема, и потаму ќе горат гламни над матната река,
Низ птичјото око дивината сива и неколкуте цвета
Низ опалена лика млечна солза од проклети века
И пак ќе се радува месечината ако молиш мајко света.
Враќање нема, и потаму ќе горат гламни над матната река.“

Горниве стихови упатуваат на тоа дека животните и природните процеси ќе опстојуваат и натаму низ времето, независно од тоа на кое место ќе егзистира лирскиот субјект. Иако авторот е соочен со фактот за конечноста на ова „враќање нема“ што го гледаме со заокружувањето на истоимената песна која почнува и завршува со исти стихови како референ, сепак кај Јачев, во подоцнежните негови песни, веројатно поттикнат од, условно наречено, олабавувањето на грчката власт спрема бегалците од Граѓанската војна во Грција и од дозволата за нивно полесно преминување на границата со Грција, во реалноста како да се враќа надежта за враќање на изгубеното што го гледаме во стиховите на песната „Мама“, кои доаѓаат како ехо од минатото преку гласот на мајка му. Во оваа песна поетот пее:

„По долг пат и глад
По многу непреспани ноќи
Само од устата на мајка
Ќе чуевме:

[2] В. гл. врати во *Толковниот речник на македонскиот јазик* (редактор Кирил Конески), том I (А – Ж), Скопје, 2003, 302.

’Ќи са врниме...
Б'оси не не б'оси,
Ќи си ојме д'ома
Ќи ги в'идме Гр'ебин
Зл'атнијут п'рстин на Дв'ете Уши
И сл'аткта в'ода на Т'анасув Кл'адениц (...)“

Таа своевидна опсесионираност со враќањето назад, која не му е само нему иманентна, туку и на огромниот број бегалци, спласнува кај Јачев во моментот кога за прв и последен пат по бегството, пролетта во 1978 година – авторот ќе ја премине границата заедно со потесното семејство, со своја слика залепена на пасошот од сопругата, родена во 1948 во тогашната Народна Република Македонија.

Во свршениот глагол „врати се“ од етимолошка гледна точка е вграден индоевропскиот етимон изразен со коренот **wrt-, *wort*, со значење ‘вие, извива’[3]. Дијалектната форма од истиов глагол, која гласи *са врна*, а не стандардната форма на глаголот *врати*(*се*), при секое спомнување ме асоцира на еден друг глагол, семантички, звуково, структурно и етимолошки, сосема различен од глаголот *са врна*, а, имено, глаголот *вјаса, вјаса*(*са*), чие значење е ‘брза’ и кое, според мене, е имплицитно вградено под гласовниот строеж на глаголот *са врна*. Ми се чини дека глаголот *вјаса* семантички го збогатува дијалектниот глагол *са врна* и дека во поезијата на Јачев овој глагол е употребен токму со ова збогатено значење. Ова е, се разбира, мое лично и во голема мера слободно толкување од причина што во моето детството, растејќи со баба и дедо бегалци од Егејска Македонија – императивните форми од глаголот *вјаса*, односно *вјасај, вјасајте* – беа најчесто присутните глаголски форми во нивниот секојдневен говор. Уште ми звонат во ушиве нивните повици за *вјасање*: *Вјасај на школо, Елче! Вјасај на возот!*; *Вјасај на грубиштта!*; *Вјасајте да јајме, па да бегаме...* и доаѓаме, всушност – до поентата на *вјасањето*. *Вјасале* тие мои драги роднини да избегаат што подалеку од војната, а кога избегале, *вјасале* да се вратат назад или, можеби, *вјасале* да ја пречекаат подготвени веста дека им е дозволено нивното враќање назад. И така до крајот на животот и на баба ми Теоница и на дедо ми Ѓорѓи, и на чич ми Мици, и на тет ми Слава и на тач ми Ичо... сите погребани во Велес, Република Македонија. Кога ја истражував етимологијата на глаголот *вјаса*, која, патем, претставува аористна форма образувана со наставката –*са* од грч. глагол βιάζω/βιάζομαι, откривши дека овој глагол првенствено значи „присилува некого да направи нешто, со сила тера некого да направи нешто“, па оттука со сила натерува да побрза, се брза силејќи се. Ова дотолку повеќе што медиопасивот од глаголот *βιάζομαι* го носи значењето „се сили себеси да брза, да оди брзо некаде или кон нешто“, во

[3] В. гл. *връщам, връна во Български етимологичен речник*(редактор Владимир И. Георгиев), том I (А – З), София, 2007, 192.

чија основна лежи етимонот *βία-*, кој значи 'телесна сила, јакост'. Така, всушност, со лингвистичка поткрепа го заокружувам поетското појмување на глаголот „са врна", кое во себе претпоставено конотира „силна желба"[4], а можеби и „со сила враќање назад под врвовите на Димна Гора".

2. Онимиски топоси

Во поезијата на Р. Јачев се среќаваат и немал број лексички топоси изразени со антропоними (лични имиња, презимиња и прекари), но и со топоними (кои реално постојат во географскиот простор и такви кои се искреирани од самиот автор).

2.1. Антропонимиски топоси

Како антропонимиски топоси најчесто се наоѓаат лични имиња, чии носители се луѓе од непосредното и блиско опкружување на поетот. Тоа најчесто се имиња на поети и писатели, пријатели, роднини. Меѓу најчесто среќаваните имиња се имињата на неговите роднини и пријатели кои го опкружувале поетот во детството и во младоста: *Ѓорѓи, Мици, Мијка, Риса, Теоница, Вероника* и др.

2.2. Топонимиски топоси

2.2.1. Во поезијата на Јачев реално постојните топоними најчесто се имиња на место од Егејска Македонија, како имиња на места што гравитираат околу местата во кои тој го поминал најголемиот дел од својот живот. Така, од Егејска Македонија, покрај ојконимот *Родево* (дијал. *Родиво*), родното место на поетот, и оронимот *Кајмакчалан*, се среќаваат и низа други макро- и микротопоними сместени во овој простор: *Пателе*, *Воден*, односно *Црвен Камин*, *Гребин*, *Бунарут* и др. Во неговата поезија се среќаваат и топонимите *Браилово*, *Војводина* и *Гаково*, како места во кои поетот престојува со своето семејство по неговото населување во тогашната држава Југославија. Низ неговата поезија се провлекуваат и имиња на маала во *Велес* (каде што тој подоцна засновал свое семејство) или името на селото *Велестово* (каде што ги поминуваше летата во последните три децении од животот).

2.2.2. Како што рековме и погоре, во поезијата на Јачев се среќаваат и топоними што ги нема во реалниот географски простор, но се создадени од самиот автор. Такви се топонимите *Воденија* и *Димна Гора*. Топонимот *Воденија* се среќава во првата песна „Егејска рапсодија" од неговото деби *Кавал и магија*, која завршува со стихот: „а мојот сплав плови по Воденија". Топонимот Воденија не егзиситира во реалниот топономастикон. Овде авторот го искористил суфиксот *-ија*, придодавајќи му го на топонимот Воден, со кој ќе ја именува целата област што гравитира околу градот

[4] Τεγόπουλος–Φυτράκης, *Ελληνικό λεξικό* (ορθογραφικό, ερμηνευτικό, ετυμολογικό), Αθήνα, 1993, σελ. 148 (s.v. βιάζω).

Воден. Во македонскиот топонимиски систем постојат неколку топоними со кои се именуваат пошироки области околу еден топоним. Сп.: *Тиквешија* (: Тиквеш), *Малешевија* (: Малешево), *Кичевија* (: Кичево), *Поречија* (: Пореч̀е), *Бошавија* (Бошава) и др.

Димна Гора е поетовото метафорично име за една шумовита гора што се наоѓа сред родното планинско село на Јачев, чие име во реалниот географски простор гласи Гребен, односно Гребин, поради редукцијата на е во *и* кога *е* не е под акцент.[5] Според раскажувањето на Јачев, тој како дете, заедно со другите жени и деца, пред бегството се криел во полите во шумата на Гребен под налетот на непријателската војска. Врвот на Гребен во доцноесенските и во зимските месеци бил постојано под облаци, па оттука поетот во 1974 година, со објавата на истоимената стихозбирка, Гребен го именува како *Димна Гора*. Од ова произлегува дека Јачев во својот поетски свет придавката *димна* ја изведува од една општословенска основа **dymъ*[6], при што вокалот у потекнува од долгото индоевропско *ū*, кое во старословенскиот дало *ы* (јери), со значење 'чад', па оттука *Димна Гора* е 'гора што е во дим од испарувања' или 'гора над која лежат облаци'. Таква асоцијација синтагмата *Димна Гора* предизвикала и кај илустраторите на истоимената стихозбирка. Но, тоа така се случува кај уметниците, па дури и кај обичниот човек кој не ја познава историјата на македонскиот јазик. Имено, по објавата на статијата „Димни Марко и димна гора" од професорот Блаже Конески[7], станува јасно дека и поетот Јачев и ликовните уметници биле во своевидна јазична заблуда, но – се разбира, не и уметничка, зашто, конечно, уметноста сѐ дозволува. Во статијата Конески упатува на следново: името дека придавката *димна* – не е образувана од именката дим 'чад' со придавскиот суфикс **-ьпъ*, ами дека на придавката *димна* ѝ претходела придавката *дивна* со значење 'убава, прекрасна, чудесна', која во македонскиот јазик ја добила формата *димни, димна, димно* поради преминот на консонантската група *-вн-* во *-мн-* некаде во XVI в., како резултат од асимилацијата на усниот консонант од назалот.[8] Спореди: *равно – рамно*, *давно – дамно* итн.

Во овој труд опфатиме само еден мал сегмент од лексичките топоси во поезијата на Ристо Ѓ. Јачев. Со оглед на неговиот обемен, речиси петдеценски, поетски опус сметаме дека неговото заокружено творештво допрва ќе биде предмет на анализа и проучување, и тоа не само на овој план.

---

5 Блаже Конески, *Историја на македонскиот јазик*. Скопје, 1996, 34.

6 В. им. дым во П.Ѣ. Черных, *Историко-этимологический словарь современного русского языка*. Москва, 2001, 277.

7 Блаже Конески, „Димни Марко и димна гора", Прилози МАНУ : *Одделение за општествени науки*, Скопје, 1970, I, 1, 5–10.

8 Б. Конески, *Историја...*, 103.

Гласник, 64/2, 2020, стр. 65-80 СТАТИИ

UDK 323.273(=163.3-055.2:495.6)"19"

MACEDONIAN WOMEN: THE STRUGGLES OF THE GREEK CIVIL WAR AND 70 YEARS OF ITS ENDING

*Stefani Taskova Miteva**

Апстракт: Раселувањето на Македонците од Егејска Македонија и на децата бегалци заедно со македонската борба за самоопределување и за човекови права, во суштина, ја опфаќа и борбата на жената. Овој текст го поставува прашањето за тоа каде биле жените, користејќи феминистичка перспектива за да ги анализира борбите и маките на македонските жени за време на Грчката граѓанска војна и во текот на седумдесетте години од нејзиното завршување. Жените имале важни улоги во рамките на државата и во воениот период, но сепак тоа честопати било заборавано. Овој текст, исто така, се задржува и на тековните меѓугенерациски последици од Грчката граѓанска војна кои стануваат видливи по раселувањето во дијаспората. Затоа феминистичката литература и теорија предлага да се преиспитаат традиционалните сфаќања за жената, нацијата, војната и за нивното влијани врз генерациите. Со анализа на интервјуата и на искуствата на македонските жени, овој текст се обидува да ја прошири академската свест за жените во време на војна и на конфликт со цел да се покаже една поинаква страна на Грчката граѓанска војна и 70 години по нејзиното завршување, како и со надеж дека ќе им даде на македонските жени платформа за нивниот глас.

Клучни зборови: Macedonian women (македонски жени), Greek Civil War (Грчка граѓанска војна), refugee children (деца бегалци), Aegean Macedonia (Егејска Македонија), struggle (борба), feminism (феминизам).

* Stefani Taskova Miteva, Monash University, Master of International Relations student, e-mail: taskovastefani@gmail.com.

„Но сè додека не склопија очи, ја чувствуваа големата
неправда што им ја нанесена. Сепак, цел живот останаа
бегалци, туѓинци, луѓе без корен, луѓе без земја.
Со еден збор, Егејци."
(*Луѓе без земја*, 2011)

("Until they closed their eyes, they felt the great injustice inflicted upon them.
For their whole life they remained refugees, strangers,
people without roots, people without a country.
In one word, Aegean.")
(*People without a Country*, 2011)

Introduction

The displacement of Aegean Macedonians and the *deca begalci* (refugee children), during the Greek Civil War (1946 – 1949), along with the Macedonian struggle for self-determination and human rights more broadly, has in essence encompassed the struggles of women. This paper asks the question "where were the women?" as it aims to provide a feminist perspective, analysing the struggles and hardships of Macedonian women during the Greek Civil War and throughout the 70 years of its ending. As feminist theorist Cynthia Enloe states 'perhaps you have never imagined what it would feel like if you were a woman fleeing your home with your young children, escaping a violent conflict.'[1] Yet this was a factor which defined the Greek Civil War and its exodus of Aegean Macedonians. Women have played important roles within the state and wartime, yet their roles – care giver, nurturer, warrior or combatant, and 'Symbol of the Nation', as women's roles have also been seen as being 'central to producing and maintaining' culture and identity[2] – have often been overlooked. Feminist theories therefore have the ability to expand empirical knowledge of state and war by recognising the importance of women's roles, and how they become politicized to fulfil certain interest. 'Macedonians in Greece are hardly ever mentioned in scholarly literature. They have been virtually forgotten as a people and as a national minority,' as 'Aegean Macedonia simply became Northern Greece and its Slavic-speaking Macedonians were proclaimed as Greeks, or at best, 'Slavophone.'[3] This emphasizes the importance of bringing Macedonian women's experiences of the Greek Civil War to the forefront of scholarly literature, considering that this part of

1 Cynthia H Enloe, *Bananas, Beaches and Bases: Making Feminist Sense of International Politics*. Berkeley, California, 2014, 25.

2 Maja Korac, "Gender, Conflict and Peace-building: Lessons from the Conflict in the Former Yugoslavia", *Women's Studies International Forum*, 29/2006, no. 5, 513.

3 Andrew Rossos, "The Macedonians of Aegean Macedonia: A British Officer's Report, 1944. (Includes Report on the Free Macedonia Movement in Area Florina 1944 by Capt. Patrick Hutchinson Evans, Force 133)", *Slavonic and East European Review*, 69/1991, no. 2, 283.

Macedonia's history has often been neglected. Thus, this paper seeks to change this by expanding academic awareness of women in war and conflict, highlighting a different side of the Greek Civil War and 70 years of its ending, in the hope of giving Macedonian women a nuanced platform for their voice. Women as 'Mothers of the Nation' and their child-rearing duties will firstly be examined in the context of the civil war, analysing the ways in which the Greek state used Macedonian women's roles to fulfil certain interest. This will further be explored by examining Macedonian women as 'cultural symbols of the nation,' which makes the female body a target for sexual violence. Furthermore, the Antifascist Women's Front of Macedonia (*Antifašistički front na ženite na Makedonija*) (further: AFŽ) will be used to highlight Macedonian female combatants, who have often remained invisible, thus challenging traditional understandings of women's roles within wartime. The endured traumas and inter-generational impacts of the Greek Civil War will also be explored, highlighting that although 70 years have passed since the civil war's ending, its effects are nonetheless present, as there remains an international failure in recognising the human rights failures of the *deca begalci* and Aegean Macedonians. Throughout the paper individual accounts and interviews derived from female refugee survivors and their families will be used to highlight the struggles of Macedonian women during the Greek Civil War. Ultimately, concluding that Macedonian women have been oppressed and deprived of their rights, and seldom have their struggles of the Greek civil War been voiced. Indeed, this has been encapsulated by the old Macedonian saying "*кога женско се раѓа и стреата плаче*" ("when a girl is born even the eaves cry").

'Mothers of the Nation'

"Where are the women?" is a question put forward by feminist theorists of international relations. "Asking" this question impels us to tell the story(ies) of international politics in very different ways,'[4] and this is important when considering the stories and experiences of Macedonian women during the Greek Civil War. Women's roles tend to be associated with traditional values embedded by patriarchal gender relations. A militaristic version of patriarchal ideology' for example, 'sees the significance of women's power to child-bear and child-rear.[5] Orthodox understandings of women's roles, although contentious, their importance within society, state and war is nonetheless widely undermined and overlooked in the processes of their politicization. As wives, mothers, and daughters, women have been seen as 'Symbols of the Nation' and 'Mothers of the Nation'[6] as their child-rearing duties and biological power to reproduce a cultural and ethnic identity, or a nation, can be

4 Laura J. Shepherd, *Gender Matters in Global Politics: A Feminist Introduction to International Relations*, New York, 2014, 9.

5 Cynthia Cockburn, *From Where We Stand: War, Women's Activism and Feminist Analysis*, London, 2007, 181–182.

6 M. Korac, "Gender...", 513.

seen as vastly important to the state, and especially during wartime as women become 'symbolically important targets' to the enemy.[7] In the context of the Greek Civil War, Karakasidou identifies Macedonian women as being central to '20th century Greek nation building efforts' in regions such as Florina [Lerin].[8] Macedonian women were therefore used, "agents and victims," by the Greek state for Greek national enculturation,[9] as their roles often defined by the domestic sphere were used as a tool to fulfil a broader political purpose. This is further supported by the experiences and stories of Macedonian women in Greece, as told by Lefa Ognenova-Michova and Kathleen Mitsou-Lazaridis in the Girl from Neret:

In an attempt to promote the spread of the Greek language and culture, the Greek Government prohibited the speaking of the Macedonian language and people were made to attend compulsory evening classes in the Greek language. Many women in the village attended. This angered the men who felt that women in the village should not leave their families to attended evening classes. Others viewed this as an insult for the preservation of their identity, which their fathers and forefathers at great sacrifice had tried so hard to defend.[10]

'The government's strict compulsory attendance rules brought all women, ages 15–40' as well as 'men under the age of 50 into the Greek classroom.'[11] This conflict between women's ethnic Macedonian identity, their traditional and cultural duties to their families and community, and those demands made to them by the Greek state, highlights the ways in which women and their roles can be manipulated as a means to fulfil certain political interests. 'The education of women, thus became a key dimension of national enculturation'[12] of Macedonians in Greece. Feminist theories of international relations thus indicate that the experiences of state and war are gendered, 'shaping the everyday lives of women in a multitude of small or significant ways, according to their class, age, ethnicity, and region.'[13] Moreover, women's naturally presumed role of carer, nurturer and mother, tend to become public concerns during wartime.[14] This is especially so when considering the civil war's exodus of Macedonians from Northern Greece, in particular the Greek Communist Party's (Komunističkata partija na Grcija) (further: KPG) evacuation of the children refugee, where women's naturally presumed role of 'mothering' became central to the protection and care of the *deca begalci*. With the evacuation of approximately

7 Ibidem.

8 Anastasia N. Karakasidou, "Women of the Family, Women of the Nation: National Enculturation among Slavic Speakers in Northwestern Greece", *Women's Studies International Forum*, 19/1996, no. 1, 99.

9 Ibid., 106.

10 Lefa Ogenenova-Michova and Kathleen Mitsou-Lazaridis, *A Girl From Neret*, Wareemba, 2006, 10–11.

11 A. Karakasidou, "Women…", 105.

12 Ibid., 104.

13 Maggie Andrews, *Women and Evacuation in the Second World War: Femininity, Domesticity and Motherhood*, London, 2019, 2.

14 Ibidem.

28,000 Macedonian and Greek children between the ages of three and fourteen, young village women and girls took on the role of 'social mothering,'[15] and thus had the task of caring for the children separated from their families and villages; being in charge of twenty-five children each.[16] These women and girls were known as *majki* (mothers), and as Brown highlights, they helped to alleviate 'the sense of alienation, displacement and loss,'[17] felt by children as they fled by foot to foreign neighbouring countries, such as Yugoslavia, Hungary, Poland, Czechoslovakia, Romania, and East Germany.[18] 'They walked at night and hid during the day in order to escape the bombing and strafing of the Greek Air Force.'[19] This task was not easy, as highlighted by the story of Ǵurga Trendafilidis, or rather by her rightful name, Ǵurga Stojčevska, who was a mother that walked the *deca begalci* across borders, along with her 3 daughters, Slobodanka (Lidia) Unevska (three years old), Jordanka Apceva (four years old) and Mare Barkova (eight years old). Whilst leaving behind husband and father, Cvetko Stojčevski, a Partisan fighting for the rights of the Macedonian minority in Greece. Slobodanka, my *baba* (grandmother), who is now seventy-five, remembers tugging at her mother's skirt as they fled their home in *Selo* (Village) German, Lerin, along with another 15 or so children surrounding her mother. She re-called her mother going from house to house in towns and villages, asking for bread, or even crumbs of it, just to feed her children. My *baba* mentioned that sometimes people were kind enough to give them some bread or water, other times however, they were lucky enough not to have dogs unleashed on them, be chased away or scolded at. And this was all whilst their father Cvetko, had been captured and sentenced to death, miraculously surviving in the end and later re-joining them in Veles, Macedonia.

The struggle of caring and being responsible for the safe evacuation of your own and other families children, in the midst of a war zone, leaving your husband, relatives and belongings behind, is a struggle hard to imagine today. In an interview with Jenny, the daughter of a Macedonian refugee survivor who spoke about her mother, Velika's story, and the hardships that she endured as a child during the exodus, further highlights the struggles experienced by the *deca begalci*, as well as those *majki*. Velika was evacuated from Rula at the age of three with her brother Tase, separated from their family and forced to flee from their home, being left in the care of young thirteen to fifteen-year-old *majki*. She remembers Velika explaining that it was very hard as they had to travel in the back of trucks and trains until they reached the King's Palace in Sinaia, Romania. However,

15 M. Andrews, *Women ...*, 2.

16 Loring M. Danforth, "'We Crossed a Lot of Borders': Refugee Children of the Greek Civil War", *Diaspora: A Journal of Transnational Studies* 12/2003, no. 2, 174–175.

17 Keith Brown, "Macedonia's Child-Grandfathers: The Transnational Politics of Memory, Exile, and Return, 1948-1998", *The Donald W. Treadgold Papers in Russian, East European and Central Asian Studies*, 2003, no. 38, 31.

18 L. M. Danforth, "We Crossed a Lot of Borders", 175.

19 Ibid.

not many children made the journey she explained, as some died along the way and they had to leave them there. One thing that Jenny re-called was her mother mentioning that upon their arrival in Romania, they were very well cared for, receiving education they otherwise would not have received in the village. Similarly to Slobodanka's story, Velika's father Krume returned home from the front to nothing. There was no one there except his mother; with the children 'evacuated,' and many of the other women taken under protection or to become Partisan fighters. The exodus and evacuation of the children evidently destabilized the domestic home and Macedonian communities within Northern Greece. The roles of the *majki* moved beyond the domestic sphere, intersecting with the international sphere, as the women and young girls accompanied the children across borders. Ultimately, these two interviews depict the individual identities and the lived experiences of Macedonian women who faced similar, yet different challenges throughout the Greek Civil War. The use of a feminist lens of analysis focusing upon women's roles during wartime, highlights the ways in which they can be utilised as a means to an end within a broader political project. Furthermore, the importance of the *majki* or 'Mothers of the Nation' throughout the "evacuation" of the *refugee children*, emphasises the need to rethink orthodox understandings of women's roles as carers and nurturers, as defined by the private and domestic sphere, considering that they tend to be overlooked when examining the state and war. The significance of women's roles becomes further apparent when examining that women are targeted during wartime because of their roles,[20] which 'particularly leaves them susceptible to sexual violence during conflict.'[21] This will be further explored in regards to Macedonian women's role as cultural producers and reproducers.

Women and their bodies

Feminist theories of international relations place women's experiences at the forefront, highlighting certain elements of wartime that are too often neglected or ignored. War rape is a confronting element of war, 'both emotionally and empirically,'[22] yet it 'is a common feature of war across the world.'[23] However, as stated by Pankhurst, at times it is not 'taken very seriously at the international level and is sometimes downplayed and ignored.'[24] Indeed, this has become apparent when analysing Macedonian women's struggles during the Greek Civil War. Riki Van Boeschoten further emphasises this by arguing that 'if war rapes are under-researched in the contemporary setting, in the Greek case we are faced with

20 M. Korac, "Gender...", 513.

21 Eric M. Blanchard, "Gender, International Relations, and the Development of Feminist Security Theory", *Signs: Journal of Women in Culture and Society*, 28/2003, no. 4, 1301.

22 Lisa Sharlach, "The Political Psychology of War Rape: Studies from Bosnia and Herzegovina", *Journal of Gender Studies*, 22/2013, no. 2, 234.

23 L. J. Shepherd, *Gender Matters ...*, 169.

24 Ibid., 168.

an almost complete void.'[25] Although rape was recognised as a war crime by the Geneva Conventions in 1948,[26] towards the end of the Greek Civil War, it has nonetheless remained silenced and suppressed within public awareness and academic studies of the civil war, and its impacts upon Macedonian women. Moreover, throughout wars, rape has been identified and used as a weapon to intimidate, humiliate, assert terror, reward soldiers, and for "ethnic cleansing."[27] Especially when considering that women's biological role as producers and reproducers of culture and identity, makes women and their bodies a symbolic target. This is supported by Ruth Seigert who states that 'the female body is a symbolic representation of the body politic,' 'and rape of women is the symbolic rape of the body of the community.'[28] The Macedonian minority in Greece as a whole was targeted throughout the Greek Civil War; this is considering that "Hellenization" became a vital part of the nationalist project.'[29] 'The recent and more distant past,' regarding the Macedonian Struggle in which Greece and Bulgaria fought over claims to Macedonian land, 'was mobilised and the ethnic dimension re-emerged as vital.'[30] Macedonians in Greece were widely considered to be "Bulgarians" and 'traitors to the nation.'[31] By acknowledging this and the supposed threat posed by the Macedonian minority, as seen by the Greek state, it is thus hard to deny the notion that Macedonian women too became targets, on part of their ethnic identity, as well as their gender. This is further supported by Stefatos who states that:

> 'the vast majority of war rapes took place in the... [Macedonian] villages of northern Greece. In the villages of Kastoria and Florina in north western Greece, where the... [ethnic Macedonian] population was significant, the sexual assaults, rapes and mutilation were largely directed at women who belonged to the ethnic minority.'[32]

The patriarchal system sees women's bodies as 'precious property' in wartime,[33] hence its violation is also a violation and demoralisation of the community and 'of masculine honour.'[34] In an interview taken by Riki Van Boeschoten at the international

25 Riki Van Boeschoten, „The Trauma of War Rape: A Comparative View on the Bosnian Conflict and the Greek Civil War", *History and Anthropology*, 14/2003, no. 1, 43.
26 Ibid., 42.
27 L. J. Shepherd, *Gender Matters ...*, 163.
28 Miranda Alison, "Wartime Sexual Violence: Women's Human Rights and Questions of Masculinity", *Review of International Studies*, 33/2007, no. 1, 80-81.
29 Katherine Stefatos, "The Psyche and the Body: Political Persecution and Gender Violence against Women in the Greek Civil War", *Journal of Modern Greek Studies*, 29/2011, no. 2, 256.
30 Ibidem.
31 R. Boeschoten, "The Trauma...", 43.
32 K. Stefatos, "The Psyche ...", 265.
33 M. Korac, "Gender...", 513.
34 L. J. Shepherd, *Gender Matters ...*, 117.

reunion of Macedonian former *refugee children* in Skopje in 1998, Maria, a Macedonian woman, revealed how she was 'raped by a Greek soldier in 1947 whilst her husband was fighting on the government side and before her daughter left for Hungary.'[35] Maria was later imprisoned by the soldier who sexually abused her for being a "Partisan woman," even though her husband was fighting in the same army.[36] It is important to however note that, as Vera Foteva, a Macedonian female combatant mentioned in the 2011 documentary film *Луѓе без земја* (People without a Country) directed by Marko Ǵokovik, '*Ние не бевме против Грчкиот народ, со Грчкиот народот си бевме заедно, со Грчкиот народ ние гиневме, со Грчкиот народ се борев. И како ние што бевме, и Грците така беа против фашистичката Влада во Грција*' (We were not against the Greek people, we were together with the Greek people, we died together with the Greek people, we fought together with the Greek people, and just as we were, they too were against the Fascist Government in Greece).[37] This highlights the irony and tendency to construct the so-called enemy in an ethnic key, considering that, although Maria's husband was on the Government's side, she was nonetheless labelled as a "Partisan woman" and targeted along ethnic lines. Moreover, as mentioned by Stefatos, during the early period of the war, women were also forced into prostitution.[38] This was further highlighted in an interview with Ruby, a 22-year-old Australian-Macedonian-Italian, who spoke about her grandmother's sister, Afroditi, who was forced into becoming a child servant (that may have been associated with a sexual role) during the Greek Civil War after becoming an orphan, in order to provide for herself, her sister Kata, and their brother. Throughout wartime, 'women's bodies become territories to be seized and conquered.'[39] This is further conveyed by Stefatos who highlights that 'left and... [ethnic Macedonian] women were singled out and sexually targeted,' further arguing that this 'ethnic stigma' and perception that Macedonian women were 'Communists,' served as a 'justification for sexual abuse' and continuous 'socio-political marginalisation.'[40] Thus, reinforcing the subordination of Macedonian women, and further alluring to 'linkages between gender and nationalism,' as 'women's bodies become cultural symbols of the nation.'[41]

It nonetheless must be acknowledged that there still remains a lack of data, and indeed a lack of awareness regarding Macedonian women's sexual abuse throughout the Greek Civil War. Although there were 211 cases of war rape recorded by left-wing supporters in villages, and submitted as part of a Memorandum by the Greek Democratic

35 R. Boeschoten, "The Trauma ...", 48.
36 Ibid., 49.
37 *Луѓе без земја* [documentary], Directed by Marko Ǵokoviќ, Republic of Macedonia, 2011, 2:25.
38 K. Stefatos, "The Psyche...", 262.
39 M. Korac, "Gender...", 513.
40 K. Stefatos, "The Psyche ...", 265.
41 L. J. Shepherd, *Gender Matters ...*, 102.

Army to the United Nations in March 1947,[42] this aspect of the civil war has continued to remain silenced. This is why we will most likely 'never know how many women were raped during the Greek Civil War.'[43] Part of this however, can be attained to the silence of victims, whether out of fear, shame, humiliation, and perhaps a belief that 'no one will understand me' or 'it is too late now.' This highlights a problem within historical, social, political and academic commitments concerning the *deca begalci* and the exodus of Macedonians throughout the civil war, indeed, 70 years later and within the context of the international community at large. The politics of silence regarding the exodus of Macedonians continues to be a challenge, and furthermore acts as a halt in acknowledging those Macedonian women's struggles during the civil war. Hence, stressing the importance of feminist standpoints in continuing to bring an awareness to Macedonian women's experiences of war, which have consequently been shunned. This will be further explored in regards to women's roles as combatants during the Greek Civil War.

Macedonian women beyond the traditional gender narrative

'Images of the masculinity of war depend on rendering women's roles in war as invisible, or as the patriotic and supportive mother, wife, or daughter.'[44] Indeed, women have often been characterised as "Beautiful Souls," "nonviolent, offering succour and compassion."[45] Yet feminist perspectives remind us that women have done a lot more than just "waiting and weeping."[46] Macedonian women have contributed to challenges of conventional gender norms concerning the women/war nexus, highlighting that women, as well as men, can take on the combatant and revolutionary role. The Antifascist Women's Front of Macedonia (*Antifašistički front na ženite na Makedonija*) (further: AFŽ) was the first women's organisation in Macedonia, combining the struggles for women's emancipation, the human rights of Macedonians in Aegean Macedonia, along with an antifascist resistance. The organisation was also known as being closely affiliated with the National Liberation Front (Narodno osloboditelen front) (further: NOF) during the Greek Civil War, which was formed on the 23rd of April 1945 as a united organisation for the Macedonians in Greece.[47] Regarded as a powerful organisation, the Communist Party of Greece (Komunističkata partija na Grcija) (further: KPG), the Democratic Army of Greece (further: DAG), as well as the Provisional Democratic

42 R. Boeschoten, "The Trauma ...", 44.
43 Ibid., 43.
44 John Baylis, Steven Smith and Patricia Owens, *The Globalisation of World Politics: An Introduction to International Relations*, Oxford, 2014, 246.
45 E. M. Blanchard, "Gender ...", 1300.
46 Ibidem.
47 Донче Тасев, *Македонците во Грција*, Скопје, 2011, 46.

Government of Greece, relied upon AFŽ and its efforts during the war.[48] The organisation further made its stance as strong and influential Macedonian female combatants emerged, yet seldom are their efforts mentioned in scholarly literature. Vera Foteva (1926-2011), also known as Evdokia Baleva-Nikolovska, was the secretary of AFŽ within the Lerin region, later becoming the secretary of AFŽ Aegean Macedonia.[49] Foteva was also a member of the Macedonian national movement (left), the Greek communist movement, and SNOF, who actively fought against the fascist occupation and the rights of the Macedonian minority in Greece throughout the Greek Civil War. Regarded as a Macedonian heroine, Foteva re-tells her story of the Greek Civil War as a partisan fighter in the 2011 documentary film *People without a Country* directed by Marko Ǵokovik. The documentary explores how she was sabotaged by the KPG and accused of being a "spy for the international bourgeoisie,"[50] and Tito. Foteva was imprisoned in the USSR and sent to the Siberian camps, however, following the death of Stalin in 1953, she was released. Foteva was nonetheless not allowed to return to her birthplace in Greece, or Macedonia, and along with other Macedonians was forced to live in Kazakhstan. In protest, the Macedonian community in Kazakhstan, after numerous attempts via organisations such as the Red Cross failed to get them home, wrote a letter addressed to Nikita Khrushchev; explaining who the Macedonian people were and asking for his help in their return to Macedonia. Foteva, who was pregnant at the time, was the one chosen to personally hand him the letter during his visit in Almata in June 1956, which protected her under Russian laws, considering that if anyone else were to attempt approaching Khrushchev, they risked being prosecuted. Although she was stopped and grabbed by police when approaching Khrushchev in the crowd, Foteva recalled Khrushchev having turned around to her in response to her screams and telling the policemen to let her go. She successfully handed him the letter. Foteva eventually returned to Yugoslavia and resided in Macedonia, being banned from returning to Greece.[51]

Mirka Ginova is another well-known Macedonian woman who fought during the Greek Civil War. Born in the village of Rosilovo, Voden-Edessa (today in Greece) in 1926, she became a teacher, only to later join the Macedonian national movement (left) as well as the Greek communist movement following the beginnings of the Second World War.[52] She also became the secretary of AFŽ for the Voden-Edessa region.[53] Sadly, Ginova was caught in battle fighting against the fascist occupation

48 Мишо Китаноски and Ѓорѓи Доневски, *Деца бегалци од Егејска Македонија во Југославија*, Toronto, 2003, 33.

49 Стојан Киселиновски, *Македонски дејци (XX-ти век)*, Скопје, 2002, 32.

50 Ibid., 33.

51 *Луѓе без земја*, 55:42 – 1:04:47.

52 Стојан Киселиновски, *Македонски дејци...*, 56.

53 Ibidem.

during the civil war and was sentenced to death by firing squad at the age of 30.[54] However, as the Macedonian Television documentary *Mirka Ginova – Synonym for Folk Hero* notes, 'her cause reverberated throughout the duration of the struggle for the freedom of the Macedonian people.'[55] Indeed, Ginova and her cause have been celebrated throughout generations, having folk songs written about her that continue to be sung today (see fig.1).

Figure 1: 'Pesna za Mirka Ginova' (A song about Mirka Ginova):[56]

Тихо Мирка си заспала во Почепските планини, во Почепските планини, таму долу во ливади.	Mirka quietly fell asleep, in the Počepski mountains, in the Počepski mountains, down there in the fields.
Насред ноќи пристигнале, втора чета комесари, гласот Мирка им го слушна, одма Мирка се разбуди.	In the middle of the night they came, the second company of commissioners, Mirka heard their voices, immediately Mirka awoke.
Во зората пристигнале клети шпиони фашисти, местото го заградија, жива Мирка фатија.	In the dawn they came, cursed spy fascists, they surrounded the place, alive, they caught Mirka.
Жива Мирка ја фатија, во град Воден ја носија, тешко Мирка ја мачија, жива во гроб ја ставија.	They caught Mirka alive, and took her to the city of Voden, they tortured her, and buried her alive.

These Macedonian women have therefore challenged and transcended the notion of women's roles as being merely defined by patriarchal expectations. Macedonian women did participate in war, and not solely as nurturers, but as active combatants. Indeed, as feminist perspectives emphasise, 'women can have a multiplicity of roles, including the

54 Ibidem.

55 *Mirka Ginova – Synonym for Folk Hero*, Directed by Zoran Noveski, Republic of Macedonia, 2007, 22:10.

56 AegeanMacedon1, *Pesna za Mirka Ginova*, online video, January 25, 2020. https://www.youtube.com/watch?v=_h6MgGobtFo

"not so nice" ones.'[57] This is further supported by Wechsler Segal, who notes that 'there are times when women's military involvement may be seen as an extension of women's roles as mothers protecting their children; such may be the case in partisan activities.'[58] For example, AFŽ contributed to efforts focused on caring for the refugee children following their arrival in Bitola, Macedonia and Belgrade, Serbia, by dispersing food, bathing, changing children's clothes and organising medical checks.[59] Considering that AFŽ was also involved in 'convincing parents to let their children be taken into the care of "brotherly" countries, where they would receive care, food and education until the situation in Greece settled.'[60] It should hence be noted that although the evacuation of 'children from combat zones' was labelled as a humanitarian operation, it has also been criticised as serving as a strategic one.[61] This is especially considering that there would be fewer people to feed, thus allowing women to be relieved of their child caring responsibilities, making women easier to be mobilised in support of the Communist cause.[62] This is further elucidated by Mirčevska, who notes that historiography has pointed to the fact that DAG wanted to increase its effectiveness in war tactics, with the aim of more than doubling its number of soldiers.[63] Indeed, this was also highlighted with Jenny's interview, who noted that her grandfather Krume, as mentioned above, returned to Rula where many women had been taken to become Partisan fighters. Nonetheless, it can be affirmed that Macedonian women did participate in war, and not merely as compliant carers, but as active combatants with the aim of making a stance. Rather than being 'a pacifying influence on politics,'[64] AFŽ and Macedonian women such as Vera Foteva and Mirka Ginova, actively contributed to a cause and movements during the Greek Civil War which evoked that the Macedonian minority in Greece exists and has human rights. An image too often forgotten within public remembrance and academic studies of the civil war. Yet if this is under researched, further gaps remain regarding the ongoing and inter-generational effects of the war.

Endured trauma and the inter-generational impacts of the Greek Civil War

'Not everyone touches war in the same way but everyone can be touched by it,'[65] is no less relevant than when considering the experiences of Macedonians, and in particular,

57 Laura Sjoberg, *Gender and International Security: Feminist Perspectives*, London, 2010, 180.

58 Mady Wechsler Segal, „Women's Military Roles Cross-Nationally: Past, Present, and Future", *Gender & Society*, 9/1995, no. 6, 761.

59 Мишо Китаноски и Ѓорѓи Доневски, *Деца бегалци*, Торонто, 2003, 31.

60 Katerina Mirčevska, "The Children Evacuated from Greece in 1948: to the Eastern-European Countries and Yugoslavia", *Politeja-Pismo Wydziału Studiów Międzynarodowych i Politycznych Uniwersytetu Jagiellońskiego*, 11/2014, no. 30, 81.

61 L. M. Danforth, "We Crossed a Lot of Borders", 174.

62 Ibid., 174-175.

63 K. Mirčevska, "The Children...", 80.

64 L. Sjoberg, *Gender ...*, 32.

65 Ibid., 25.

the experiences of Macedonian women during the Greek Civil War. Following the forced displacement of Macedonians in Greece, many immigrated to Canada, Australia, and the U.S., taking their stories and struggles with them. As Brown states, 'they have passed on their sense of concern with this episode in history'[66] to their children and even grandchildren. This is further supported by Dekel, Solomon and Rozenstreich, who state that 'inter-generational transmissions of trauma imply that the psychological effects of trauma spill over from one generation to the next.'[67] It can therefore be argued that not only has the civil war effected Aegean Macedonians, but it has also had an inter-generational impact upon their families, at least to some degree. In an interview with Ruby, a 22-year-old who identifies as a Macedonian woman 'because of the struggles [her] family faced,' discussed her *baba* (grandmother) Kata's experiences of the war and how that has impacted her. Kata, her sister Afroditi, and their brother were born in Neret. When the Greek Civil War began their father abandoned them, eventually having moved to Albania, that same week their mother died of starvation. As orphans, Afroditi cleaned for American soldiers, and as aforementioned, was forced to support her brother and her sister. Moving to Melbourne as young children, with the help of their uncle, they tried to adapt to life in Australia and to a foreign language. In her 20s, Kata went back to Macedonia and was able to reconnect with their father who re-married in Albania and had another child. Ruby mentioned that there was a recording of the first time they saw each other after the war, as they cried and sang. Unfortunately, however, the next day Kata found her father dead, being stabbed in the back fifty-five times by his new family. Ruby mentioned that her *baba*, who is now seventy-five and has dementia, has noticed the traumas she experienced throughout the war re-surfacing, as 'the older she gets, the worse the dementia gets, and the more she thinks about where she comes from.' She cries about missing her mother who died when she was two, missing her father who abandoned them, and blaming herself for his death, 'having a constant fear of retribution that's coming to her.' Now an adult, Ruby realises that the things she thought were normal as a child, were not, understanding that her baba's past effected her entire family. Her *baba's* constant fears of having doors and blinds open in the house, difficulties trusting other people, being afraid that men were going to come in and take them. Ruby has also perceived how Kata's experiences affected her children's abilities to communicate, as she remembered how her father and aunt communicated by yelling or taking an aggressive stance, resembling their mother's. Ruby also acknowledged how Afroditi had the tendency to refrain from talking if there were other men in the room, being even afraid of her own husband at times. This is especially considering that 'the social

66 K. Brown, "Macedonia's Child-Grandfathers...", 7.

67 Sharon Dekel, Zahava Solomon, and Eyal Rozenstreich, "Secondary Salutogenic Effects in Veterans Whose Parents Were Holocaust Survivors?", *Journal of Psychiatric Research*, 47/2013, no. 2, 266.

trauma from wartime rape (and sexual violence in general) is long lasting.'[68] The only time Kata and Afroditi spoke about their experiences and traumas was in women's circles, where they would drink coffee and read each other's fortunes. Ruby was also open in expressing that her cousins and she have dealt with personal anxieties, which have ultimately arisen because of their environment and family's experiences of the Greek Civil War:

> 'We live in the trauma that they faced, especially during the Civil War, during the ethnic cleansing.'... 'As a Macedonian woman, even as a third generation, there is so much history that goes behind saying you're Macedonian, and Australian-Macedonian.'

Danieli notes that 'trauma can be passed down as the family legacy, whether or not survivors talked or kept silent, even to children born after the trauma.'[69] This is emphasized by the inter-generational effects on Ruby and her family, who states that 'it has been hard as a Macedonian woman who is proud of her heritage,' but it has also been hard losing part of the family's identity, especially in regards to not knowing the family's correct surname, she stated, considering that it was Greek-ified.

> 'It's hard when people see my surname and think it's Greek'... 'Our [family's] village is our village, but it's also not at the same time. It's rough, it's different. It's hard to explain to people now.'

Moreover, the endured trauma of the civil war and the effects on one's sense of identity is further highlighted by Slobodanka's experiences at the Greek border 24 years later, in 1973.

Slobodanka emigrated to Melbourne, Australia at the age of 21 in 1968, returning to Greece for the first time in 1973 with her husband Toše and daughter Meri. Although she was travelling with an Australian passport, she was nonetheless stopped when crossing the Macedonian and Greek border by Greek border officials, and was interrogated for hours. She proclaimed that they'd ask her where she is from, what her name is, her parents' names, why she was going to 'Florina,' what family she had in Greece, and with every answer that she would give, she said that they would 'Greekify' it. To them she was not Slobodanka, but 'Elefterija,' she was not from German but from 'Agios Germanos.' Although 24 years had passed since the ending of the Greek Civil War, a certain denial and mentality towards Macedonians remained. This is considering, and as Slobodanka re-called, that although the border officials let her reunite with her cousins, other officials came knocking on her

68 L. J. Shepherd, *Gender Matters...*, 102.

69 Rachel Lev-Wiesel, "Intergenerational Transmission of Trauma across Three Generations: A Preliminary Study", *Qualitative Social Work*, 6/2007, no. 1, 76.

cousin's door asking more question, or would hide under the window listening to their conversations.

A feminist understanding of war recognises that war is an emotional experience, as well as a physical one,[70] whose effects can evidently be passed down throughout generations, as was emphasised by Ruby's interview. By placing an emphasis on women's experiences of war that are often silenced, allows for the consideration of endured traumas and inter-generational effects to be recognised. For example, although Jenny herself did not experience the civil war directly, she nonetheless could not help but cry during the interview whilst explaining the story of her grandfather Krume, who was conscripted by the Greek Army and would shoot up in the air as to avoid injuring one of his brothers on the opposing side, who were fighting with the Partisans. When explaining her mother's story about being evacuated, and how children died on the journey to Romania and had to be left there, she could not help but feel the grief and sorrow for those *deca begalci*. Although it was Velika who experienced those struggles first-hand, it is hard to deny that they have impacted her family. Indeed, as proclaimed by both Ruby and Jenny, it was their families' struggles and passions that give them a strong sense of pride in being able to call themselves Macedonian. Furthermore, an element that became apparent in all three interviews and experiences is that the ongoing denial of genocide, forceful displacement, and human rights violations of Aegean Macedonians, is at the core of prolonging the endured traumas and inter-generational effects of the Greek Civil War. Hence acting as a barrier for further analysis, perpetuating the silence of Macedonian women's struggles following 70 years of ending the Greek Civil War.

Conclusion

Although 70 years have passed since the Greek Civil War ended, the struggles of the *deca begalci* and the Aegean Macedonians who were forcibly displaced from their homes, are still awaiting to have their human rights violations internationally recognised. Thus, in turn, prolonging the silence of Macedonian women's struggles endured during the civil war. By applying a feminist perspective and asking the question "where are the women?" this paper sought to highlight the multiplicity of women's roles and their importance, which have often been neglected, further considering how they become politicized within the state and wartime. This was argued by analysing the child-rearing duties of the 'Mothers of the Nation' and by further acknowledging the struggles of the *majki* who were responsible for the care of the *deca begalci*. Women's stories, as told by Slobodanka, one of the *deca begalc*i and Jenny, the daughter of one of the *deca begalci*, depicted those lived experiences of the "evacuation." Women as symbolic producers and reproducers of a nation was explored, highlighting that Macedonian women were targeted during the

[70] Christine Sylvester, *War as Experience Contributions from International Relations and Feminist Analysis: War, Politics and Experience*, New York, 2013.

Greek Civil War as a result of their ethnicity and gender, and were hence sexually assaulted. Emphasising that 'if war rapes are under-researched...in the Greek case we are faced with an almost complete void.'[71] A feminist lens of analysis also indicated that organisations such as the Antifascist Women's Front of Macedonia challenged patriarchal gender relations, reiterating that women can take on an active combatant role. This was illustrated by exploring the experiences of Vera Foteva and Mirka Ginova, who fought for the rights of the Macedonian minority in Greece. The Greek Civil War nonetheless continues to have a far-reaching impact as endured traumas and inter-generational effects remain prevalent, indeed amongst second and even third generations, highlighting 70 years of continuous suffering. As stated by a *child refugee* "for us the civil war never ended... it continues to haunt us."[72] Ultimately, it is a feminist lens of analysis that is needed to challenge conventional understandings of state and war, bringing Macedonian women's roles and experiences of the Greek Civil War to the forefront, as they have often been side-lined when analysing the history, language, culture, and the politics of the Greek Civil War. Macedonian women have thus been oppressed and deprived of their rights, just as Macedonia has been denied hers throughout history. Indeed, this has been epitomised by the old Macedonian saying "*кога женско се раѓа и стреата плаче*" ("when a girl is born even the eaves cry").

71 R. Boeschoten, "The Trauma ...", 43.
72 L. M. Danforth, "We Crossed a Lot of Borders..." 217.

Гласник, 64/2, 2020, стр. 81-92 СТАТИИ

UDK 323.273:373.3/.5(495.6):[94:371.3"19"

ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Игор Јанев, Борче Милошески***

Abstract: The main goal of this paper is the presentation of some different approaches, regarding the Greek civil war (1946 – 1949) lectures that can be used in the Highschool History teaching process in educational system in the Republic of Macedonia or in general. The text is divided in three different topics, the Greek civil war in general and the highschool history teaching in the state,the method of oral history in the Highschool History teaching processand challenges and problems in the history teaching process, which are connected with this historical period and the Greek Civil war.

Keywords: civil war, history teaching, oral history, United Macedonia, communism, Cold War.

Извонредното значење на Граѓанската војна во Грција во современата историја на македонскиот народ, како и силното присуство на живото сеќавање од оваа војна и од нејзините последици во колективната меморија на денешните Македонци, ги обврзува наставниците по историја да посветат, соодветно на важноста, посебно внимание при предавање на лекцијата посветена на овој историски настан во рамките на наставата. Од овој контекст произлегува и целта на нашиот оглед, преку кој ние како наставници ќе ги пренесеме своите искуства за начинот на кој им ги предаваме сознанијата за овој важен историски настан на учениците. Воедно сакаме да дадеме придонес во проучувањето на методиката на наставата по историја, имајќи ја предвид раритетната застапеност на статии од оваа област во историските научни списанија и фактот дека во однос на другите статии презентирани на конференцијата одржана по повод 70 години од завршувањето на Граѓанската војна во Грција,

* Професор по историја во СУГС Гимназија „Никола Карев" – Скопје, е-адреса: igorj1@hotmail.com.

** Професор по историја во СУГС Гимназија „Никола Карев" – Скопје, е-адреса: borce_ii@yahoo.com.

единствено нашиот прилог се однесува на самиот наставен процес. Во таа насока, ќе потсетиме на добро познатиот постулат дека историската наука во голем дел ја остварува својата општествена функција преку наставата, односно дека наставата го проширува знаењето стекнато од науката меѓу младата популација. Притоа, нашиот прилог треба да се стави во функција на остварување на одреден одек од наставата кон науката. Овој одек ќе го претставиме споделувајќи ги со научната јавност нашите искуства стекнати на предавањата посветени на оваа лекција што сме ги одржувале во текот на наставата. Тука, излегувајќи надвор од контекстот, сметаме дека е корисно да нагласиме дека целосниот ефект од научната конференција би бил реализиран доколку новопрезентираните сознанија би влегле во наставната програма и со тоа преку наставата би ѝ биле пренесени на младата популација.

Од друга страна, повеќе од јасно е дека кога се пишува за наставата, неопходно е да се опфатат искуствата што произлегуваат од процесот на нејзината реализација. Воедно, треба да се има предвид дека самата методологија на истражување и размислување кога се обработува тема од наставата се разликува од онаа кога се работи за класична научна студија, така што, во овој контекст, нашиот оглед претставува научно проучување во комбинација со презентирање заклучоци кои произлегуваат од нашите лични искуства како наставници здобиени во текот на секојдневната практика. Важно е да се нагласи дека нашите искуства, имајќи предвид дека реализацијата на наставата се изведува апсолутно индивидуално, во суштина, се независни и, повеќе или помалку, различни од искуствата и размислувањата на другите наши колеги наставници, така што тие носат во себе поголем степен на субјективност во размислувањето во споредба со класичното историско научно истражување на одреден проблем од минатото. Воедно, овој наш прилог им дава можност на наставниците да ги споредат своите искуства и начини на предавање со тоа како, според нас, би можела да се предава наставната единица посветена на Граѓанската војна во Грција. Конечно, овој оглед може да се третира и како една референца при споредбата на начинот на предавање на темата за Граѓанската војна во Грција пред и по промените во наставната програма, кои неминовно се очекува да настанат како резултат на работата на актуелната македонско-грчка комисија.

Во прилогот посебно ќе се осврнеме на методските и на методолошките проблеми и дилеми со кои се соочуваме ние како наставници при предавањата, но кои, воедно, треба да нагласиме дека се суштински поврзани со дилемите со кои се соочуваат и учениците при стекнувањето сознанија за Граѓанската војна во Грција и, конечно, како тие дилеми се рефлектираат на генералните очекувања што ги имаат учениците во однос на користа од историјата како наставен предмет во нивниот личен развој и во понатамошниот живот. Нашите размисли за начинот на предавање на наставната содржина посветена на Граѓанската војна во Грција ги претставуваме во три дела. Имено, првиот дел се однесува на методиката и во него ги изложуваме дидактичките

пристапи, наставните форми, методи и техники кои можат да се применат во наставата. Во вториот дел ја поставуваме Грчката граѓанска војна во функција на пример за примена на методот на усна историја во наставата по историја, додека, пак, третиот дел се однесува на самата историска материја, во која зборуваме за предизвиците со кои нужно се соочува наставникот при предавање на оваа лекција и за историските проблеми за кои би можело да се дискутира со учениците во текот на наставата.

Дидактички пристапи применливи при предавање на лекцијата

Првенствено би истакнале дека при реализацијата на оваа наставна содржина во практиката најчесто употребуваме неколку различни пристапи, кои можат да бидат искомбинирани или парцијално да се употребат, водејќи се според расположливите ресурси и тековните услови и имајќи предвид дека наставата претставува, пред сé, жив и непредвидлив процес. На почетокот од часот, преку бура на идеи дознаваме какви предзнаења и колкав интерес имаат учениците за изучување на Граѓанската војна во Грција. Во најголем дел учениците ги истакнуваат причините за избувнување на војната, барањата на македонските партизани за обединување на Македонија, имаат предзнаења во однос на комунизмот како идеолошка база на македонските организации, ја знаат судбината на децата бегалци, се интересираат за потеклото и го употребуваат терминот „Егејци“, а притоа истакнуваат и во кои градови и населби се денес населени Македонците со потекло од Егејска Македонија. Во дел од тие предзнаења можат да се препознаат и неосновани генерализации и стереотипи. Од друга страна, она што пред изучувањето на оваа лекција ретко кој од учениците го знае се следниве нешта: улогата на Комунистичка партија на Грција (натаму: КПГ) во огранизираната евакуација на децата, учеството на Соединетите Американски Држави (натаму: САД) и на Велика Британија во војната и масакрите што ги извршиле тие со употребата на напалм-бомби против македонските партизани и против целото македонско население, потоа променливата политика на Тито придружена со затворањето на југословенската граница и повлекувањето на партизаните преку Албанија и, конечно, судбоносното влијание на договорот за поделба на сфери на влијание помеѓу САД и Сојузот на Советските Социјалистички Републики (натаму: СССР) врз исходот од војната.

При предавање за секоја војна, ефективно е учениците да бидат организирани да работат во парови, при што би имале задача преку толкување на текстови да изведуваат заклучоци, кои би биле прикажани во Т-табела[1], која, пак, би соодветствувала на двете завојувани страни, и тоа во однос на: идеолошката поделба во Граѓанската војна и двете светски сили кои биле предводници на тие идеологии, целта што сакале да ја постигнат завојуваните страни и кои средствата ги користеле за тоа и какви биле,

[1] Вангелка Трајковска, Цветанка Митревска, Весна Мундишевска Велјановска, *Подготовка на наставникот за час*, Скопје, 2008, 27

поединечно прикажани, последиците од војната, но и каква е денешната перцепција за неа. Со цел да се прикаже сложениот процес од испреплетени настани, повеќето истовремени фактори на влијание кои се конфронтирале, повеќеслојните нивоа на перцепција на војната, при предавањето на лекцијата тој процес би можел да се прикаже визуелно и преку мисловна мапа.[2] При примената на текст-методот имаме употребувано освен пишани, и усни извори[3], при што учениците правеле истражувања преку интервјуа на повозрасните членови на своите семејства, кои, во одредени случаи, биле директни сведоци на војната. Бидејќи оваа материја била инспирација за повеќе литературни дела и филмски остварувања, тие, покрај изворните податоци, би можеле да се искористат при предавањето на лекцијата со цел да се предизвика поголемо соживување на учениците со конкретните настани, развивање на емпатија и патриотски чувства кон македонските борци и кон нивното дело. Во наставата најмногу го користиме делото *Црно семе* од Ташко Георгиевски и истоимениот филм во режија на Кирил Ценевски. Исто така, би можеле да се искористат и литературни дела со автобиографски карактер, со кои врз сознанијата на учениците се влијае преку силата на автентичните животни искуства. Во нашата практика најмногу сме го употребувале делото *Новела за талкачите – прогон низ големиот пожар* од авторот кој бил директен учесник во Граѓанската војна во Грција – Стојан Кочов.

Специфичноста на оваа лекција, односно она на што наставникот треба особено да внимава во текот на предавањето, произлегува од самото нејзино значење. Имено, во оваа лекција, генерално земено, е претставен еден од клучните настани, односно трагедии во современата историја на македонскиот народ, но, индивидуално земено, оваа лекција е особено значајна и за одреден процент од учениците кои се наследници на децата бегалци или на кој било начин имале личен контакт со луѓе на кои животниот пат им бил детерминиран од последиците од Граѓанската војна во Грција. Наставникот по историја треба да го има предвид особено процесот на актуелизација, кој сам по себе се наметнува при предавањето на оваа лекција и кој е придружен со информации и сознанија добиени на различни начини, но е проследени и со силни чувства. Затоа наставникот треба да направи баланс помеѓу, од една страна, истакнувањето на значењето на овој настан и на поуките што произлегуваат од него, како на колективно – национално, така и на индивидуално – човечко ниво, преку предизвикување емпатија кај учениците и, од друга страна, претпазливоста да не навлезе во необјективно претставување на војната, користејќи националистичка реторика. Всушност, наставникот, искажувајќи ја нашата, условно кажано, македонска историографска перцепција за Граѓанската војна во Грција, со цел објективно

[2] Споменка Лазаревска, Наташа Анѓелеска, *Прирачник – со читање и пишување до критичко мислење*. Скопје, 2004, 64–65.

[3] Милутин Перовиќ, „Изворниот текст во наставата по историја“, *Историја*, бр. 1, Скопје, 1983, 211–214.

да се толкува и да се прераскаже минатото, треба да употреби мултиперспективен пристап, односно да ја истакне и грчката перспектива на војната преку употреба на текстови од грчката историографија и од грчките учебници по историја. Аргументите за релевантноста на двете перспективи би можеле да се споредат, при што е разбирливо, како и во секоја држава, а во согласност со наставната програма, да се заклучи дека, условно кажано, нашата перспектива е поблиска до вистината, но не треба целосно да се исклучи свесноста за другата перспектива. Всушност, потребно е наставникот да им го објасни овој феномен на учениците и да нагласи дека тој произлегува од методологијата на истражување во општествените науки. Воедно може да нагласи дека овој феномен на мултиперспективност не е карактеристичен само за овој случај, туку напротив, дека има многу слични примери во историјата. Тука би можела да се претстави и глобалната светска перспектива на Граѓанската војна во Грција, која за учениците далеку од овие простори би била карактеризирана како прв идеолошки воен конфликт по Втората светска војна помеѓу светските сили САД и СССР, кој избива токму на Балканот.

Во однос на претставувањето на различните перспективи, но не во однос на веќе истакнатиот етнички аспект, би можело да им се отвори нов хоризонт за размислување на учениците со нагласување дека војната би можела да се претстави и од перспектива на тогашните деца – денес возрасни луѓе, односно да се создаде претстава за тоа како децата ја виделе војната, имајќи предвид дека тие биле прогонети од своите огништа и уште на најраната возраст доживеале екстремни поместувања, кои целосно им го промениле и животниот пат. Во овој контекст би можело да се раскаже за војната и од перспектива на жената мајка, чиј маж и брат/браќа војувале и гинеле на фронтот, а нејзините деца биле расеани низ светот, но и од перспективата на жената борец – на партизанката, чиј огромен придонес претставува куриозитет, нешто што е ретко во која било војна во современата историја[4]. Всушност, самата евакуација на децата претставувала тактички маневар за ослободување на жените од нивните домашни и мајчински обврски и со тоа за нивно директно вклучување, рамо до рамо, со нивните мажи во војната, што, како што истакнавме, претставува редок пример на народен фанатизам, но и извонреден доказ за целосната колективна саможртва на македонскиот народ во борбата за слободна и обединета Македонија.

Грчката граѓанска војна како пример за примена на методот на усна историја во наставата по историја

Со оглед на тоа дека станува збор за историски настан за кој сè уште постојат живи сведоци, методот на усна историја би можел да се примени директно во наставата по историја преку оваа лекција. Имено, при реализацијата на наставните содржини поврзани со Грчката граѓанска војна би можело да се опфати и значењето на самиот

[4] Наум Пејов, *Македонците и Граѓанската војна во Грција*, Торонто, 2015, 165.

метод, додека преку него учениците би можеле да се стават во одредена улога на историчари/истражувачи. Првенствено, на учениците би можело да им се нагласи значењето на историските извори од „прва рака", односно значењето на сведоштвата на директните учесници во војната и на сведоците или пак на децата бегалци, како и значењето на, условно кажано, второстепените извори, односно на сведоштвата на нивните потомци или најблиски роднини и пријатели, кои ги добиле информациите од директните сведоци и од други.[5] Во рамките на наставата, како споредна тема, би можело да се отвори посебна дискусија за интервјуто како метод на прибирање информации од страна на историчарот, како и за предизвиците при неговата реализација, односно би можеле да се опфатат неговите слаби и силни страни. На пример, во интерес на наставата, учениците би можеле да кажат свое мислење за спротивставените страни на овој метод на работа. За да се запознаат со дел од методологијата на историската истражувачка дејност, на учениците би било соодветно да им се укаже на проблемите со кои би можеле да се сретнат при прибирањето на сведоштвата. На пример, може да се отвори дискусија во контекст на тоа дека самите сведоштва можеби се, условно земено, „контаминирани" од подоцнежниот живот на сведоците, односно дека сведоците во своето искажување одредени информации би можеле да ги прикажат како познати уште во текот на војната или при процесот на евакуација, а, всушност, тие биле воочени во нивниот подоцнежен живот.

Понатаму, би можело да им се објасни на учениците дека изјавите на сведоците треба да се споредат најчесто со други изјави кои се поврзани со истиот настан, а воедно се користат и други валидни историски извори за да се потврдат нивните изјави, односно историчарот треба да согледа кога некој во голем дел ја зборува вистината, иако, во овој случај, со голема доза на субјективност.[6] Од еден аспект, треба да се биде внимателен да не се релативизира до степен до кој историјата би станала еден „мултиперспективен хаос" за учениците, односно дека ништо не е со сигурност точно во историографијата. Од друг аспект, треба да се дојде до една поука за тоа дека за одредени настани историчарот на одреден начин е повикан да бара и да креира реални и основани теории и да изнесува во јавноста потврдени фактографски податоци.

Во зависност од условите, доколку некој од учениците или наставникот познава директни учесници, би било извонредно значајно да се направи интервју со нив во текот на самата настава. Секако, надоврзувајќи се на претходното, прашалникот би требало да биде изработен со помош на наставникот. Ако условите го дозволуваат тоа, за учениците е одлична можност да бидат дел од една таква реализација и во

---

5 Војислав Кушевски, „За местото на спомен-музејот на ЦК КПМ во Тетово при обработката на родокрајната историја во Тетово и Тетовско – за важноста на родокрајната историја во наставата по историја", *Историја*, бр. 2 , Скопје, 1985, 378–379.

6 Драгица Поповска, *Усна историја – минатото низ нарација*, Скопје, 2019, 67 и 91.

случајов, самите лично да почувствуваат на некој начин како се врши научноистражувачка дејност во рамките на историската наука. Неколку такви интевјуа би можеле да се презентираат на самиот час и потоа, движејќи се од поединечните искуства, би можеле да се изведуваат генерализации, односно заклучоци за самата војна и за последиците од неа во целина. Доколку училиштето не е во можност да стапи во контакт со некое лице што е сведок, во тој случај горенаведеното може да се реализира индиректно, односно да се искористат видеоматеријали со интервјуа на деца бегалци, учесници во војната или на луѓе кои биле на кој било друг начин засегнати и кои оставиле свое сведоштво за Граѓанската војна во Грција.

Историски проблеми што можат да се обработуваат во наставата

Главната цел на наставникот треба да биде да ги поттике учениците да го употребат своето фактографско знаење во насока на стекнување способност за воочување на заемната поврзаност на фактите и толкувањата, која би резултирала со развивање критичко историско размислување со цел да се овозможи практична примена на поуките стекнати од историјата како наставен предмет во нивниот реален живот. За да се остваруваат овие цели, наставникот треба да ги поттикне учениците да размислуваат и да истражуваат. Во тој контекст, во продолжение прикажуваме повеќе примери на реализација на таканаречената проблемска настава.

Првиот пример се однесува на одредувањето на односот помеѓу Граѓанската војна во Грција и историјата на македонскиот народ во овој период, при што кај учениците се наметнува проблемот околу оправданоста на барањата на македонскиот народ за самоопределување и создавање сопствена држава, која би опфаќала територии од тогашна Грција. Всушност, ова е проблемот во кој се поврзани принципот на правото на самоопределување, теориите за тоа која заедница може да се нарече нација и концептот за етнички територии – конкретно, етничката територија на македонскиот народ, концепт кој е толку многу присутен во македонската историографија. Тука би можела да се отвори дискусија меѓу учениците за тоа кој може да го има правото на самоопределување, која заедница може да добие атрибут на етнос, кои се разликите помеѓу етничка и државна територија, кои се разликите помеѓу научните теоретизирања и фактичкото влијание на меѓународното право. Инаку, во овој дел е интересно да се започне дискусија меѓу учениците во однос на тоа што во западноевропската литература тешко се наоѓа концептот на етничка територија, а е застапен концептот на национална територија, при што е поважно на која територија се раѓаш (територијален национализам) отколку на која етничка група ѝ припаѓаш (етнички национализам). Последново би можело да отвори простор за нов проблем и дискусија доколку се постави како отежнувачки фактор за оправдување на македонскиот концепт за етничка територија, но учениците би можеле да дискутираат за тоа дали немањето концепт за етничка територија во Западна Европа може да се објасни како оправдувачки фактор за

темното западноевропско колонијално минато и за концептот на европоцентиричноста воопшто. Конкретно, во однос на македонската етничка територија, би можело да се отвори простор за проблемска настава и да се поттикне дискусија меѓу учениците околу пописите на населението во XIX век, потоа за разликата помеѓу патријаршиското и грчкото население, за словенизацијата на територииите и јужно од денешната македонско-грчка граница, односно на цела Грција без островите, и за спротивставеноста помеѓу грчкиот национален концепт за повеќе културен од етнички континуитет и нивниот концепт за таканаречената популација на „словенофони".

Вториот проблем кој е интересен за дискусија и им овозможува на учениците да стекнат сознанија се однесува на одредувањето на причината за изборот на македонскиот народ да се бори на страната на левицата во Граѓанската војна во Грција и на тоа кој бил исходот од овој избор. Тука би можело да се дискутира, од една страна, за испреплетеноста и практичното поклопување на националната борба на македонскиот народ за слобода и создавање сопствена држава со, од друга страна, идеолошко-социјалната борба на селаните и на работниците во Македонија за обезбедување подобри услови за живот во идното социјалистичко бескласно општество. Потврда за ова поклопување е фактот што најголем дел од македонскиот народ го сочинувало селското население, односно постоел сосема мал процент на Македонци, припадници на високата класа, кои имале спротивни интереси од оние на најголемиот дел од нивната етничка заедница, за што доказ е обединувањето на социјалистите со Македонската револуционерна организација, самиот концепт на Крушевската Република, дејствувањето на Народната федеративна партија и подоцна потпишувањето на Мајскиот манифест помеѓу ВМРО автономистичка и СССР. Всушност, и подоцна, односно во конкретниот период, македонскиот народ, во дадените услови, оптимален сојузник за остварување на своите национални и социјални барања гледал во КПГ.

Во продолжение ќе наведеме цел корпус проблеми кои се од огромна важност за македонскиот народ, а би можеле да се обработат со учениците, и тоа во однос на прашањето за евентуалниот избор на македонското раководство да дејствува самостојно од КПГ и од Комунистичката партија на Југославија (натаму: КПЈ), односно дали во рамките на овие партии можело повеќе да ја нагласи својата национална компонента во дејствувањето; потоа прашањето околу прифаќањето на евакуацијата како решение за спас на децата, која, пак, резултирала со трајни демографски промени; прашањето за евентуалните сознанија кои ги имало македонското раководство околу поделбата на Европа на сфери на влијание помеѓу САД и СССР и прашањето околу очекуваната помош од Југославија и од СССР наспроти конкретната помош за грчките десничарски сили добиена од САД и од Велика Британија.

Извонредно важен е аргументот дека во наставата, освен факти за кои има консензус во науката, корисно е пред учениците да се истакнуваат и контроверзни проблеми, за кои науката нема единствено мислење, затоа што од нив учениците би

ги осознале карактеристиките на историското научно истражување.[7] За овој проблем би го изнеле ставот на официјалната македонска историографија и на поголемиот дел од научниците, кој е присутен во сите учебници по историја, а според кој војната е квалификувана како идеолошки воен судир помеѓу левицата и десницата во Грција, но дека за македонскиот народ таа имала националноослободителен карактер[8]. Наспроти ова мислење би го претставиле алтернативниот став на дел од учесниците во Граѓанската војна во Грција, посветувајќи му поголемо внимание бидејќи е помалку застапен во научната јавност, а воопшто не е споменат во наставната програма и во учебниците. На тој начин накратко би го изнеле нашето видување на проблемот и како ние сме го употребувале тоа како алтернативен став, со што наставниците, доколку се одлучат за ваков пристап, би имале модел кој би можеле полесно да го применат во наставата. Според овој став, грчката левица била многу повеќе „грчка" отколку „левица" бидејќи сакала да воспостави комунизам во Грција, но никако не по цена на тоа да дозволи да се реализира правото на македонскиот народ за самоопределување, што ќе значело губење на Северна Грција. Овој став значително отстапува од комунистичките идеали применети од Владимир Илич Ленин, кој по Октомвриската револуција на сите народи во некогашната Царска Русија, целосно без војна, им го признал правото на самоопределување, преку кое тие ги создале своите држави – републики, кои потоа влегле во составот на СССР. Имено, грчката левица во однос на македонското прашање имала повеќе националистички од социјалистички планови, односно левицата не дејствувала како вистинска левица во согласност со принципот на Ленин, туку во голем дел имала исти ставови со грчката десница, карактеризирајќи го македонскиот народ како словенофонско население, кое, во најдобар случај, би можело да ги добие своите права, но единствено во рамките на постојната грчка држава.

Но, според ова алтернативно размислување, грчката левица, или барем нејзиниот врв, отишла многу подалеку. Имено, според ова тврдење, самата Граѓанска војна во Грција била фингирана од самиот почеток од страна на врвот на раководството на КПГ, со знаење и во соработка со врвот на КПЈ, кои неосновано го охрабрувале македонскиот народ да војува против грчката десница, знаејќи дека, во согласност со поделбата на сфери на влијание, очекуваната поддршка од идеолошкиот сојузник СССР ќе биде

---

7 Наум Димоски, „Некои суштински проблеми во наставата по историја зависни од историската наука", *Актуелни проблеми во македонската историографија и наставата по историја,* гл. ред. Тодор Чепреганов, Скопје, 1996, 122.

8 *Македонски историски речник*, ред. Стојан Киселиновски, Скопје, 2000, 133–134. Од таканаречениот официјален став на македонската историографија, продуциран од Институтот за национална историја, за потребите на наставата можат да се користат извадоци од делата на следните научници: Ристо Кирјазовски, *Македонски национални институции во Егејска Македонија (1941-1961)*, Скопје, 1987; Лилјана Пановска, *Крајот на една илузија. Граѓанската војна во Грција и Македонците 1946-1949*, Скопје, 2003.

многу помала во однос на директната поддршка од Велика Британија и од САД, која ја добила грчката десница.[9] Понатаму, во контекст на ова тврдење, се посочува дека врвот на КПГ регрутирал голем дел од македонскиот народ со нереални ветувања, а потоа не ги почитувал комунистичките идеали, кои требало да се остварат преку исполнувањето на ветувањата за признавање на самоопределувањето на македонскиот народ до негово отцепување. Спротивно на тоа, спроведувал националистички цели со водење на една предвреме изгубена војна, искористувајќи ја македонската борба само од тактички причини, пред сè, за осварување класни интереси во рамките на грчката држава, бидејќи македонските национални интереси се конфронтирале со грчките национални интереси[10]. Генерално, во однос на македонскиот народ, настаните се движеле во насока на тоа да се реализира Договорот од Јалта, односно, на некој начин, однапред било предвидено ликвидирањето и протерувањето, односно етничкото чистење на македонскиот народ, со што дошло до трајна демографска промена во корист на грчкото население доселено од Мала Азија во Егејска Македонија. Ова етничко чистење не би можело да се оправда доколку се случело во мирновременски услови, па затоа требало преку грчкиот бел терор да се испровоцира одбранбена вооружена реакција од македонскиот народ, а за масовноста на таа реакција бил заслужен врвот на КПГ, кој го поттикнувал македонскиот народ да се крене на оружје за остварување на своите цели. Тоа било доволен изговор за да реагира грчката десница, со оправдување дека ги чува своите грчки државни граници, вршејќи терор и етничко чистење на македонскиот народ. Луцидноста на грчката десница се состоела во тоа што ова чистење пред светската јавност не можело да биде прикажано како чистење според етничката припадност, туку како акција спроведена со изговор дека грчката држава војува за да ги обезбеди своите граници загрозени од словенофоните комунисти, така што ликвидирањето и протерувањето било спроведено под идеолошкиот превез на тоа дека македонскиот народ е поддржувач на комунизмот, што било од особена важност на почетокот од Студената војна.

Од многуте докази околу ова тврдење, во согласност со ограничените рамки на овој прилог, само би го навеле фактот дека водачот на КПГ, Захаријадис, бил ослободен од германски затвор токму од страна на Британците, кои потоа го пуштиле да го заземе

[9] Најистакнати промотори на алтернативниот став за тоа дека Граѓанската војна во Грција е фингирана од страна на раководството на КПГ се авторите Павле Раковски и Стојан Кочов, директни учесници во македонското движење, а нивното мислење може да се согледа во сите нивните дела. Тука ќе ги наведеме следните наслови, од кои би можеле да се користат извадоци за потребите на наставата: Павле Раковски, *КП на Грција и Македонците* (согледувања, размислувања, сознанија), Скопје, 1990; Павле Раковски *Македонците и Граѓанската војна во Грција – протестирам и обвинувам*, том 3, Скопје, 2014; Стојан Кочов, *Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција*, Торонто, 2015; Стојан Кочов, *Македонците низ пеколот на црвеното губилиште – Историски критички оглед*, Скопје, 2007.

[10] Стојан Киселиновски, *Егејскиот дел на Македонија (1913-1989)*, Торонто, 2018, 140.

местото на раководител на КПГ, така што е логично што тој потоа работел за британските интереси. Потоа, дискутабилна е, воопшто, потребата од склучување на договорот од Варкиза, бидејќи голем дел од теренот во тој период бил под контрола на грчката левица и на силите на Демократската армија на Грција (натаму: ДАГ). Извонредно индикативна е изјавата на генералот Маркос Вафијадис, кој по војната изјавил дека, иако изгубила грчката левица и имало многу страдања, сепак за него било посебно задоволство тоа што „Славомакедонците" биле истерани надвор од северниот дел на Грција и што Македонија, сепак, останала грчка. Од друга страна, истиот генерал Маркос нагласува дека причината поради која била изгубена војната и Грција не станала комунистичка држава била предавничката улога на македонските партизани, кои биле „тројански коњ" во редовите на ДАГ.[11] Од културолошки и од идентитетски аспект, констатацијата дека околу македонското прашање и македонскиот народ, квалификуван како славофоно население во рамките на грчкиот народ, немало разлика помеѓу грчката левица и грчката десница произлегува од фактот што процесот на хеленизација, исто како во времето на диктаторот Јоанис Метаксас, бил спроведуван од страна на КПГ во текот на образованието на македонските деца бегалци во источноевропските земји[12]. Од демографски аспект, важен е фактот дека од сите раселени комунисти, само на етничките Грци им било дозволено да се вратат и да живеат во Грција, а на Македонците им било забрането да се враќаат, додека, пак, оние Македонци кои останале во Грција биле подложни на повеќе отворено рестриктивни закони.[13] Инаку, треба да се нагласи дека за и против оваа теза се дебатирало во минатото и меѓу самите учесници во Граѓанската војна и меѓу научниците во рамките на самата македонска историографија.

Понатаму, како интересен пример за реализација на проблемската настава може да се земе влијанието на Југославија и на Тито во војната, при што особено е погодно за дискусија меѓу учениците да се постави прашањето за причините за промената на политиката на Тито во војната, кој најнапред му дава поддршка на македонскиот народ во неа, а потоа ги затвора границите во согласност со реакцијата од Резолуцијата на Информбирото и почнува да се оттргнува од влијанието на СССР. Тука би додале дека при предавањето на оваа лекција, сама по себе се наметнува, односно е поттикната од учениците дискусијата околу стереотипите што се јавуваат за доселениците од егејскиот дел на географска Македонија во Република Македонија. Имено, може да се дискутира околу дилемата од каде произлегува, условно кажано, идентитетот, односно терминот „Егејци" – дали тој произлегол од „горе", односно дали тогашната државна политика стоела зад овој процес, или пак овој термин произлегол од „долу", т. е. стихијно настанал и се проширил меѓу самиот народ. Тука е јасно дека како и за претходните примери така

11 П. Раковски, *Македонците...,* 300–301.

12 Ристо Стефов, „Сведоштва на накои од македонските „деца –бегалци", *Годишен зборник 2010,* Институт за историја и археологија, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, бр. 1, 2010, 115-116.

13 *Македонија и односите со Грција*, ред. Георги Старделов, Скопје, 1993, 82.

и за овој пример, тешко би можело зададените проблеми да се разрешат и од аспект на самата наука, но сепак, како што истакнавме, тие се извонреден пример за поттикнување на учениците да дискутираат и да бидат свесни за стереотипите во општеството.

Во однос на значењето на Граѓанската војна во Грција за историјата на македонскиот народ, може да се постави проблем за дискусија меѓу учениците во однос на самото именување на овој историски настан. Имено, тука би можеле да се анализираат самите бројки во однос на учеството на македонскиот и на грчкиот народ во оваа војна. Така, според анализата на податоците направена од Стојан Кочов, од 25 000 мобилизирани борци во ДАГ, по 50 % биле Грци и Македонци. Но, додека грчките борци биле само 0,21 % од вкупното 6-милионско грчко население, македонските борци биле 4,17 % од вкупното македонско население кое броело 300 000 жители[14], што претставува дури дваесетпати поголема процентуална застапеност на македонското во однос на грчкото население. Од тоа произлегува дека доколку за грчкиот народ оваа војна била граѓанска и идеолошка, за македонскиот народ, без дилема, таа претставува националноослободителна војна.

Како последен проблем за интересна дискусија меѓу учениците во однос на одредувањето на значењето на Граѓанската војна во Грција во современата македонска историографија и со тоа и во денешното македонско општество по периодот на осамостојувањето, би го истакнале парадоксот што произлегува од фактот дека во еднотомната *Историја на македонскиот народ*, издание на Институтот за национална историја од 2008 година, како последно достигнување од овој формат составено врз основа на најсовремените истражувања во македонската наука, воопшто не е обработена, ниту е спомената Граѓанската војна во Грција[15]. Треба да се нагласи и дека последниот, петтиот том од повеќетомната едиција со наслов *Историја на македонскиот народ* завршува со крајот на Втората светска војна, така што и во ова повеќетомно издание недостасува прилог за Граѓанската војна во Грција. Во дискусијата со учениците треба да се нагласи дека Граѓанската војна во Грција, и според бројот на дадените жртви и според значењето за историјата на македонскиот народ, е еднакво важна како и Народноослободителната борба, во која македонскиот народ успеал да го оствари својот вековен идеал за создавање сопствена држава. Но, по големата победа следувал голем пораз за македонскиот народ. Имено, целта на македонските борци во Граѓанската војна во Грција била Македонија да биде обединета, но сепак, и покрај беспоштедната колективна саможртва на македонскиот народ, во која не изостанале, покрај мажите и жените, и децата, како генерален заклучок за самата војна, кој неизбежно го изведуваат учениците, е дека како и многупати во историјата, и во овој случај, но со ретка жестина, се реализирал непишаниот закон за надмоќта на силата над правдината, кој резултирал со најголема катастрофа за македонскиот народ.

14 С. Кочов, *Македонците...*, 55.

15 *Историја на македонскиот народ*, ред. Тодор Чепреганов, Скопје, 2008.

Гласник, 64/2, 2020, стр. 93–101 СТАТИИ

UDK 323.273:373.3/.5(495.6)"19"

ПРИКАЖУВАЊЕТО НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА ВО ОСНОВНОТО И ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

*Игор Јуруков**

Abstract: The end of World War II and the establishment of the first Macedonian institutions brought with it the opportunity to freely express and write history, but also the obligation to research and constantly update the data. The exploration of the people's liberation movement in Macedonia during World War II and the Civil War in Greece were sensitive and fragile themes for the new Macedonian state.

The first textbooks by Macedonian authors in the 1960s, in primary education, began to address the issue of the struggle of the Macedonian people in the Aegean part of Macedonia, but not the civil war. The situation is similar with the first textbooks in secondary education.

The civil war in Greece is only mentioned in separate textbooks, and only appears in textbooks after 1991, or after the independence of the Republic of Macedonia.

This paper will focus on the texts in history textbooks, their essence, the number of pages, pictures and photographs that appear in different textbooks from the mentioned periods.

Keywords: liberation, education, Civil war in Greece, textbooks, number of pages, pictures and photographs.

Вовед

Во текот на XX век се случиле повеќе настани кои се историски важни, а кои станале дел од колективната меморија на македонскиот народ и кои имаат огромно историско значење за македонската историја. Илинденското востание, Балканските војни и поделбата на Македонија, Првата светска војна, Букурешкиот договор и Париската мировна конференција, борбата за ослободување на Македонија во Втората

* Доктор по историски науки, раководител на Одделението за истражување, развој и системски прашања во Бирото за развој на образованието, Министерство за образование и наука, е-адреса: igorjurukov@yahoo.com.

светска војна и формирањето на македонската држава, Граѓанската војна во Грција, осамостојувањето на Република Македонија од Југословенската Федерација се само дел од настаните кои го одбележуваат XX век и се значајни за Македонците. Завршувањето на Втората светска војна, формирањето на македонската држава како државен и правен субјект во рамките на Југословенската Федерација и воспоставувањето на првите македонските институции овозможиле институционална употреба на македонскиот јазик, слободно изразување и пишување на историјата, истражување и научно докажување на историските настани и, се разбира, самостоен општествен и институционален развој. Истовремено, наведените придобивки биле и обврска за творење, пишување, истражување и за постојано надоградување на фактите и на податоците за историјата на Македонија. Меѓу настаните кои се истражувале и за кои се пишувало имало такви кои биле од подалечната, а имало и такви кои биле од поблиската историја на Македонија и на македонскиот народ.

Две посебно значајни теми биле народноослободителното движење во Македонија во Втората светска војна и Граѓанската војна во Грција. Двете теми биле поврзани со борбата за ослободување на Македонија и за државноправно создавање на македонската држава. Истражувањата за народноослободителното движење во Македонија во Втората светска војна и за Граѓанската војна во Грција биле сензибилни теми за новата македонска држава создадена по Втората светска војна. Чувствителноста на истражувањето на овие теми во повоените години се должела на непосредната вклученост на македонскиот народ во народноослободителното движење во егејскиот дел на Македонија и во Граѓанската војна во Грција, кои тукушто завршиле. Сензитивни биле и прашањата за губењето на правата на Македонците во Грција, за последиците од Граѓанската војна и посебно за протерувањето на македонските борци и на нивните семејства од родните огништа. Истражувањето, пишувањето и претставувањето на овие теми биле дополнително отежнати од повеќе причини, кои од научноистражувачка гледна точна биле неоправдани, односно една од нив можеби и била оправдана, но само во одреден временски период. Најголемо влијание на истражувањето и на претставувањето на народноослободителната борба во пиринскиот и во егејскиот дел од Македонија, како и на Граѓанската војна од 1946 до 1949 година, имале повоените политички односи помеѓу Југославија и Грција, но и помеѓу Југославија и земјите поддржувачи на Грција. Причина што се наведува е и немањето на таканаречената историска дистанца, која била оправдана во годините непосредно по војната, но не и во подоцнежниот период. Фактот што Народноослободителната војна (НОВ) во Македонија завршила во 1944 година, додека Граѓанската војна во Грција се одвивала од 1946 до 1949 година, подразбира дека одреден период по завршувањето на настаните требало да се појават објективни содржини кои требало да бидат дел од наставните програми и од учебниците по историја во основното и во средното образование. Но, загрижува и еден друг факт, односно тоа што не само непосредно

по Граѓанската војна во Грција туку и подоцна, оваа војна не се споменувала ниту во наставните програми по историја, ниту во учебниците, а на ова се надоврзува и неспоменувањето или недоволното изучување на народноослободителното движење на Македонците во Грција во Втората светска војна.

Покрај со споменатото, образованието во целост, а посебно историското образование, се соочувало и со други проблеми, како што се недостатокот од учебници, недоволниот број наставници, нивното образование, непостоењето на стручни институции (до одреден период), немањето наставни средства, како и со недооформената училишна инфраструктура.

1. Прикажувањето на Граѓанската војна во Грција во учебниците за основно образование

Во периодот непосредно по Втората светска војна не постоеле учебници по историја на македонски јазик, како и учебници од македонски автори, а немало ниту специјализирани институции кои би изработиле стручни наставни програми по историја и кои би подготвиле учебници. Затоа во првите повоени години како алтернатива се користеле преведени учебници од југословенски и од руски автори, за кои оваа проблематика била подалечна.

Во основното образование, наставните единици од историјата на XX век се реализирале во VIII одделение. Но, ако ги следиме учебниците на македонски јазик напишани од македонски автори уште од нивното појавување, ќе забележиме дека во учебникот по *Историја за VIII одделение*[1] од 1963 година нема содржини за народноослободителната борба на Македонците во Грција, ниту пак таа се споменува, исто како што нема содржина и за Граѓанската војна во Грција (1946 – 1949), која, исто така, не се ни споменува. Народноослободителното движење во Пиринска и во Егејска Македонија се појавува во учебниците за основно образование од 70-тите години. Така, во учебникот *Историја за VIII одделение*[2] е дадена содржината „Националноослободителното движење во Пиринска и Егејска Македонија“, а нејзината содржина е поделена на два дела: „Народноослободителната борба на Македонците во Пиринска Македонија“ и „Народноослободителната борба на Македонците во Егејска Македонија“. Текстот е придружен со фотографии од Никола Парапунов (со објаснување: „Истакнат организатор на востанието во пиринскиот дел на Македонија“)[3] и на Лазо Трповски (со објаснување: „Еден од организаторите на народноослободителното движење во

1 Јордан Димевски, Војо Кушевски, *Историја за VIII одделение*, Просветно дело, Скопје, 1963.
2 Јордан Димевски, Војо Кушевски, *Историја за VIII одделение*, Просветно дело, Скопје, 1979, 125–129.
3 Ibid., 126.

егејскиот дел на Македонија").[4] Во учебникот не се прикажува или не се споменува Граѓанската војна во Грција.

Во учебникот по *Историја за VIII одделение*[5] од 1984 година има содржина насловена како „Народноослободителното движење во пиринскиот и егејскиот дел на Македонија", која се состои од следните делови: „Вооружената борба во Пиринска Македонија", „Народноослободителната борба на Македонците од егејскиот дел на Македонија" и „Пораст на грчкото антифашистичко движење". Во неа секаде се споменува борбата на македонскиот народ за слобода, а дадени се фотографии на Никола Парапунов со објаснување идентично како и во претходно цитираниот учебник. Исто како и во претходните учебници, евидентно е дека и во овој учебник не ни споменува Граѓанската војна во Грција, а не, пак, да се прикаже. Ако се направи компарација на овој учебник со претходно наведениот, воочливо е дека текстот, фотографиите и објаснувањата на фотографиите се идентични, односно дека нема разлика меѓу нив. Истото се однесува и на прашањата што се дадени по текстот.

Со Решението бр. 03-24/1 на Републичкиот педагошки совет од 29 февруари 1989 година се одобрува употребата на учебникот *Историја за VIII одделение*[6], во кој, во споредба со претходните учебници, на различен начин се интерпретира учеството на Македонците во народноослободителната борба во пиринскиот и во егејскиот дел на Македонија, а за првпат се појавува и содржина чиј составен дел е и Граѓанската војна во Грција. Така, во овој учебник народноослободителната борба во пиринскиот и во егејскиот дел на Македонија е дел од повеќе наставни содржини, како „Востанието во Македонија"[7], каде што има посебни делови: „Почеток на вооружената борба во пиринскиот дел на Македонија" и „Почеток на борбите во егејскиот дел на Македонија", придружени со фотографии на Никола Парапунов и на Лазо Трповски. Во содржините „Народноослободителната војна во првата половина на 1942 година"[8], „Јакнење на Антифашистичката коалиција и текот на Втората светска војна до крајот на 1943 година"[9] и „НОВ во Македонија во 1944 година"[10] постојат делови посветени на вооружените борби во Пиринска и во Егејска Македонија. Покрај наведените делови, во овој учебник постои и посебна наставна содржина за вооружената борба во Егејска Македонија со наслов „Разгорување на вооружената борба во Македонија, отпор и вооружени акции во пиринскиот и егејскиот дел на Македонија во 1943 година"[11].

---

4 Ibid., 128.

5 Јордан Димевски, Војо Кушевски, *Историја за VIII одделение*, Просветно дело, Скопје, 1984, 157–160.

6 Иван Маневски, *Историја за VIII одделение*, Просветно дело, Скопје, 1989.

7 Ibid., 66–69.

8 Ibid., 73–75.

9 Ibid., 75–76.

10 Ibid., 98–103.

11 Ibid., 90–94.

За разлика од претходните учебници, во *Историја за VIII одделение* има и содржина посветена на Граѓанската војна во Грција, која е дадена под насловот „Положбата на Македонците во соседните земји по Втората светска војна“[12], каде што за првпат на две страници, во два посебни дела, се прикажани „Граѓанската војна во Грција и учеството на Македонците во неа 1945 – 1949 година“ и „Положбата на Македонците во Грција по Граѓанската војна“. Сето претходно наведено го одвојува овој учебник од сите други, и од оние што биле напишани претходно и не содржеле теми за Граѓанската војна во Грција, но и од оние што биле напишани подоцна, по осамостојувањето на Република Македонија од Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ). Треба да се истакне дека во овој период послободно почнува да се зборува за македонската национална историја, а т.н. „југословенско јадро“, кое ги дефинира насоките според кои требало да се прикажува историјата, не се почитува доследно. Оттука следува и причината поради која содржината за Граѓанската војна во Грција го нашла своето место во овој учебник.

Во учебниците по историја објавени по осамостојувањето на Република Македонија од Југословенската Федерација се дадени содржини за ослободителната борба во пиринскиот и во егејскиот дел на Македонија, односно во учебникот по *Историја за VIII одделение*[13], издаден во 1998 година, се вклучени следниве наставни содржини: „Националноослободителното движење во пиринскиот дел на Македонија 1941 – 1944 година“ и „Националноослободителното движење во егејскиот дел на Македонија 1941 – 1944 година“. Во овие содржини постојат текстови богати со податоци за антифашистичкиот отпор во Бугарија во периодот од 1941 до 1944 година, за Македонците во времето на Метаксасовата диктатура, за Македонците и Грчко-италијанската војна, за Македонците во периодот на Втората светска војна, за формирањето на македонските политички и воени формации и за афирмирање на македонските културни дејности. Исто така, поместени се и слики на Никола Парапунов и на Лазо Трповски, како и повеќе слики на македонски партизани и на македонски партизански единици.

Во учебникот за VIII одделение од 1998 година постојат два дела од наставната содржина посветена на темата за Грција, Бугарија, Албанија, Романија и Турција по Втората светска војна, и тоа: а) „Граѓанската војна во Грција (1946 – 1949)“[14] и б) „Политичката ситуација во 1950 – 1990 во Грција по Граѓанската војна“[15]. Во неа многу кратко се објаснети двата посочени дела, повеќе фактографски, без посебни објаснувања за појавите и за процесите што се случувале. Во рамките на содржината е дадена и слика со објаснување „Македонски коњаници во ДАГ“.

12 Ibid., 125–128.

13 Новица Вељановски, Симо Младеновски, Стојан Киселиновски, Светозар Наумовски, *Историја за VIII одделение*, Просветно дело, Скопје, 1998, 103–106.

14 Ibid., 103.

15 Ibid., 103–104.

2. Прикажувањето на Граѓанската војна во Грција во учебниците од средното образование

Како што веќе споменавме, народноослободителната борба на македонскиот народ во Пиринска и во Егејска Македонија и Граѓанската војна во Грција се случуваат непосредно по Втората светска војна или во првите години од конституирањето на Демократска Федеративна Македонија (ДФМ), односно на Народна Република Македонија (НРМ) во составот на Југословенската Федерација. Нивното прикажување е испреплетено со сложената политичка состојба, со проблемите со децата бегалци и со немањето историска дистанца.

Од овие причини, народноослободителната борба на македонскиот народ во Пиринска и во Егејска Македонија и Граѓанската војна во Грција во учебниците се прикажуваат различно. Така, во учебниците издадени во почетокот на 70-тите години од XX век – *Историја за III клас гимназија*[16] за природно-математичката насока и *Историја за IV клас гимназија*[17] за општествено-јазичната насока, има одредени делови за народноослободителната борба за слобода на македонскиот народ во Пиринска и во Егејска Македонија. Поточно, во рамките на темата за Втората светска војна и Народноослободителната војна на југословенските народи постојат содржини во кои има делови за народноослободителната борба на македонскиот народ во Пиринска и во Егејска Македонија. Во нив нема содржини или делови од содржини посветени на Граѓанската војна во Грција.

Осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година носи повеќе општествени промени, меѓу другото, и во образованието. Конкретно, во наставните програми по историја, а аналогно на тоа и во учебниците се вклучени наставни содржини кои ја прикажуваат историјата на егејскиот дел на Македонија од периодот помеѓу двете светски војни до Граѓанската војна и периодот по неа.

Во учебниците напишани по 1991 година, како и во оние што се користат и денес во гимназиското образование – *Историја за III година*[18] и во реформираното гимназиско образование – *Историја за IV година*[19], обете печатени во 2009 година, се појавуваат интересни текстови што го обработуваат претходно споменатиот период, како дел од содржина или како посебни содржини. Поточно, во *Историјата за III година*, во тематската целина посветена на Македонија во периодот меѓу двете светски војни, се наоѓа содржината „Афирмација на македонската национална свест,

[16] Б. Цветковски, А. Апостолов, Ѓ. Глигоров, *Историја за III клас гимназија*, природно-математичка насока, Просветно дело, Скопје, 1972.

[17] Б. Цветковски, А. Апостолов, Ѓ. Глигоров, *Историја за IV клас гимназија*, општествено-јазична насока, Просветно дело, Скопје, 1972.

[18] Новица Вељановски, Гордана Плетварска, Соња Цветковска, Џафери Шичери, *Историја за III година*, гимназиско образование, Просветно дело, Скопје, 2009.

[19] Даринка Петреска, Виолета Ачкоска, Маргарита Пешевска, *Историја за четврта година реформирано гимназиско образование*, Табернакул, Скопје, 2009.

јазик и култура“[20], во која во посебен дел е прикажан егејскиот дел на Македонија. Потоа во тематската целина „Балканот во Втората светска војна“, во содржините „Балканските народи во Втората светска војна (1939 – 1943)“[21] и „Балканските народи во Втората светска војна (1943 – 1945)“[22], во деловите што се однесуваат на Грција се прикажани и антифашистичката борба и вклученоста на Македонците во неа, како и борбата за националното ослободување, но и признавањето на македонската посебност од страна на грчките организации и авторитети. Така, во темата „Македонија во Втората светска војна“ е вклучена содржината „Народноослободителното движење и НОБ во пиринскиот и егејскиот дел на Македонија во Втората светска војна“[23], при што во посебен дел – „Егејскиот дел на Македонија во Народноослободителната војна (1941 – 1945)“, текстот за содржината е збогатен со фотографии, копии од документи и со соодветни објаснувања. Составен дел од текстот се фотографиите на Лазо Трповски придружени со кратка биографија, потоа фотографиите на борци од партизански одред во Костурско во 1943 година, на група партизани и на Егејската ударна бригада. Текстот е збогатен и со копии од документи, и тоа: а) *Победа*, орган на македонската војска во Егејска Македонија, б) *Словено-македонски глас*, органот на Славјаномакедонскиот народноослободителен фронт (СНОФ) за Костурско (март 1944) и в) *Резолуција* од ноември 1944 година, според која горноџумајската област е неделив дел од Македонија. Во овој учебник, посебна наставна содржина е „Граѓанската војна во Грција и последиците“[24], во која се опишува борбата на Македонците во Грција за ослободување и остварување на своите национални и граѓански права. Во текстот недвосмислено се кажува дека Македонците учествувале во единиците на Народноослободителната војска на Грција (ЕЛАС) и во Демократската армија на Грција (ДАГ) во соодветните периоди од борбата, се укажува на големиот број жртви во текот на војната, но и по неа, со посебен акцент на лицата кои станале бегалци од сопствените имоти и куќи и кои биле најбрутално тероризирани и присилно раселени. Во оваа содржина се дадени карта, фотографии од Граѓанската војна и од децата што бегале пред теророт, како и сведоштва за настаните.

Историјата во IV година од реформираното гимназиско образование е изборен предмет и во учебникот наменет за него во повеќе содржини во рамките на две теми се прикажува Граѓанската војна во Грција. Така, во рамките на темата посветена на Балканот во периодот од 1945 до 2000 година, во рамките на содржината „Рефлексиите на светската политика и на балканските држави“[25], има дел со

[20] Новица Вељановски, Гордана Плетварска, Соња Цветковска, Џафери Шичери, *Историја за III година...*, 98–100.
[21] Ibid., 122–126.
[22] Ibid., 127–131.
[23] Ibid., 161–165.
[24] Ibid., 192–194.
[25] Д. Петреска, В. Ачкоска, М. Пешевска, *Историја за четврта година...*, 40–48.

наслов „Граѓанската војна во Грција и воспоставувањето на диктатура“, каде што се наведуваат општи податоци за Граѓанската војна, но и за учеството на Македонците во неа. Фотографијата на жени од Костурско во ДАГ е дел од оваа содржина. Исто така, во рамките на темата за Македонија во времето од 1945 до 1990 година е поместена и содржината „Положбата на Македонците во Грција, Бугарија и Албанија“[26], каде што посебен дел е „Положбата на Македонците во Грција“. Во овој дел многу кратко е истакнато дека „Македонците во Грција во текот на НОБ до 1945 година се изборилe за признавање на некои нивни национални и културни права“[27], по што следува делот за Граѓанската војна, кога не само што ги изгубиле правата туку биле и уништувани, протерувани од сопствените имоти или биле правени обиди за нивна асимилација. Составен дел од содржината се фотографиите на жени од редовите на ДАГ како носат ранети борци од борбите на Грамос во 1948 година и на деца бегалци. Проблематиката на Граѓанската војна е опфатена и во содржината „Миграциски движења во Република Македонија“[28], каде што во посебен дел – „Иселувањето на Македонците од Грција“, се вели дека „иселувањето на Македонците од Грција има форма на насилно етничко чистење“[29], а се објаснуваат и теророт и протерувањето на Македонците, евакуацијата на повеќе илјади деца и преселувањето на луѓето во европските и во прекуокеанските држави.

* * *

Прикажувањето на Граѓанската војна во Грција заедно со народноослободителното движење во Егејска Македонија во Втората светска војна се теми поврзани со борбата за ослободување на Македонија и за државноправно создавање на македонската држава. Нивното прикажување во наставните планови и програми и во учебниците по предметот Историја е поврзано и се движи од прикажување на народноослободителното движење во Егејска Македонија во Втората светска војна, во сите случаи, без исклучок, заедно со народноослободителното движење во Пиринска Македонија, почнувајќи од 70-тите години на XX век, до заедничко прикажување со Граѓанската војна во Грција, почнувајќи од 1989 година. Практично, и во основното и во средното образование темата за Граѓанската војна во Грција не се прикажува во времето на постоењето на Федеративна Југославија сè до предвечерјето на распаѓањето на СФРЈ и прогласувањето на независна Република Македонија.

Два важни фактори беа наведени како причина за нивното неприкажување, од кои едниот беше историската дистанца, а вториот политичките односи. Политичките

26 Ibid., 66–70.
27 Ibid., 68.
28 Ibid., 78–81.
29 Ibid., 80.

односи помеѓу Југословенската Федерација и Грција во периодот на Граѓанската војна, како и по неа, биле крајно напнати и следени со постојани напади врз југословенското и врз македонското раководство. Југословенското раководство, внимавајќи на добрососедските односи и на активната мирољубива коегзистенција со соседите, во овој случај со Грција, ја избегнувало темата за Граѓанската војна. На ова се надоврзувале политиката и односот на државата кон Македонците, односно кон „децата бегалци“ од Егејска Македонија, што, исто така, влијаело на наставните планови и програми и, секако, на учебниците по историја. Со оглед на тоа што народноослободителното движење во Егејска Македонија, а и во Југославија во Втората светска војна, како и Граѓанската војна во Грција се случуваат во приближно ист временски период, може да се заклучи дека историската дистанца не била причина за неприкажувањето на Граѓанската војна во Грција. Како главна причина за тоа останува политиката на Југославија и нејзините односи со соседите, но и со нивните поддржувачи.

Сепак, за одбележување е фактот што, сепак, денес Граѓанската војна во Грција во македонските учебници по историја се прикажува во согласност со историските факти кои засега ни стојат на располагање. Она што би требало да се очекува во иднина е изведување заеднички истражувања на историчарите од двете држави и прикажување на Граѓанската војна во Грција во духот на европските вредности, со признавање на фактите, извинување кон жртвите и помирување помеѓу народите.

Гласник, 64/2, 2020, стр. 103–123 МАТЕРИЈАЛИ

UDK 314.151.3-054.73(=163.3:495.6):342.71(497.7)"19"

ОД БЕГАЛЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА ДО ДРЖАВЈАНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Петар Атанасов *, Иван Блажевски***

Abstract: The territorial proximity with Greece, in the period during and after the end of the Civil War in Greece, motivated great number of Macedonian refugees that were embraced in SFR Yugoslavia and several Eastern European countries, at the beginning individually and then in an organized way to settle in the People's Republic of Macedonia. The main subject of research of this paper are the memories of refugees and the histories of their families after leaving Greece, as well as the process of settling in during longer period of time in the People's Republic of Macedonia. In the paper we used original research material acquired through conducting of focus groups in Skopje, Štip and Strumica and five individual family histories from the city of Bitola, tha latter as singular narratives of their returning into the 'new' society.

Keywords: refugees from Civil war in Greece, family life histories, settling in People's Republic of Macedonia.

XX век изобилува со трагични приказни за бегалците и за нивните животни судбини. Меѓу нив, најспецифични се масовните бегалски кризи за време на војни меѓу државите или на внатрешни конфликти, кога илјадници бегалци морале за кратко време да напуштат одредени воени подрачја или подрачја небезбедни за живеење. Овој текст е сведоштво за судбината на бегалците Македонци кои ја напуштиле Република Грција главно во 1948/1949 година и за нивното доселување во Народна Република Македонија (денес Република Северна Македонија) во 60-тите и

* Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, редовен професор, е-адреса: atanasovmk@yahoo.com.

** Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, доцент, е-адреса: ivanprimer@gmail.com.

во 70-тите години на XX век. Војните обично се водат меѓу државите, но внатрешните воени конфликти создаваат многу повеќе последици и трауми, особено за цивилното население. Еве како гледа на Граѓанската војна во Грција еден Македонец, бегалец од Грција, кој денес има над 80 години и живее во Скопје[1]:

> „Граѓанската војна во Грција беше политичко прашање, а војната ја создадоа политичарите. Македонија, која веќе беше формирана како република во новата федерација, имаше свое учество во Граѓанската војна во Грција. Тоа се случуваше сè додека не преовлада политиката и Информбирото. После се затвори границата. Повторно политиката го одлучи тоа!“

Во едно бурно време, за време на Втората светска војна и веднаш по неа, во Грција се случувале многу внатрешни политички турбуленции. Во целата таа нестабилна и конфликтна ситуација, на грчката политичка сцена се нашле и Македонците и македонското националноослободително движење од егејскиот дел на Македонија, пишува Александар Литовски, историчар од Скопје. Како континуитет на политичките определби во текот на антиокупаторската борба, Македонците од егејскиот дел на Македонија ја задржале својата определба за активна поддршка на левицата. Тоа се должело, пред сè, на нивниот стремеж за извојување национални придобивки, а единствено левицата нудела и ветувала делумно задоволување на таквите стремежи. „Така, веднаш по потпишувањето на Договорот од Варкиза, постепено започнале да се создаваат предуслови за еден внатрешнополитички конфликт во Грција кој, во крајна линија, ќе предизвика масовен прогон на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.“[2] Со Договорот од Варкиза (од 12 февруари 1945 година) и со преземањето на власта во Грција од страна на десните политички сили, перспективите на македонскиот народ за остварување барем на минимални национални права, фактички, во голема мера се затвориле. Во наредниот период Македонците биле во ситуација или физички да бидат уништени или да се борат за својот живот и за евентуално извојување човечки и национални права. Оттаму, сосема очекувано и логично, Македонците ја одбрале втората опција и во наредниот период ја прифатиле

---

1 Истражувањето за овој текст беше спроведено во ноември и во декември 2019 година. Беа организирани четири фокус-групи, две во Скопје и по една во Штип и во Струмица. Во фокус-групите учествуваа вкупно 28 бегалци, сега на возраст од 60 до 80 години. Фокус-групите беа организирани со поддршка на Републичкото здружение на децата бегалци и нивните потомци од егејскиот дел на Македонија „Т'ГА ЗА ЈУГ“ во Скопје, Штип и во Струмица, а ги реализира Петар Атанасов од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ. Цитатите во текстот се дадени во оригинал, но без имињата на интервјуираните.

2 Александар Литовски, „Македонците од егејскиот дел на Македонија и Грција во 1945 година“, *Балканот: луѓе, војни и мир*. Скопје, 2015, 383–394.

политиката на грчките комунисти на оружено спротивставување на десничарскиот режим.[3] Но, оваа политичка опција ја загубила војната против монархофашистите, како што често знаат да кажат егејските Македонци.

За време на и по завршувањето на Граѓанската војна Македонците, поради различни причини, но најмногу за да се спасат од физичка ликвидација, во неколку брана ја напуштиле Република Грција. Со овој проблем најмногу со соочила македонската влада непосредно по конституирањето на Народна Република Македонија (натаму: НРМ). Прифаќањето на бегалците од егејскиот дел на Македонија кои во текот на Граѓанската војна во Грција (1946 – 1949) континуирано ги напуштале родните огништа и преминувале на територијата на Федеративна Народна Република Југославија (натаму: ФНРЈ) бил инцидентен настан без преседан. Овој процес на присилно иселување, кој започнал уште во периодот на Втората светска војна (1941 – 1944), кога во вардарскиот дел на Македонија се населила помала група бегалци од костурската, леринската и од воденската област, ќе добие особени размери непосредно пред и во текот на Граѓанската војна во Грција. Имено, во неколку помасовни брана во периодот 1945 – 1949, заклучно со 1950 година, низ територијата на НРМ ќе поминат 71 591 бегалец од Грција, Грци и Македонци. За разлика од грчките бегалци, кои биле населувани во бегалската населба Булкес во Војводина, Македонците биле сместувани во НРМ. Во 1950 година, од страна на Министерството за социјални грижи на НРМ биле евидентирани 17 699 лица. Во согласност со конвенциите на ООН, овие лица имале статус на бегалци, така што вкупниот број на бегалците во 1955 година изнесува околу 24 000.[4]

Голем дел од бегалците завршиле во источноевропските земји како Унгарија, Чехословачка, Полска, Романија и Советскиот Сојуз, каде што на барање на Привремената влада и на Комунистичката партија на Грција биле сместени илјадници борци партизани и раселени семејства. Во овие држави биле сместени и Македонци и Грци, но во повеќето од државите мнозинството биле Македонци. Имено, најголем белег на оваа бегалска драма му даваат иселените деца бегалци на возраст од 1 до 14 години, кои со согласност на нивните родители и на движењето на отпорот биле пренесени до границата придружувани од неколку девојки, наречени „мајки“, кои во наредните години ќе се грижат за нив во земјите каде што ќе престојуваат. „Станува збор за над 28 000 деца кои во 1948 година, врз основа на одлуката на Привремената демократска влада на Грција (во која главен збор имала Комунистичката партија на Грција), биле евакуирани од Грција во Југославија и во земјите од источниот блок. Иако се предвидувало нивниот престој во овие земји да има привремен карактер, сепак со поразот на Демократската армија на Грција во 1949 година, тие станале дел од многубројната политичка емиграција од Граѓанската војна во Грција на која ѝ било оневозможено да се врати во земјата. Според расположливите податоци,

[3] Ibid., 394.

[4] Катерина Мирчевска, „Македонските бегалци од граѓанската војна во Грција во НР Македонија“, *Балканот: луѓе, војни и мир*, Скопје, 2015, 369–381.

најголем број од децата, околу 11 000, биле згрижени во Југославија, нешто повеќе од 5 000 деца во Романија, во Полска околу 3 500, во Унгарија околу 2 800, во Чехословачка над 4 000, а податоците бележат дека од 2 500 до 3 000 грчки и македонски деца биле згрижени во Бугарија, а околу 1 128 во Источна Германија."[5]

Процесот на доселување од Источна Европа во Македонија започнал да се реализира од 1955 година, односно по нормализацијата на односите меѓу Југославија и земјите од источниот блок. Во овој период во НРМ се доселиле 4 560 лица или околу 1 500 семејства, кои дошле во најголем број во периодот 1955 – 1958 година, а само 60 лица од нив во 1959 и во 1960 година, што било резултат на заостреният критериум за доселување. Во втората половина на 1961 година започнала и втората фаза на овој процес, кој бил овозможен и за сите други лица што имале желба да се населат во Југославија. Како резултат на проширувањето на процесот и според нецелосните податоци со кои располагал Извршниот совет на СРМ, до 1965 година биле евидентирани околу 31 000 бегалци, во периодот од 1965 до мај 1968 година во републиката се населиле нови 658 бегалски семејства со 2 063 члена, а сè уште имало и 755 семејства кои чекале дозвола за преселување.[6]

Траумата на децата бегалци[7], пишува Катерина Мирчевска, уште еден историчар од Скопје, започнала со заминувањето од родната куќа и се зголемувала со расцепканоста на семејствата во повеќе земји со различно идеолошко уредување, со оспорувањето на нивниот македонски идентитет, приспособувањето на новите системи на образование, со изучувањето неколку јазици итн. Во наредниот период нивното помасовно концентрирање на одредени локации, а особено во НР/СР Македонија, ќе одигра клучна улога во процесот на личната и на јавната интерпретација на сопствената култура на меморијата.[8] Оваа сага на Македонците од Грција и нивното враќање во „новото" општество е предмет на анализа во овој труд. Во текстот ќе бидат дадени сведоштва на повозрасни бегалци, но и на нивни деца, за тоа каде отишле нивните семејства, што им се случувало и зошто повторно тргнале назад. Сепак, тие стигнале само до границата на државата во која некогаш се родиле зашто потоа биле прогласени за непожелни. Македонците се вратиле во својата матична татковина, затоа што просторот на кој повторно ќе се задомат бил најблиску до нивниот јазик, нивната култура и идентитетот.

---

5 Катерина Мирчевска, „Меѓу културната меморија и општественото признавање на траумата: светски средби на децата бегалци", *Гласник,* 62/1–2, Скопје, 2018, 178–179.

6 К. Мирчевска, „Македонските бегалци ...", 371.

7 Деца бегалци е термин со кој се именуваат 28 000 деца кои, според архивски податоци, во 1948/1949 година, во текот на Граѓанската војна во Грција, се евакуирани од Грција и на кои никогаш повеќе не им било дозволено да се вратат назад во земјата во која се родиле тие и нивните родители, баби и дедовци. Најголемиот дел од нив се доселиле во Народна/Социјалистичка Република Македонија, а мнозинството деца биле по потекло Македонци.

8 К. Мирчевска, „Меѓу културната меморија ...", 179.

Повторно враќање во „татковината“

Како што беше објаснето во воведниот дел, илјадници семејства од Грција ја напуштиле државата поради внатрешен конфликт и емигрирале на сите страни од светот. Меѓу нив имало илјадници партизани и луѓе што го помагале отпорот, кои, според различни извори, биле меѓу 30 000 и 50 000, главно Македонци, како и 28 000 деца бегалци. Каде отишле сите овие луѓе е обично тема која се презентира само преку бројки и географски дестинации. Во наредните редови ќе презентираме кратки сведоштва за тоа што се случувало со овие семејства: каде отишле, каква била нивната судбина, каде се сместиле илјадниците Македонци во оваа бегалска драма и егзодус. Учесниците во фокус-групите се самите бегалци, а овие приказни лично ги доживеале и растеле со нив. Луѓето чии искази ги презентираме се дел од Македонците кои избегале од Грција, но повторно се вратиле, но не во своите родни места. Се вратиле во Македонија, која ширум ги отворила вратите преку една инклузивна политика и овозможила нивно доселување и интегрирање во македонското општество. Судбините на овие луѓе се, навистина, сведоштво за многу голготи, кои ги има толку колку што има и бегалски семејства. Секоја семејна историја е уникатна бегалска приказна. Еве неколку сеќавања за овие настани:

„Моето семејство е, можеби, карактеристично по својот статус. Раштркани сме и раселени по целиот свет. Нè има во Австралија и во Канада, потоа нè има и во Полска, во Чешка, но и во Македонија, насекаде. Од страната и на мајка ми и на татко ми, во 10 семејства имаме загинато повеќе партизани во Граѓанската војна. Татко ми бил тешко ранет, едвај преживеал.“

„Јас сум роден 1939 во Грција. Многу бев мал и не се сеќавам многу каков беше животот во Грција. Кога бегаме, беше страшно, ги палеа тополите, една по една, а потоа го запалија и селото. Со воз дојдовме до Кременица, се сеќавам. Нè качија во товарни камиони, повеќе фамилии, по 5-6 фамилии. Нè однесоа во Ниш. Еден вагон отиде за Гаково, еден за Софија. Во Софија бевме цел месец. Сме стигнале со семејството до Неврокоп, Бугарија. После неколку месеци се вративме во Македонија.“

„Јас сум и по татко и по мајка Македонец. Моите се од Драмско. И жена ми е по потекло од Егејска Македонија. Ние живеевме во Чехословачка. Татко ми имаше големи проблеми во Чехословачка бидејќи се декларираше како Македонец. Тогаш грчката партија во Чешка беше многу јака. Од 1942 до 1945 се бореше во оваа војна, а потоа се врати и се бореше во Грчката граѓанска војна.“

„Ние сме од Костурско, од село Д'мбени. Селото е познато по Илинденското востание. Двајцата мои родители се учесници во Граѓанската војна. Татко ми се борел и во Народноослободителната војска овде до 1945, па потоа се враќа во Грција. Имаме и други роднини во Америка, но не се знаеме со сите. Со некои се познаваме, но ретко контактираме. Во Македонија имам доста роднини. Во 50-тите од XX век се спојува семејството и од Ташкент се враќаме овде."

„Во 1945 година од Зрново, Драмско, емигриравме во Бугарија. Ние три деца заедно со родителите. Три месеци бевме таму. Од таму со запрежни коли дојдовме во Кадрифаково. Што можеш да донесеш – брашно, компири и малку грав. Друго ништо. Патувавме 15 дена од Бугарија до Кадрифаково. Од Кадрифаково дојдовме до Петровец, Скопско, кај аеродромот. Во Петровец живеевме три и пол години. Од Петровец државата нè испрати во Војводина, во Гаково. Пак нè вратија во Македонија. На крај завршивме во Штип."

„Ние сме бегани преку Старавина. Снег имаше по планин'та. Нè однесоа во една касарна. Нè товарија во камиони и нè однесоа во Битола. Нè качија во воз. Потоа нè однесоа во Романија. Таму бевме 6 месеци. Од таму отидовме во Војводина. Од Војводина се вративме во Скопје."

„Роден сум во 1940 година. Во југословенско време, кога дојдовме овде, добро нè прифатија. Мајка ми, Бог да ја прости, викаше дека не знаеме веќе кои сме, што сме. Пола живот по патиштата бевме. Само по јазикот се познававме, кој од каде е. Ние, пак, што дојдовме од Полска, бевме школувани, како Македонци на македонски и на полски јазик. Нè тераа да учиме грчки, ама младите се бунеа. Дојдовме од Полска, од градовите Згоржелец, Шчечин... Јас, на пример, дојдов 1957 година во Штип."

„Татко ми е учесник во движењето на ЕЛАС. Од декември 1944 година, па сè до распаѓањето на ЕЛАС и комунистичкото движење. Кога се распаднал ЕЛАС, имало општ прогон на учесниците во ЕЛАС, меѓу кои и татко ми. Морале да се кријат во колибите и шумата. Моите дошле во Петрич. Биле сместени во еден прифатен центар. Власта ги прифатила, ама народот не ги прифаќал. Потоа сме дошле овде."

„Јас сум роден во Полска. Татко ми и мајка ми таму се регистрирале. Потоа дошле тука, додека во Полска останал еден дел од семејството. Имаме роднини и во Грција. Повеќето се починати. Имаме роднини овде и од

кај татко ми и од кај мајка ми. Веќе луѓето што сме генерација и не се знаеме, живееме далеку едни од други. Особено со оние од Австралија, но и во Грција. Се подалеку сме и полека ги губиме контактите.“

„Моите бегаат за време на граѓанската војна во Бугарија, тогашна Горна Џумаја, па одат во Неготино, па потоа во Војводина, во Гаково. На крај доаѓаат во Куманово. Дедо ми кога сфати дека нема да се вратат во родното место умира. Баба ми исто така сакаше да се врати дома, во Грција. Многу од нашите никогаш не се вратија ниту да ја видат куќата во која се родиле.“

Во целиот тој период од 1946 до 1949 година, во Грција се креира мислење дека дека сите проблеми што ги имале Грците потекнуваат од Македонците пребегани од Егејска Македонија во Југославија. Тогаш двете влади божем се согласиле Македонците да се однесат стотици километри подалеку од грчката граница. Некои семејства се селени многупати, сè додека на крај не се вдомиле во некое село или град, онака како што им нудела државата. Државата ги згрижила и им помогнала да се населат и да се вратат во НР/СР Македонија. Но во друга држава, не во Грција. Во целата оваа бркотница, се чини дека една од светлите точки било школувањето на децата во источноевропските држави, каде што некои од нив останале повеќе од 10 години:

„Што се однесува до Граѓанската војна и децата бегалци, за среќа или несреќа, тие успеаја да се спасат и да се школуваат, и тоа беше добро за државата во која се вратија. Доаѓаа и веднаш се вработуваа. Но, дел од нас кои останавме тука постојано нè селеа, главно одевме по селата. Овде не се образувавме нешто многу. Колку еден занает да завршиш. Ние сме селени 14 пати. Не е лесно да го зачуваш идентитетот кога постојано си во движење. Да докажуваш кој си, од каде си?“

Преселбата започнала многу порано

Сепак, во случајот на Македонија, интересите на балканските држави и создавањето на меѓународните сили по Втората балканска војна довеле до имплементација на политиката на асимилација и до размена на населението, што најчесто се случувало на драстичен начин. Меѓу 1923 и 1930 година, грчкиот дел на Македонија го напуштиле исламско турско население и 146 000 Словени, главно претставувани

како Бугари. Овие имигранти биле во најголем дел населени во Бугарија.[9] Дел од овие бегалци започнале да доаѓаат во Кралството Југославија по размената на населението меѓу Грција и Бугарија во 30-тите години од XX век. Тие се, главно, од Кукушко и се доселиле во Кралството Југославија пред Втората светска војна. Биле наречени бегалци или „бежанци“ и тоа име го носат до ден-денес. Приказната е слична на онаа по Втората светска војна, но овие бежанци се населени, главно, во Струмица и во околните села по Балканските војни од 1912/1913 година, на просторот што подоцна влегува во рамките на федералната единица позната како НРМ. Чувството на бежанците, кои себеси денес се декларираат како Македонци, е, веројатно, слично како и она на политичките бегалци од Граѓанската војна во Грција. Но, нивното раселување е последица од Балканските војни и од поделбата на територијата на Македонија меѓу балканските држави.

Крајот на Првата светска војна (1914 – 1918) и „мировните“ договори создале идеални услови за грчкото кралство да ја продолжи својата политика на менување на демографската структура во Егејска Македонија. По 1919 година, со Нејскиот „мировен“ договор, ова прашање ќе биде решавано со политички средства, со што грчката држава ќе ја смени националната структура во делот што го добила со Букурешкиот мировен договор. Во спогодбата потпишана на 27 ноември 1919 година, во член 56 е предвидено да се направи доброволна размена на населението меѓу Бугарија и Грција. Така, движејќи се во двете насоки, илјадници луѓе си ги сменила своите огништа. Под незапамтен терор, илјадници македонски семејства биле принудени да си ги напуштат сопствените прадедовски огништа. Голем дел од македонските семејства под присила и со терор на грчката полиција ги оставиле своите куќи и своите имоти, на кои веќе никогаш и не се вратиле, и се иселиле во Бугарија.[10] Дел од нив се населиле во денешна Македонија. Историјата на многу семејства се пишувала секојдневно во едно немирно време, а луѓето бегале спасувајќи се себеси и своето семејство. Всушност, со бежанците започнува и новото прегрупирање на Македонците на Балканот, особено во триаголникот меѓу Грција, Бугарија и Македонија. Еве еден мал дел од семејните истории на бежанците:

> „Овде, во Струмица, имало неколку бранови на доселени Македонци: по Балканските војни, но и по 1929 и размената на население меѓу Грција и Бугарија, за време на Втората светска војна и по завршувањето на Граѓанската војна во Грција. Потоа се затвори границата.“

[9] Katarzyna Kropiak, “Comparative Analysis of the Politics of Nation – Building in Poland and Macedonia in the Post-War Period”, *Гласник*, 60/2, Скопје, 2016, 135–149.

[10] „Остинати огништа по села и градови“, Нова Македонија, Скопје, 24 април 2018. https://www.novamakedonija.com.mk/zivot/feljton/%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B8-%D0%BE%D0%B3%D0%BD%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D0%BE-%D1%81%D0%B5%D0%BB%D0%B0-%D0%B8-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8/ (проверено на: 30 април 2020).

„Во Бугарија има бежанци кога ќе почнеш од Петрич, па сè до Русе, секаде ги има. По неколку семејства. И по татко ми и по мајка ми. Моите се од Серез и од Драма, има малку од Кавала. Овде се, главно, од Серез, бежанци. Кај нас има малку бегалци од Воден, поради граѓанската војна."

„Во Струмица бежанците се, главно, од околината на Кукуш. Некои отишле прво во Бугарија, а некои се директно дојдени тука. Овде бежанците секогаш се поздравувале со зборовите: 'Кога ќе си ојме?' Сите изумреле, ама никогаш не престанале да сакаат или да мислат дека еден ден ќе се вратат дома."

„Моите предци се 'бежанци', тие се од кукушките села. Кога побегнале, прво отишле сите во Бугарија. Мојот дедо дошол овде зашто сакал да биде поблиску до родното место. Брат му не се вратил и починал во Стара Загора. Колку што знам, Грција им ја надокнадила парично загубата. Вакви случаи има многу. Има многу бежанци во Петрич, Благоевград, во Пловдив, сè до Несебар."

„Бежанците биле сиромашно и бедно население. Машките носеле големи мустаци. Власта кога сме дошле овде нè распоредувала по селата. Ние сме дошле во Градошорци. Тука сме биле три години, тука се родени и брат ми и сестра ми. Јас и постариот брат сме родени во Грција. Цел живот сме бежанци, така и нè нарекуваат."

„Во тоа време се преминувало и преку Беласица, некој преку река, кој како можел. Има во многу села населено бежанци. Требало луѓето да се спасат, ги бркале од доле. Поминувале илегално наваму, некогаш со рушвет, некогаш скришно, главно ноќе. Бегале луѓето наваму. Грците им се заканувале. Сега сме добри. Но не беше лесно."

Денес можеме да потврдиме дека мнозинството од Македонците што дошле во денешната држава Република Северна Македонија биле дел од еден бурен историски процес, кога Македонците го започнале своето прегрупирање и патешествие, барајќи ги „својата земја" и „својот народ", меѓу кој би се чувствувале како свои на своето:

„Власта веројатно сакала овие прашања да не се чепкаат многу. Да не се раскажуваат овие приказни, овие наративи. Бежанците полека да се интегрираат и да станат дел од државата. Немало каде да се оди повеќе!"

При изработката на овој труд, за собирање на емпириски податоци се користеше и полуструктурирано интервју за неколку семејствата од Битола, како мали студии на случај, при што беа интервјуирани четворица испитаници чии семејства во текот на Граѓанската војна во Грција првично биле населени во Русија, Полска и во СР Србија, како и еден испитаник чие семејство било населено во СР Македонија[11]. Во текот на подолг временски период сите овие бегалци и нивните семејства се населуваат во Битола, но и во Скопје, Велес, Штип, Струмица и во други места. Особена е интересна Битола, како град кој е оддалечен само неколку километри од границата со Република Грција. Преку претставување на семејната историја на интервјуираните Македонци и на наративната анализа, ќе биде елаборирана поврзаноста со територијата како конститутивен елемент на етничкиот идентитет и културната поврзаност и блискост меѓу луѓето што живеат на ист географски простор. Ова, веројатно, била главна причина која влијаела врз одлуката за доселувањето во македонското општество, покрај онаа најважната – желбата повторно да се вратат во своите родни места.[12] И покрај тоа што во одговорите на повеќето прашања се јавува одредена заситеност или повторување, преовладува оригиналноста на животната приказна и на вокабуларот, како и на начинот на наведување на она што е доживеано, и тоа преку личното искуство или како сведоштво пренесено од најблиските.

Во продолжение, во овој труд ќе бидат претставени повеќе кратки сведоштва од бегалци Македонци, кои главно во XX век пребегале од Грција во Македонија. Тоа се одвивало во различни периоди и со различен интензитет. Исто така, во трудот даваме сублимирани и кратки семејни истории на пет семејства од Битола, кои за време на Граѓанската војна во Грција ги напуштиле своите родни места и се населиле од „другата страна на границата". Судбината и историјата на овие бегалци се поврзува со населувањето на територијата која е често конститутивен елемент на етничкиот идентитет. Ова било пресудно за бегалците подоцна да се населат блиску до границата со Република Грција, во градот Битола, но и во повеќе делови на државата. Повеќето од интервјуираните наведуваат дека врз ваквата одлука значајно влијание имале очекувањата на нивните родители дека за краток период ќе можат повторно да се вратат на своите родни огништа. Ваквите очекувања кај нив се задржале и по сознанието дека нивните имоти се конфискувани и експроприрани и дадени на

11 Интервјуата ги реализира Иван Блажевски од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ. Поголем дел од материјалот е собран во Битола и е даден во прилог во оригинал.

12 Од интервјуираните поединци е побарана согласност за употреба, соодветна заштита на дадените информации, односно нивно чување, обработка и интерпретација. При наративната анализа на одговорите на интервјуираните, тие се често наведени во оригинален формат и се користени како истражувачка граѓа во функција на наодите и на заклучните согледувања на самиот труд.

нови сопственици и дека се донесени законски решенија со кои им е оневозможена слободна репатријација само на Македонците по род како политички бегалци.

Според одговорите на интервјуираните лица, при изборот на тогашна НР/СР Македонија како место за привремено живеење, покрај територијалната близина, големо влијание имало и културното идентификување со населението што живеело на оваа територија. Притоа, особено ја потенцираат етничката и јазичната блискост со населението што живеело на тие подрачја, зашто за возрасните членови на семејството непознавањето на јазикот претставувало голема пречка во средините каде што првично биле населени. Токму јазичната блискост значајно го олеснила процесот на доселување и на приспособување во новата средина и помогнала во прифаќањето на интервјуираните и на нивните семејства од страна на локалното население. Тие истакнуваат дека најчесто биле добро прифатени во новата средина, без да бидат издвојувани поради местото од каде што потекнувале, што го помогнало процесот на нивното идентификување со локалното население. Но, и во оваа средина, кај родителите на интервјуираните опстојувала потребата да се потенцираат некои дистинктивни карактеристики, односно обележја карактеристични за местото од кое потекнуваат, преку кои го одржувале континуитетот со него. Притоа, кај нив опстојувала и свеста за културната припадност кон македонската етничка заедница во регионална смисла. Сето ова родителите им го пренесувале на интервјуираните, кои во тој период биле на детска возраст, со што во текот на годините кај нив се зацврстувал македонскиот национален идентитет. Локалното население ги идентификувало интервјуираните и нивните семејства како „Егејци“, што за нив не претставувало навредлив термин, односно го прифатиле и го потенцираат, нагласувајќи го на тој начин своето потекло.

Учесниците во интервјуата, генерално, не прават остра дистинкција помеѓу периодот во кој тогашна СР Македонија била во составот на СФРЈ и периодот по осамостојувањето на државата. Според одговорите на помладите наследници во овие бегалски семејства, тие немале никакви потешкотии во градењето на својот идентитет и на чувството за припадност, како процес на зацврстување на нивниот македонски национален идентитет. За разлика од нив, кај нивните родители, како и кај дел од постарите браќа и сестри, поради профилираниот „егејски“ идентитет, но, пред сè, поради надежта дека, сепак, ќе можат да се вратат во своите родни домови, значајно се продолжил процесот на интегрирање во новата средина. Понекогаш идентитетот е поддржан од историските наративи, понекогаш од структурите на општеството (култура, образование, литература), а понекогаш од доживеаните чувства и од семејните традиции:

> „По потекло, по мајка ми, сум од Егејска Македонија. По татко ми потекнуваме од брсјачкото племе. Од нашето семејство имало борци во востанието во Охридско, Ресенско, Битолско, па сè до Прилеп и Кичево.

> Сме учествувале во сите борби, па затоа ни била палена и куќата. По сите основи, од револуционерната организација до народноослободителната борба, од формирањето на македонската држава, па до денес, ние сме Македонци. Некои од моите блиски роднини учествувале во некои активности и викале: 'Ќе одиме да го ослободиме Солун.' Македонштината е, главно, со дела, а не со зборови."[13]

Во нашата македонска современа историја има имиња на големи луѓе кои се вградиле во нашето минато и во нашата сегашност, луѓе кои верувале во себе и во подобро утре, особено во време кога на овие простори имало многу војни, а Македонците живееле на работ на егзистенцијата. Понекогаш не постојат зборови со кои можат да се опишат личните судбини на многу Македонци кои во текот на XX век доживеале вистински погроми, како што пишуваше Крсте Петков Мисирков, „поради желбата на малите балкански народи кои сакале да ги прошират своите територијални граници и да асмилираат што поголем број на население, по примерот на просперитетните европски нации", процес кој во историјата би им овозможил проширување на нивната „национална" држава. Државите имаат своја траекторија и свои стратешки планови, но, за жал, луѓето и нивните семејства најчесто немаат претходно испланирана маршута. Патот ги водел до таму до каде што, според самите нив, мислеле дека можат да живеат побезбедно, со надеж за просперитет на сопственото семејство.

ПРИЛОГ: СЕМЕЈНИ ИСТОРИИ НА БЕГАЛЦИ

Историјата на неколку бегалски семејства од Битола

Прикажувањето на семејната историја на интервјуираните поединци го појаснува историскиот контекст во кој се формирале нивните ставови, како и ставовите на членовите на нивните семејства.[14] Притоа, историскиот контекст укажува на тогашните состојби во Грција и во земјите во кои престојувале семејствата на интервјуираните, со што се дава јасна претстава за влијанијата под кои се формирале и опстојувале одредени ставови и одлуки кај нив. Поаѓајќи оттука, во овој труд е даден приказ на

[13] Исказ на учесник во фокус-група во Скопје.

[14] Според Кофеј и Аткинсон, целта на наративните интервјуа е да се извлечат од интервјуираните реконструираните описи за поврзаноста меѓу настаните и за врската меѓу настаните и контекстите, а потоа со наративна анализа се откриваат формите и функциите на нарациите. Цитирано според: А. Брајман „Методи на општественото истражување", УКЛО, 2015.

семејните истории на семејството Боглеви[15], кое првично било населено во тогашен СССР, потоа на семејствата Нолеви[16] и Пачкови[17], кои првично биле населени во Полска, потоа на семејството Крстанови[18], кое било населено во тогашна СР Србија, односно во Војводина, како и на семејството Кочови[19], кое првично било населено во село Ерџелија, Општина Свети Николе. При составувањето на прашањата за интервјуто беа земени предвид и податоците од семејната историја на интервјуираните, кои ги разјаснуваат причините и условите поради кои тие, односно нивните родители,[20] донеле одлука за напуштање на своите родни места, односно одлука за населување во тогашна НР/СР Македонија. Ќе бидат прикажани историите на пет семејства.

Семејната историја на Боглеви[21]

„Татко ми Спиро Боглев бил роден 1929 година во селото Герман [Agios Gegmanos] во Грција, исто и мојата мајка Елена, која била родена 1933 година. Во 1947 година татко ми Спиро, како припадник на Демократската армија на Грција (ДАГ), под притисок и прогон од новата влада, заедно со неговиот брат Божин и сестра му Велика, како и други припадници на ДАГ, ја напуштиле Грција и пристигнале во Ташкент, тогашен СССР. Исто така, и баба ми и дедо ми ја напуштиле Грција, преминувајќи ја границата во близина на село Љубојно, Ресен, од каде се упатиле и се населиле во Битола. Во наредните години татко ми Спиро нема контакт со неговите родители и останува да живее во Ташкент. Истиот период и мајка ми Елена, заедно со друга група на припадници на ДАГ, ја напушта Грција и пристигнува во Ташкент, СССР. Истата година баба ми Марија, по загинувањето на нејзиниот татко Крстин во битка кај Грамос, заедно со браќата и сестрите на Елена ја напуштиле Грција и пристигнале во тогашна СР Чехословачка. При престојот во Ташкент, Спиро и Елена, кои се познавале претходно од селото Герман, стапиле во брак и останале да живеат во Ташкент сè до 1957 година, кога преку иницијатива на Црвен

15 Интервју со Герман Боглев од Скопје, чии родители заедно со своите семејства во 1947 година ја напуштаат Грција.

16 Интервју со Илија Нолев од Битола, кој заедно со своето семејство во 1949 година ја напушта Грција.

17 Интервју со Христијан Пачков од Битола, чии родители во 1949 година ја напуштаат Грција.

18 Интервју со Никола Крстанов од Битола, чии родители во 1946 година ја напуштиле Грција.

19 Интервју со Александра Тасевска, која заедно со своите родители во 1948 година ја напушта Грција.

20 Дел од испитаниците биле деца, додека дел не биле родени кога нивните родители ја напуштиле Грција.

21 Податоците за семејната историја на семејството Богеви се претставени од Герман Боглев, роден на 25 декември 1957 година во Битола, а денешен жител на Скопје.

крст[22], дознале дека родителите на Спиро се наоѓаат во Битола. Според она што тие ми го раскажале за Герман, оваа информација, како и територијалната близина на Битола со нивното родно место, културната поврзаност со тамошното население и идејата дека еден ден ќе можат да се вратат во нивните домови, имале пресудно влијание врз одлуката на Спиро и Елена да го напуштат Ташкент, по што во октомври 1957 година пристигнале во Битола.

Откако пристигнале во Битола, биле сместени во прифатлиште во населбата Областа, каде имало и други Македонци кои ја напуштиле Грција и конечно се вратиле овде, во СР Македонија. Од страна на локалното население биле добро прифатени, со мали исклучоци на поединци кои ги именувале како 'Егејци', потенцирајќи го нивниот статус на доселеници. Го измислиле зборот 'Егејци', како да не сме биле и ние Македонци. Дали тоа било затоа што 'тукашните' се чувствувале загрозени од нив или поради малите ресурси на државата, не биле сигурни. Но, моето семејство не го доживувало тоа како стигматизација од страна на локалното население, туку тоа го прифатиле и го потенцирале во текот на животот, истакнувајќи го на тој начин своето потекло. Во текот на години, кај членовите на нашето семејство се формирала припадност кон локалното население и иако од 1976 година живеам во Скопје, јас се идентификувам, сум нарекуван помеѓу своите пријатели и соработници како 'битолчанец'. Опстојувањето на свеста за нашето потекло, кај членовите на семејството Боглеви го условува процесот на формирање на сегрегиран идентитет. Ние најчесто го потецира местото на нашето потекло, односно се идентификуваме како 'Македонци од егејскиот дел на Македонија', но истовремено се идентификуваме и како државјани на Македонија. Ваквото идентификување не го оневозможи идентификувањето со населението и земјата во која живеевме, односно кај нас се формираше и се разви

[22] Иницијативата потекнува уште од Третото заседание на Генералното собрание на Обединетите нации, кое е одржано во Париз на 27 ноември 1948 година и на кое е донесена резолуцијата за репатријација на грчките деца, при што генералниот секретар побарал од Меѓународниот комитет на Црвениот крст и од Лигата на друштвото на Црвениот крст и на црвената полумесечина да организираат и да остварат врска со националните организации на Црвениот крст на заинтересираните земји и да ги овластат националните организации на Црвениот крст да ги преземат потребните мерки во заинтересираните земји за извршување на оваа препорака, „Месечен извештај на Лигата за декември 1948", 17. Конференција на Меѓународниот црвен крст, Стокхолм, август 1948, https://www.loc.gov/rr/frd/Military_Law/pdf/RC_XVIIth-RC-Conference.pdf, 64.

чувство на национална припадност како државјани на земјата во која живеевме. И кога беше Југославија, секојпат прво бев Македонец од Битола, па после Југословен. Секојпат сум 'кажвал' јас сум Герман од Битола, од Македонија, која е во Југославија. Моите родители ја сакаа Југославија оти ги прими од туѓина. Ама и кога се осамостои Македонија, уште гаеја надеж дека еден ден ќе се вратат во Грција, односно во родното место. Кај нив, за сето време, опстојуваше свеста за нивното потекло, коешто потоа, со пренесувањето на семејната историја, беше нагласувано и кај нас, нивните наследници. Еве, прашајте го Никола, син ми, тој е роден во Скопје. Никола е скопјанец, ама вика: 'Јас сум Егеец, а татко ми е битолчанец.'"

Семејната историја на Нолеви[23]

„Татко ми Живко и мајка ми Василка биле од истото село, Дреновини, Костурско. Имав брат Лефтер роден пред мене, во 1940 година. Во 1945 година Живко, поради тешките економски услови, заедно со други жители од селото, оди во Скопје, каде што работи во градежна фирма. Во тоа време мајка ми Василка е активен член на Народноослободителниот фронт (НОФ), Комунистичката партија на Грција (КПГ), а учествува и како припадник на Демократската армија на Грција (ДАГ). Во 1949 година јас заедно со брат ми Лефтер, во организирана група од страна на членови на КПГ, бевме евакуирани од Грција, при што ја преминавме грчко-југословенската граница во близина на село Љубојно и се упативме кон Битола, од каде со воз бевме испратени во Унгарија. По пристигнувањето во Унгарија, бевме сместени во дом на оддалеченост на околу 40 километри од Будимпешта. Во текот на наредните години брат ми Илија беше преместен во друг дом, каде остана сè до 1953 година. Во истиот тој период татко ми Живко, заедно со поголема група на работници, со одлука на тогашните претставници на власта во РС Македонија биле принудно вратени во Грција. Татко ми се вратил во село Дреновини, каде што ја затекнал и Василка и се приклучува кон ДАГ. Но, само по дваесетина дена од неговото враќање, при судир со тогашната армија на Привремената влада во Атина, Живко загинува. Набрзо потоа мајка ми Василка, заедно со дел од соборците од ДАГ, со рибарски брод заминале за Полска, каде се прифатени и се населиле

[23] Сегментите од животната историја на семејството Нолеви се претставени од Илија Нолев, роден на 15 октомври 1944 година во село Дреновини, Костурско, Грција.

во градот Легница. Во наредните години мајка ми Василка преку Црвениот крст се обидела да нѐ пронајде мене и Лефтер, по што во 1953 година успева да воспостави контакт. Ние со брат ми отидовме во Полска, каде што само неколку дена по пристигнувањето, брат ми Лефтер, поради нарушената здравствена состојба, починува. По ова, во периодот од 1953 до 1957 година останавме да живееме во Полска. Мајка ми Василка заснова втор брак, во кој се раѓа и брат ми Васко. Василка воспоставила контакт со една од нејзините сестри, која од 1933 година живеела во село Добромири, Битолско, и таа ѝ помогнала во обезбдување на документација за населување во Битола. Покрај ова, според мене, главна причина за населувањето во СР Македонија, односно Битола, беше блискоста со населението кое тука живееше. Во Полска, и покрај тоа што имавме добри услови за живот и бевме добро прифатени од локалните жители, сепак кај нас не се разви чуствуво на припадност кон таа земја. Се осеќавме како туѓинци во Полска, а и мајка ми сакаше да се биди поблиску до местото каде што била родена. Дека ќе биде поблиску до родното место, ја зацврстило одлуката семејството да се насели во Битола.

По пристигнувањето во Битола, кратко време живеевме во т.н. 'Дебарски ан', а потоа се населивме во населбата Областа, каде што имаше станови изградени од државата за Македонците кои ја напуштиле Грција. Во текот на наредните години, од страна на локалното население, односно од моите соученици, бевме прифатени и препознати како Македонции, не бевме издвојувани поради нашето потекло. Немаше никаква дискриминација, не постоеше таква работа, немаше издвојување, бевме добро прифатени. Полека, кај нас се формираше чувство за припадност кон народот и земјата во која останавме да живееме. Особено кај мене и кај мојот помал брат. Истовремено, називот 'Егејци' не го доживувавме како навреда, ниту го прикривавме нашето потекло. Можам да речам дека го чувствувам како гордост дека потекнувам од централниот дел на Македонија. Не му обраќав големо внимание јас на тоа дали нѐ викаат 'Егејци' или друго. Знаев дека сме Македонци по потекло, и тоа ми беше најважно од сѐ. И во подоцнежните години од мојот живот, од страна на локалните жители, од колегите на работното место и слично, не сум се чувствувал издвоено. Никогаш не ми било пречка тоа што сум од таму доле, од Костурско. Ние бевме Македонци кои припаѓавме од тој дел на Грција. За сето ова време, кај

мене опстојуваше свеста за нашето потекло, но тоа не го попречи процесот на формирање на чувството за националната припадност. Секогаш знаевме кои сме и што сме.“

Семејната историја на Пачкови[24]

„Татко ми Наум и мајка ми Цвета беа од Костур. Татко ми Наум, како припадник на ДАГ, во текот на воените дејствија во 1949 година кај Костур бил ранет, при што му биле нанесени тешки повреди од кои се стекнал со целосен инвалидитет. Тогаш, со помош на други соборци, успеал да ја напушти Грција и пристигнал во Унгарија. Во истиот тој период и мајка ми Цвета, заедно со други жители од Костур, заминала од Грција и пристигнала во Полска. Во периодот од 1949 до 1951 година татко ми Наум и мајка ми Цвета успеваат да воспостават контакт, по што Наум ја напуштил Унгарија и отишол во Полска. Таму првично живееле во Олшина, каде на 18. март 1953 година е родена сестра ми Лена, а подоцна се преселуваат во Легница, каде што сум роден и јас на 13 јули 1955 година. Според она што моите родители ми го пренеле, и покрај тоа што условите за живот во Полска им биле добро организирани, во 1958 година тие одлучиле да се населат во Битола. Главната причина за ова била близината со родното место, односно надежта дека во иднина ќе можат да се вратат назад таму каде што се родени. Мислам дека одлучувачки фактор било и чувството на блискост со населението кое живее во Битола, особено заедничкиот јазик.

По пристигнувањето во Битола, првично се сместиле кај нивни роднини од Костур, кои биле претходно населени, а набрзо потоа, поради инвалидитетот на татко ми Наум, им бил доделен државен стан. Во првите години семејството Пачкови, особено јас, именувањето ’Егејци‘ го чувствував како навреда, односно причина за наше издвојување од локалните жители. Ваквото чувство се појави кај мене во раните детски години, но подоцна истакнувањето на моето потекло не го доживував како навреда Почнав уште повеќе да ја потенцирам семејната историја. И покрај некоректниот однос на одредени поединци, во моето семејство ние се идентификувавме како Македонци. Кај нас имаше и се формираше чувство на припадност кон земјата во која веќе живеевме. Во текот на годините во кои живеевме во тогашна СР Македонија, а

[24] Приказот на семејната историја на семејството Пачкови е даден од страна на Христијан Пачко, роден на 13 јули 1955 година во Легница, Полска.

и по осамостојувањето, кај нас се формираше чувство за национална припадност кон државата. Сепак, кај нас опстојуваше и потребата за одржување на континуитетот со нашето оргинално потекло, при што семејната историја беше пренесувано на нас и на нашите деца.“

Семејната историја на Крстанови[25]

„Јас сум роден после Граѓанската војна во Грција и бев на многу мала возраст за време на настаните од времето на Граѓанската војна. Татко ми Благој бил роден во 1913 година во село Горно Врбени [Xino Nero], каде била родена и мајка ми Љубица во 1922 година, при што во време на отпочнувањето на Граѓанската војна тие биле во брак, од кој во 1945 година бил роден нивниот син Трифун. Татко ми Благој бил припадник на ДАГ и во текот на 1946 година, во борбите со тогашната армија на Привремената влада во Атина, бил ранет. По ова, заедно со Љубица, помогнати од страна на членови на КПГ, ја напуштиле Грција, при што ја преминале грчко-југословенската граница во близина на село Мецитлија и се упатиле кон Битола. Од Битола со воз биле испратени во тогашна АП Војводина, која била во рамките на НР Србија. Откако пристигнале во Војводина, биле населени во Крушевље, каде во 1949 година се родил нивниот втор син, брат ми Васил. Во наредните години, моето семејство, Крстанови, останува да живее во Крушевље, каде имало организирано добри услови за живот, работа и образование на децата. Но, со завршувањето на Граѓанската војна, кај Благој и Љубица пораснала надежта дека ќе можат да се вратат во нивното родно место. Според она што тие, моите родители Благој и Љубица, ми го пренеле мене, ваквата надеж, како и чувството на припадност кон македонскиот народ и територијалната близина со нивното родно место, имале клучна улога врз нивната одлука во 1953 година да ја напуштат Војводина и да се населат во Битола.

Семејството Крстанови немало роднини во Битола и по пристигнувањето биле прифатени и населени во населбата Областа, каде што имало колективни домови за Македонци кои ја напуштиле Грција. Подоцна, многу од семејствата се преселиле во новоизградени станови. Јас сум роден во Битола и само за ова се сеќавам. Другото е само од прераскажување. Во новата средина, моите родители, како што паметам од нивните зборови,

[25] Податоците за семејната историја на ова семејство се претставени од Никола Крстанов, роден на 2 јуни 1955 година во Битола.

биле добро прифатени од страна на локалните жители. Јас и моите браќа не бевме издвојувани од другите деца поради нашето потекло, немавме никакви посебни проблеми. Ова придонесе во понатамошните години кај нас да се формира чувство на припадност како кон локалната заедница така и кон државата во која живеевме. Именувањето како 'Егејци' од страна на локалното население не го доживувавме како навреда, ниту пак се чувствувавме издвоено од заедницата. И покрај непроменетите политички околности за враќање во нашето родно место, што беше желба на моите родители, кај нас опстојуваше свеста за нашето потекло, што придонесе за формирање на сегрегиран идентитет. Но според мене, тоа не го оневозможи формирањето на чувство за припадност кон народот и земјата во која живеевме, чувство на македонска национална припадност."

Семејната историја на Кочови[26]

„Нашето семејство веќе било населено во СР Македонија, но сепак се населивме во место кое е во близина на грчката граница, односно во близина на нашето родно место. Ние сме по потекло од село Пожарско [Loutraki], Грција. Од ова место потекнуваа и мојата мајка Мина, која била родена во 1911 година, и мојот татко Крсте, кој бил роден во 1910 година. Тие, Крсте и Мина, имаа уште четири деца – Стојна, која починала како дете, брат ми Никола, роден 1936 година, брат ми Митре, роден 1939 година, потоа јас во 1944 година и сестра ми Марија, родена 1948 година. Од 1939 година татко ми Крсте бил мобилизиран во грчката армија и учествувал и во одбранбените дејствија од нападите на италијанската, а подоцна и бугарската и германската војска. По завршувањето на Втората светска војна, Крсте не се приклучил во Народноослободителниот фронт (НОФ), ниту подоцна во ДАГ, како ни останатите членови од неговото пошироко семејство. Но, братот на мајка ми Мина, Ѓорги Анциев, роден 1916 година, бил член на ДАГ и учествувал во вооружените борби со армијата на Привремената влада во Атина. Исто така, и случувањата во текот на Граѓанската војна во тој регион ги поттикнале татко ми Крсте и мајка ми Мина во 1948 година, заедно со други жители на Пожарско, да ја напуштат Грција. Во тоа време нашето семејство Кочови ја преминало грчко-југословенската граница во реонот на планината Нице, од каде пристигнале во Неготино. Во Неготино, семејството било сместено во заеднички куќи, кои биле обезбедени од страна на тогашните власти

[26] Приказот на семејната историја на семејството Кочови е даден од страна на Александра Кочова, родена на 20 јули 1944 година во село Пожарско (денешен назив Лутраки), Грција.

> во СР Македонија. Тука останале неколку месеци. Во текот на 1949 година, заедно со други семејства, биле преселени во село Ерџелија, Свети Николе, каде биле обезбедени куќи за нивно сместување. Тука од страна на тогашните власти имало организирано добри услови за живот, при што татко ми Крсте работел како градежен работник, а за децата имало организирано престој во градинки, односно настава во училиштата. Но, сепак, условите за живот биле доста тешки, особено поради тоа што семејството немало доволно финансиски средства, а според нивни кажувања, и од страна на месното населние, особено децата, не биле добро прифатени. Притоа, покрај издвојувањето поради нивното потекло, се чувствувале изолирани и поради нивната тешка економска состојба, за што често биле и навредувани и исмевани од децата и возрасните жители на село Ерџелија."

Ваквите услови, како и надежта за враќање во родното место, според Александра, имале пресудна улога во одлуката на Крсто и Мина во 1956 година да се преселат во Битола.

> Пресудно влијание за изборот на Битола имала територијалната близина со нивното родно место, како и тоа што Ѓорги, братот на мајка ми Мина, таму поседувал куќа. Кога пристигнале во Битола, кратко време престојувале во куќата на вујко ми Ѓорги, по што од страна на локалните власти им била дадена куќа во населба која била наменета за Македонците кои ја напуштиле Грција. Тука биле добро прифатени од страна на локалното население и кај истите во текот на наредните години се формирало чувство на припадност кон локалната заедница. Моите родители, татко ми Крсте и мајка ми Мина, одржувале комуникација со нивните роднини, кои останале да живеат во Грција, и кај истите опстојувала надежта дека ќе се вратат во нивното родно место."

Но, по донесувањето на разните законски решенија од страна на грчката влада[27] , тие согледале дека нема услови за враќање во Пожарско. Во овој период, според

[27] http://manu.edu.mk/wp-content/uploads/2017/10/%D0%9C%D0%90%D0%9A%D0%95%D0%94%D0%9E%D0%9D%D0%98%D0%88%D0%90-%D0%98-%D0%9E%D0%94%D0%9D%D0%9E%D0%A1%D0%98%D0%A2%D0%95-%D0%A1%D0%9E-%D0%93%D0%A0%D0%A6%D0%98%D0%88%D0%90.pdf
„На 20 јануари 1948 година грчката влада го донесе декретот 'М' врз основа на кој се конфискува имотот на секој кој учествувал во Граѓанската војна на страната на Комунистичката партија на Грција и НОФ, што ги помагал наведените организации и кому му било одземено грчкото државјанство. Исто така, во дополна на овој декрет, на 2 април 1948 година донесен е декретот 'Н' според кој биле лишени од наследство сите оние кои учествувале или ја помагале

Александра, таа и нејзините браќа и сестра биле добро прифатени од страна на децата и на локалните жители, со што кај нив се формирало чувство на припадност кон локалната заедница, а во понатамошните години и припадност кон земјата во која живеела.

„Сеќавањата од детството, како и разговорите во рамките на семејството, ја одржуваа свеста за нашето потекло, што придонесе за формирање на сегрегиран идентитет кај нас. Ова беше надополнето со именувањето како 'Егејци' од страна на локалното население, но тоа не го чувствувавме како навреда. Напротив, од моја страна, како и од страна на останатите членови на моето семејство, често се користеше овој назив, потенцирајќи го на тој начин нашето потекло. Сето ова кај нас не претставуваше пречка за идентификување со населението и земјата во која останавме да живееме, при што кај нас се формираше чувство за национална припадност, како државјани на земјата во која веќе живеевме."

Граѓанската војна... По завршувањето на Граѓанската војна проблемот на конфискуваните имоти многу се заостри. Во врска со тоа беа донесени повеќе закони и други законски прописи... На 20 декември 1982 година ПАСОК го донесе Законот за слободна репатријација на политичките бегалци од Грција, 'Грци по род', со кој Македонците (како не-Грци по род) ги лиши од можноста да се вратат во земјата во која се родиле." Преземено од: „Македонија и односите со Грција", МАНУ, Скопје, 1993, 83–84.

Гласник, 64/2, 2020, стр. 125–129 ПРИКАЗИ

UDK 78:791[323.273(495.6)"1946/1949"(049.3)

МУЗИКАТА ВО МАКЕДОНСКИОТ ИГРАН ФИЛМ *ЦРВЕНИОТ КОЊ*

Голем дел од остварувањата на македонската кинематографија својата тематика ја црпат од историските случувања, обработувајќи, притоа, значајни ликови и настани од македонската историја. Така, меѓу другите, на филмското платно, во едно од знаменитите играни филмски дела, *Црвениот коњ* (1981), мошне успешно се претставени и бурните и потресни судбини на Македонците од Егејска Македонија во периодот по Граѓанската војна во Грција.

Но, покрај тоа што филмот *Црвениот коњ*, како прв филм на режисерот Столе Попов, длабоко навлегува во историјата, тој истовремено следи и една убава и дотогаш потврдена традиција на македонската играна кинематографија, а тоа е поврзувањето со современата македонска литературна продукција, пренесувајќи го на филмското платно истоимениот роман на познатиот македонски прозаист Ташко Георгиевски.

Реализацијата на ова кинематографско дело на своевиден начин се надоврзува на реализирањето, десетина години порано, на еден од најуспешните македонски играни филмови – *Црно семе* на режисерот Кирил Ценевски, исто така работен според книжевното дело на Т. Георгиевски. Нивната поврзаност е токму историскиот контекст, односно обработката на трагичната и тегобна историја на македонскиот народ од егејските простори, при што историскиот мотив е суштинскиот елемент кој и во двата филма има функција на една реална вертикала во драмското дејство, пред сè, но и не единствено, во имплицитна смисла.

Исто како и во *Црно семе*, Т. Георгиевски и овој пат се јавува како автор на сценариото (негов соработник е режисерот С. Попов), поставувајќи ја основната фабула на филмот на ист начин како и во романот, нормално, соодветно адаптирајќи ја на естетските норми на филмскиот медиум. Во тој контекст, Мими Ѓоргоска-Илиевска во својата книга *Книжевноста во дијалог со филмот: интермедијални односи меѓу македонската книжевност и филм* вели: „При адаптација на романот 'Црвениот коњ' во истоимениот филм авторите како да ја почувствувале потребата да го следат ро-

* Интернационален универзитет „Европа Прима“, редовен професор, е-адреса: aleksandar23mk@yahoo.com.

манот на ниво на епско дело и да создадат драмска структура потребна за создавање на уметничко дело – филм. Ваквиот заклучок произлегува од можноста дејството да се подели на три дела: првиот, талкањето на војниците, вториот, нивното пристигнување и животот во Ташкент; и третиот, враќањето на Борис Тушев во родното село и животот во него. Со таквата постапка на создавање на три основни составни фабуларни целини филмот се ослободува од секоја непотребна наративност присутна во романот, при што авторите внимаваат да го одржат единството на дејството и на драмската структура."[1]

Така, опишувајќи ги последите денови од Граѓанската војна во Грција, поразот и прогонството на припадниците на Демократската армија на Грција, како и годините по војната, филмската слика визуелно ги испишува претходно прозно испишаните непрегледни патишта коишто ги изодуваат (литературните и филмските) јунаци од падините на Грамос, преку брегот на Албанија, сè до далечните Узбекистан, Ташкент, Кавказ и Москва, а потоа, по истите траги, назад сè до селото Кронцелово, како исходиште и цел на една несакана одисеја.

Од самиот почеток на дејството, низ целиот филм е присутна тенденцијата кон постојана визуелна трансформација на дадените романескни ситуации, со што врската филм – литература добива суштински нов естетски однос.

За што поуспешно обликување на филмското дело, режисерот С. Попов посегнува по повеќе изразни средства, меѓу кои и музиката, како мошне силен и изразит елемент. Токму музиката, потпишана од композиторот Љупчо Константинов, кому создавањето на музичката подлошка за овој филм му е прво искуство во областа на играниот филм, претставува предмет на истражување на овој текст, во чии рамки ќе биде направен осврт на нејзината употреба во филмот, при што ќе бидат опфатени повеќе параметри (потекло на музичкиот материјал, иманентна музика, вид на изведувачки состав, функција и стилистика), кои ќе овозможат создавање на една јасна слика за тоа на кој начин музиката влијае врз градењето на филмската приказна.

Потекло на музичкиот материјал

Најголемиот дел од музичкиот материјал со кој е опремен филмот *Црвениот коњ* претставува оригинална творба на композиторот Љ. Константинов, кој за својот прв игран филм создава музика во која преовладуваат мелодиски линии со носталгичен карактер, потпирајќи се на една суптилна обработка на фолклорен мотив, со што и ја започнува музичката поддршка на филмот воопшто. Имено, главната, ударната тема е работена врз мотивот на народната „Трба трби Гевгелија" (иако нема тесна поврзаност помеѓу тематиката на песната и тематиката на филмот, логично е да се

[1] Мими Ѓоргоска-Илиевска, *Книжевноста во дијалог со филмот: интермедијални односи меѓу македонската книжевност и филм*, Скопје, 2005, 94.

претпостави дека таа е избрана поради локацијата што ги поврзува – Егејска Македонија, која е центар на случувањето на филмската приказна, а воедно и роден крај на јунакот од песната, Леонид).

Покрај оригиналната музика на Љ. Константинов, режисерот С. Попов за реално сликање на филмското дејство во повеќе наврати посега по музички цитати, чие потекло е различно. Така, филмот содржи цитати од македонскиот музички фолклор, музички цитати со духовен карактер, како и цитати од нумери од европската и од светската музичка литература. Секој од нив е инкорпориран во филмската приказна, како нејзин составен дел, чинејќи ја визуелизацијата на дејството поприродна и поочигледна. Од ризницата на македонското народно творештво, мошне впечатлива е употребата на песната „Калино, моме убаво", со која е илустрирана сцената со оризовата сеидба во Ташкент, а искористена е и популарната „Елено, ќерко", додека духовната музика е застапена со цитатите од православната („Кирие елеисон") и од муслиманската духовна музика (пеење на оца). Во согласност со тематиката на филмот, режисерот С.Попов употребува и повеќе грчки и руски песни.

Иманентна музика

Посочените цитати, во рамките на филмското дејство се инкорпорирани во форма на иманентна музика („Музика која има свој видлив извор во сликата на кадарот, синхронизирана е со сликата или само моментално во неа не се гледа, но реално е блиску до местото на дејството и е нејзин логичен елемент. Произлегува од самото дејство и има функција на емоционална подготовка на гледачите и предизвикување непосредни драмски ефекти.").[2] Всушност, филмот содржи 15 такви сцени и првото појавување на музиката е токму како иманентна, додека една од највпечатливите сцени е онаа на бродот, кога песната е употребена како средство за конфронтација помеѓу довчерашните соборци, Македонците и Грците, кои истовремено пеат, секој на својот јазик, изразувајќи го на тој начин ривалитетот.

Според кажувањата на режисерот С. Попов, иманентната музика претставува еден од битните елементи во процесот на создавање на филмовите и тој како режисер ѝ посветува големо внимание, како при осмислувањето на нејзиното извирање во рамките на филмската сцена така и во поглед на содржинската компонента („Тој процес на инцидентна музика е застапен во сите мои филмови, уште од првиот, *Црвениот коњ*, каде што многу внимателно ги бирав сите музички нумери. И тука, ништо не е случајно, бидејќи таа музика уште претходно е вклопена во самите сцени... Тоа е музика која јас ја слушам уште пред филмот и гледам да ја направам составен дел од самата сцена, односно да има

2 Marko Babac, *Jezik montaze pokretnih slika*, Beograd/Novi Sad, 2000, 358.

природен извор во сцената. Така, не случајно во *Црвениот коњ* прикажувам џубокс од кој се пушта музика. Не, напротив... Сѐ е темелно обмислено и обработено...“).[3]

Презентација на музичкиот материјал преку изведувачкиот состав

Што се однесува до начинот на кој е презентиран музичкиот материјал во филмот, може да се подвлече дека во филмот *Црвениот коњ* доминира инструменталната музика. Користејќи ги капацитетите на инструментариумот на симфонискиот оркестар, Љ. Константинов ги пишува партитурите за гудачи, лимени и дрвени дувачи (од чии редови издвојува и солистички делници – фагот, англиски рог, кларинет и труба) и за харфа (која, исто така, ја издвојува и солистички, давајќи ѝ со тоа одредена колоритност на целата музичка поддршка).

Во однос на вокалната музика, впечатлива е нејзината употреба во погоре посочената илустративна сцена, каде што машки вокал ја изведува народната „Калино, моме убаво“.

Како дел од самото филмско дејство (иманентна музика) е употребена и вокално-инструменталната музика, особено во сцените каде што се прикажани неформални дружења (преку машки вокали во придружба на гитара, женски вокал со гитара, но и соло вокали (особено машки и женски) во придружба на бенд.

Функција на музиката

Тргнувајќи од фактот дека еден од најглавните критериуми за вреднување на музиката во еден филм е нејзината успешност во поддржувањето на другите елементи на филмското ткиво, односно прашањето дали и колку е таа функционална, треба да се подвлече дека она што може да се издвои за музиката во *Црвениот коњ* е дека таа сосема адекватно го следи драматуршкиот тек и сугестивно влијае на пренесувањето на емоциите врз гледачите. Покрај тоа, благодарение на употребените цитати, го потполнува реалистичниот приказ на филмските сцени, влијаејќи врз локациското врамување на дејството (руските песни во Ташкент, грчките во Егејска Македонија и сл.).

Стилистика

Изразувајќи го сето она за што стана збор претходно, Љ. Константинов говори во согласност со современите светски трендови за компонирање филмска музика, успешно приспособувајќи се на филмските приказни. Така, може да се забележи дека неговиот првенец *Црвениот коњ* го карактеризира ефектно пронајдениот и оркестриран фолклорен лајт-мотив со нагласено носталгично тонска атмосфера.[4]

---

3 Александар Трајковски, *Интервју со режисерот Столе Попов*, Скопје, 2016 (во ракопис).

4 Мирослав Чепинчиќ, *Македонскиот игран филм*, кн. втора. Скопје, 1999, 168.

Заклучок

Играниот филм *Црвениот коњ* на режисерот С. Попов претставува значајно дело на македонската кинематографија, кое во својата суштина ги обединува македонската историја и литература. Работен според истоименото литературно дело на Т. Георгиевски, а обработувајќи ја историската сага на Македонците од Егејска Македонија, филмот визуелно претставува една комплексна и полифоно градена структура на случувања и ликови. Едно од изразните средства со кои режисерот се служи за поуспешно обликување на филмското дело е музиката, која како мошне силен и изразит елемент, заснована на оригинален музички материјал (авторско дело на Љ. Константинов), во голема мера инспириран од македонското фолклорно творештво, го следи драматуршкиот тек и сугестивно влијае на пренесувањето на емоциите врз гледачите, истовремено, благодарение на употребените цитати, потполнувајќи го реалистичниот приказ на филмските сцени.

Александар Трајковски